**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - СКОПЈЕ**
**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**
**ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА**

Магистерски труд

# Историскиот развој на установите од областа на културата (1991-2011 година)

Ментор:
Проф.д-р Виолета Ачкоска

Кандидат:
Весна Илиевска

Скопје, 2012

## СОДРЖИНА


**Вовед** 3

**Културата и нејзината улога во развојот на современата македонска држава** 7
- Поимот култура 7
- Историскиот развој на културата во Македонија 10
- Улогата на културата во развојот на државата (Односот на државата кон културата) 16

**Историски приказ на институционалното остварување на културата 1945-1991 година** 19
- Правна регулатива за културата (1945- 1991) 19
- Мрежа на установи (хронолошки и типолошки) 27

**Историски приказ на институционалното остварување на културата во периодот 1991-2003 година** 42
- Новиот Устав на РМ (1991) и влијанието на културата 42
- Законска регулатива за културата согласно со Уставот на РМ 44
- Поставеноста на установите од областа на културата во новите општествени околности 46

**Трансформација на установите од областа на културата (2003-2005)** 52
- Утврдување на мрежата на национални установи 52
- Децентрализација на културата 57
- Национална програма за културата за периодот 2004-2008 62
- Нормативно дорегулирање на културата 65

**Остварување на културата во периодот 2004 -2011** 67
- Национални установи од областа на културата 67
- Вработени во националните установи 88
- Инфраструктура во културата 89

**Влијанието на националните установите врз севкупното остварување на културата и насоките за идниот развој на установите** 90
- Промените во културата и нивното влијание врз установите од областа на културата 90
- Предефинирање на мрежата на националните установи 99

**Заклучок** 110

**Користена литература при изработка на трудот** 113

## ВОВЕД

„Културата е клучот на човековиот развој. Таа даде смисла на човековото постоење и обезбеди соодветна рамка за самоизразување. Активното учество на поединци во културниот живот беше од витално значење за културните вредности да опстојуваат со текот на времето. Учеството во културата ја засили и ја мултиплицира социјалната кохезија[1].

Практично, темелникот на современиот третман на културата е признавањето на „правото на култура" во Универзалната декларација за човековите права на Обединетите нации од 1948 год. во која се утврди дека: "*Секој има право слободно да учествува во културниот живот на заедницата*". Властите одговорни за тие заедници се должни да му обезбедат на поединецот средства и начини за таквото учество во културниот живот .

И во актите на Советот на Европа е утврдено дека правото да се учествува во културниот живот е клучно право во системот на човековите права. Лицата кои се лишени од ова право ја губат можноста одговорно да ги остваруваат и другите права, поради недостаток на свесност за исполнетост на својот идентитет. Пристапот до уметноста и до слободното уметничко и културно изразување, придонесува кон развојот на критичкото размислување, кон подобро меѓусебно разбирање и взаемно почитување.

Тоа придонесува кон зајакнување на демократското општество и кон социјалната кохезија и е услов за „хармонија на зедничо живеење и мир меѓу народите".

Несомнено дека културата е битен општествен феномен, кој претставува збир од материјални и духовни вредности, влијанија на традиционалните рамки, но и на современите промени во едно општество, преку што може да се следат и најзначајните форми на влијанија на поединецот и на групата.

Културата како систем на културно уметничко создавање и заштита на културното наследство е лоцирана и се остварува во конкретни општествени рамки. Таа никогаш не е изолиран сегмент во општеството кој што функционира според сопствени законитости, туку е составен дел од

---

[1] И. Бокова, Генерален директор на УНЕСКО, Стразбур, Јануари 2012

вкупните развојни процеси во сите домени на човековиот живот и оштествените активности.

При тоа процесот на ширење и усвојување на културата може да биде спонтан или организиран. Во сите развиени култури се покажало дека општеството мора да востанови посебни институционални форми во кои се одвиваат интеркултурните процеси, почнувајќи од училиштата како први установи на просветно и културно живеење, потоа институциите во кои се чуваат културни добра, како и установите за подготвување и јавно изведување на сценски и музички дела.

Јавните установи како сегмент на јавните служби се категории кои се наоѓаат во постојано движење и развој. Научниот, а пред се практичниот интерес за установите е во центарот на вниманието уште одамна. Имено, поранешниот теоретски концепт за улогата на државата се променил и таа повеќе не се сфаќа како власт. Поаѓајќи од концептот за социјална функција на државата и управата, се смета дека вршењето на управните активности пред се подразбира вршење на јавни служби, како активности со кои се создаваат и обезбедуваат услови неопходни за граѓаните и кои придонесуваат за општ развој и напредок на општеството како целина. Всушност станува збор за неавторитативните активности на државата преку кои таа ги задоволува интересите на сите граѓани и без кои многу тешко или воопшто не би можела да опстане општествената заедница.[2]

Јавните служби се дејности што ги врши државата заради задоволување на определени потреби на граѓаните (образование, наука, култура, здравствена заштита, социјална заштита). Принципите кои ја карактеризраат јавната служба се принцип на континуитет, принцип на еднаквост, принцип на адаптација и принцип на немеркантилност.

Поаѓајќи од теоретските сфаќање за јавните установи и особено од француската правна теорија за поимот јавна установа во класична смисла, може да се заклучи дека јавните установи се формален, организационен облик на јавни служби кои вршат определени јавни услуги од општ интерес заради задоволување на определни потреби на граѓаните и кои поради тоа

[2] Малетиќ А.И. Реформа на јавните установи во Република Македонија во согласност со Европската правна рамка, Зборник од научната расправа оддржана во Скопје на 18.12.2008 година, МАНУ,Скопје, 2009 година стр.257

имаат посебен правен режим. Тие имаат статус на правно лице и на нив се применуваат прописите на јавното право. Во оваа категорија на установи спаѓаат и установите од областа на културата.

Во рамките на правото на Европската Унија не можеме да зборуваме за унификацијата на правилата за јавните служби или уште помалку на општите правила во поглед на организационите форми за вршење на овие служби. Во Унијата за оваа област има определување дека правилата за јавните служби на земјите членки се хармонизираат, а не се унифицираат.

Државата го манифестира односот спрема културата низ разни инструменти и на повеќе нивоа, чие димензионирање и пропорционирање зависи од: развојот на свеста за значењето на културата, потоа од степенот на развојот на самата култура, од материјалните можности, расположивите потенцијали и целите што сакаат да се постигнат.

Установите од областа на културата ја обединуваат и унапредуваат работата во сите сфери на културниот и уметничкиот живот. Основна карактеристика на институционалното организирање на ниво на држава произлегува од фактот што на ова ниво се формираат најзначјните клетки на културното живеење.

Македонија во своето постоење создала импозантна мрежа на установи кои долго време биле и основниот столб на македонската култура. Тие со своето повеќе децениско постоење дале особен придонес во создавањето и развојот на формите на креативниот израз и стил во уметноста и придонеле за препознавање и признавање на културниот идентитет и интегритет на Република Македонија.

Во правниот систем на Република Македонија, почнувајќи од 1991 година, установите се нормирани со Уставот на РМ од 1991 година, („учеството во управувањето и одлучувањето во јавните установи и служби се уредува со закон врз принципите на стручност и компетентност“), како и со Законот за установите.[3]

Оригиналниот модел на институции од оваа област треба да е резултат на примена на научни сознанија и методи на нивното проектирање за да се

---

[3] Службен весник на РМ бр. 32/05 и 120/05

дојде до решенија кои ќе бидат иманентни на природата на уметничкото и културното создавање.

За потребите на изработката на овој труд направено е емпириско и структурно истражување на институционалното остварување на културата во Република Македонија во периодот од 1991 до 2011 година.

Во овој труд установите од областа на културата се третирани на неколку релации на различни рамништа, и тоа:

1) теориското рамниште (теориски согледувања за организирањето на установите од областа на културата во европски рамки),
2) емпириското рамниште (анализа на расположливата документација и архива за реалните состојби во изминатите 20 години) и
3) практичното рамниште (истражување на состојбите за установите во документацијата со која располага Министерството за култура).

Истражувањата претежно се реализирани преку историскиот и компаративниот метод. Исто така се применети и аналитичкиот, логичкиот, статистичкиот и интердисциплинарниот метод.

Генерално оваа проблематика во Република Македонија е многу малку комплексно третирана и постојат релативно мал број на документи, заради што најголем дел од податоците се добиени од архивата на Министерството за култура и архивите на установите.

Ова истражување е особено значајно и неговите резултати ќе придонесат во согледувањата на повеќе аспекти од културниот живот, а особено подлабоко ќе влијае врз идното конципирање и организирање на институционалното остварување на културата.

# 1. Културата и нејзината улога во развојот на современата македонска држава

**<u>Поимот култура</u>**

За културата велат дека постојат толку дефиниции колку што има и теоретичари кои се занимаваат со проблемите на културата и со дефинирањето на овој поим.

Поимот „култура“ потекнува од латинскиот збор „cultura”, кој во своето првобитно значење се однесува на култивирање или одгледување на посеви и на животни, но во 16 век значењето на овој збор започнува да се пренесува и на процесот на развојот на човекот, поточно на култивирањето на духот.

Во една од одредниците за поимот „култура“ стои дека таа е сложена целина која ги опфаќа: знаењето, верувањето, уметноста, моралот, правото, обичаите и сето она што го стекнал човекот како член на општеството. Или, пак, дека таа е сето она – духовно и материјално, поради што „човекот живее во историјата“, за разлика од животните кои „живеат во сегашноста“.[4]

Мнозина филозофи, социолози и антрополози потеклото на уметноста и културата го изведуваат од играта.

„Преку мислењата дека играта се наоѓа во темелите на човековата култура, оти играта ја претставува суштината на уметноста, па се до ставовите дека играта е форма на творештво и оти творечката дејност најмногу се врзува за правилата на играта – кои што се извор и поттик на имагинацијата, средство и цел за доаѓање до самореализацијата и слободата - всушност се раскажува големата приказна за играта“[5]

И холандскиот филозоф на културата Јохан Хојзинга (1872-1945) ја зема играта како универзален принцип на создавањето и на градењето на световната човечка култура. Тој во својот пристап, внесува широко распространување на играта како клучен феномен на човековата култура и темел не само на филозофијата, туку и на јазикот, науката, правото, литературата, уметноста и итн. Хојзинга во делото „Homo ludens”„ покажува

---

[4] Трајковска О. Дебати за културата, Мулитимедиа, Скопје, 2005 год. стр. 211

[5] Џепаровски И. „Естетика на играта“ Култура, Скопје 2003 год., стр. 7

дека сите различни култури без исклучок, имаат свое потекло во играта, но и дека без оглед на огромното влијание на играта врз религијата, политиката или војната, што историски, според него слабее, сепак, играта своето целосно значење најсилно го зачувува во книжевноста и уметноста, односно, како што тој вели во Предговорот кон книгата „Homo ludens" „човековата култура од играта - и како игра - израснува и се развива. Со полно право уметност би требало да биде наречено само она што претставува последица на слободниот творечки израз и волја која своите дејствија ги заснова врз умот.[6]

Пресвртот што се случува при едно целосно дооформување на човековата игра, а тоа е оној момент кога играта станува уметност, се именува како „преобразување во творба'.

Ханс Георг Гадамер ја гради својата херemeневтичка филозофија во која проблемите на уметноста и на естетиката заземаат централно место. Според него „животот" се преобмислува низ разбирањето – коешто секогаш е дијалог меѓу минатото и сегашноста. Гадамер силно ја брани позицијата според која уметничкото дело ни овозможува да ја разбереме неговата вистина, но и вистината на светот, зошто: искуството на уметничкото дело го вклучува разбирањето. [7]

Во насока да се воведе некој ред во широкиот спектар на дефиниции за културата, дефинициите за културата некои теоретичари ги разгледуваат поделени во шест групи (дескриптивни, историски, нормативни, психолошки, структурални и генетички). Истовремено прошириното поимање на културата се однесува и на различни аспекти од човековиот живот, како агрокултура, бизнискултура и сл.

Културата е комплексна целина која има антрополошки, социјални, духовни и материјални значења. Нејзиното одредување како општ поим варира, од познатите енциклопедиски дефиниции за културата, па се до современата тенденција според која на културата се гледа строго научно („културологија") и речиси сосема изолирано од сите други т. н. општествени појави.

---

[6] Џепаровски. И. Естетика на играта, Култура, Скопје, 2003 год. стр. 22 и 23

[7] Џепаровски И. Уметничкото дело во втората половина на 20 век, Култура, Скопје, 1998 год, стр. 23

Поимот култура значи:

1. Општ цивилизациски процес во смисла на самоиздигнување и образование;

2. Верувања, практики и начин на живот кој разликува една етничка формација од друга;

3. Дела и практики на интелектуални, а особено на уметнички активности

Рејмонд Вилијамс смета дека заради очигледната тешкотија во дефинирањето на поимот „култура", може да се разликуваат два главни вида:

1. нагласување на изразувачкиот дух на еден сеопфатен начин на живот кој се манифестира преку целиот домен на општествени активности, а кој е најочигледен во специфично културните активности - јазикот, уметничките стилови на изразување, видовите на интелектуална дејност;
2. нагласувањето на еден целовит општествен поредок во чии рамки една определена култура, во уметничките стилови и видови на интелектуална дејност се согледува како директен или индиректен продукт на еден поредок, првенствено конструиран од останатите општествени активности.[8]

Можеби како најсеопфатна дефиниција на поимот на култура, може да се издвои дефиницијата која најчесто се употребува во дефинирањето на културата за потребите на културните политики на Европските земји според која - Културата е интегрална целина на човековото знаење, верување и однесување, која е резултат и на целосниот човечки капацитет за учење и пренесување на наученото на следните генерации. Културата, исто така се состои од јазик, идеи, верувања, обичаи, табуа, кодови, институции, алатки, техники, уметнички дела, ритуали, церемонии и симболи. Таа игра важна улога во човековата еволуција, овозможувајќи му на човекот да ја приспособува природата кон своите потреби, наместо да зависи од природната селекција. Секое општество има своја посебна култура или социокултурен систем. Варијацијиите во културата произлегуваат од:

---

[8] Вилијамс Р.Култура,Скопје, Култура 1996 год. стр.7

1. различните навики, обичаи и ресурси,
2. палетата на можностите наследени во реони како што се јазикот, ритуалот и социјалната организација,и
3. историскиот феномен како развивање на поврзување со други култури.

Индивидуалните однесувања, вредности, идеали и верувања во голема мера се под влијание на културата (или културите) во кои живеат тие индивидуи. Промените во културата резултираат од еколошко, социо-економско, политичко, религиозно или друго фундаментално менување на општеството.

Културата во своето пошироко сфаќање е начин со кој луѓето потпирајќи се на сопствената традиција, креативно ја надградуваат актуелната реалност со нови остварувања и со нови вредности со кои се унапредуваат човековите права и слободи.

Правото на култура, вклучува право на сопствен идентитет, сопствен јазик и образование, но и сопствено културно наследство како дел од идентитетот на личноста.

Современите дефиниции гледаат на културата како на „најперсонална грижа на една нација и едно од најобврзувачките меѓународни прашања".

Според Сајмон Манди „добрата културна политика сама по себе нема да обезбеди поврзаност и просперитет на нацијата. Меѓутоа, без добра културна политика многу од останатите политички цели на Владата ќе биде потешко, а понекогаш и невозможно да се постигнат". [9]

Целта на овој дел од трудот не е да се утврди единствена релевантна дефиниција за културата, туку да упати на нераскинливата врска меѓу човекот и културата и нивното меѓусебно влијание, што во основа го детерминира и односот на културата и државата.

## 1. 2. Историскиот развој на културата во Македонија

Доказите за материјалната култура на просторот на Република Македонија можат да се следат хронолошки длабоко во праисторијата преку археолошките локалитети во Скопско – кумановскиот регион, регионот на долниот тек на р. Вардар, регионот по течението на р. Брегалница и

---

[9] Манди С. Културна политика-краток водич Фондација Институт отворено општество Македонија Скопје, 2000 год. стр.67

Пелагонија. Најстарите докази за материјалната култура датираат уште од каменото доба, за што сведочат неколку значајни наоѓалишта, со неолитски наоди евидентирани кај Штип, Скопје, Радовиш, Куманово, Охрид и во Пелагонија. Во Скопје и Пелагонија се откриени и наоди од бронзената епоха, а од железната епоха особено се вредни наодите од наоѓалиштата во Скопско (Вучидол и Бразда), во Кочанско (Оризари), во Битолско (Сарај Брод и Висо), во Охридско (Требениште), во Струшко (Радолиште) и посебно локалитетите во Долното Повардарје (Валандовско и Гевгелиско).

Во музеите се чуваат експонати со висока историско - уметничка вредност од антиката, особено од елинистичкиот и римскиот период, пронајдени на повеќе македонски археолошки локалитети. Античкиот период на тлото на денешна Македонија е одбележан со театарски живот за што сведочат неколкуте големи антички театри, како и артефактите со симболично - ритуално значење меѓу кои е статуетката на божицата Менада во танцувачки став, Златната посмртна маска  и сл.

Од периодот на Римското царство меѓу бројните остатоци од населби кои по степенот на сочуваност зборуваат за статусот кој го имале во рамките на Римското царство се издвојуваат градовите Скупи, Стоби, Хераклеја, Лихнидос и Баргала, чиишто најголем подем е забележан токму во овој период. Еден од главните индикатори за богатството и степенот на културен развој на овие градови е постоењето на театрите и тоа во Лихнидос со 5000 седишта.

Македонската културна историја е нераскинливо врзана за дејноста на солунските браќа Кирил и Методиј, кои на словенскиот народ му ја подарија првата писменост, што претставува зачеток на развојот на книжевната дејност на овие простори.

Првиот словенски религиозно - просветен центар е манастирот Свети Пантелејмон подигнат на месноста Плаошник во Охрид во кој се описмениле повеќе од 3500 ученици и каде што се формирала  првата манастирска библиотека во која биле сместени делата на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј, но и ново создадените дела на нивните ученици, локалните светители Климент и Наум .

„Се смета дека Св. Климент Охридски тука  формирал една од првите високо образовни институции во Европа, позната како  Охридска книжевна

школа која ја интезивирала просветителската и книжевната дејност кај Македонските словени, но и пошироко во Европа. Во целиот средновековен период (особено 12-14 век) македонската средновековна книжевност доживува процут, преку создавањето на неколку активни книжевни центри, претежно формирани во манастирските комплекси, во кои се напишани повеќе житија на локални светители и препишани акти од каноните за одвивање на богослужбата. Тие имаат, непроценлива историска и културна вредност, со уметнички дострели во изведбата на илуминациите, како илустрации на содржините на текстовите".[10]

Периодот од 9 до 14 век е време кога интензивно се развива и христијанското сакрално градителство под влијание на развојот на сакралната архитектура во големите византиски центри какви што биле Константинопол и Солун. Комплексната архитектоника и богатата фасадна декорација на зачуваните храмови во манстирите во Велјуса (10 век) и Водоча (9-12 век) се првото сведоштво за влијанието на монументалната архитектура од византиските центри. Значаен сегмент на средновековната уметност е ликовната дејност, односно иконописот и фрескоживописот, со врвни естетски вредности.

Првиот доминантен претставник на уметничките дострели на византиската уметност во рамките на славната Охридска архиепископија е фреско сликарството на цр. Св. Софија во Охрид од 11 век каде што со претставувањето на седумте римски папи се одбележува исклучително значајниот современ црковно - политички момент на раскол на христијанската црква (1054 год.).

Нагласувајќи го емотивниот набој на сцените од најстарото фрескосликарство на анонимниот зограф од цр. Св. Пантелејмон во Нерези, Скопско (11 век, особено изразен во ликот на Богородица од прочуената сцена на Оплакувањето Христово), историчарите на уметноста сметаат дека македонските фрески се првата најава за европската ренесанса.

Во средновековната сакрална уметност посебно место заземаат иконите. Зачуваните примероци на охридски икони од кои повеќето

[10] Георгиевски, М, Манастирските библиотеки и читалишта во Македонија до 1912, Скопје, Мисла, 1975, стр.25

потекнуваат од цр. Св. Софија во Охрид, а денес се изложени во Галеријата на икони во Охрид, (особено оние кои потекнуваат од 11-14 век) ја вбројуваат ова збирка меѓу највредните на Балканот.

Составен дел на раната македонска средновековна уметност е камената пластика со која се надополнувал сликаниот ансамбл. Меѓу зачуваните репрезентативни примероци од декоративната црковна пластика се елементите од олтарните прегради на Св. Софија во Охрид и Св. Пантелејмон во Нерези. Подоцна, со замена на камените олтарни прегради со дрвени иконостаси, овој уметнички израз ќе се осведочи со минуциозна декоративност на резбаните дрвени паноа.

Неодминлив сегмент на византиската уметност е и црковната музика, а за македонската музичка историја од особено значење е дејноста на реформаторот на источно православното црковно пеење – Јован Кукузел, како основач на новото нотно писмо за кое пронашол нови нотни знаци.

Развојот на културата и на уметноста на Македонија е условен и од воено - политичките состојби. Значаен период од својот развој државата поминила под Отоманска власт. Петте века на османлиско владење оставиле трајни последици врз животот на македонското население и врз развојот на културата во Македонија.

Крајот на 14-век е обележан со продорот на исламската култура. Во следниот петвековен период доминира градењето на објекти од профаната и сакралната исламска архитектура. Во даден период во Скопје имало 120 џамии (меѓу кои најстарата сочувана е Мустафа паша џамија од 15 век), а во Битола имало 70 џамии.

Османлиското владеење со Македонија негативно се одразило врз интензитетот на црковното градителство и сликарство. Сепак, богатата сликарска традиција што се одвивала на овие простори со учество на локални зографи и дојденци од блиските балкански уметнички центри продолжува, за да во крајот на 18 век и низ 19 век, во поблаго пријатните услови за творење да добие силен замав.

19 век го одбележуваат локалните градители меѓу кои најзначајно место има тајфата на Андреј Дамјанов осведочена преку градбите на градските храмови во Скопје, Велес, Куманово, Штипско Ново Село, манастирските храмови во Осоговскиот манастир и Св. Архангел Михаил во

близината на Велес. Дичо Зограф од с. Тресонче е нашиот најпродуктивен зограф од половината на 19 век. Неговата тајфа во која учествувале неговите синови Аврам и Силјан и кои по неговата смрт ја продолжиле сликарската дејност вклучувајќи и други локални зографи оставила дела ширум Македонија меѓу кои особено се вбројуваат - сликарството во родното Тресонче (цр. Св. Петар и Павле и цр. Св. Никола), трпезаријата на Бигорскиот манастир, ѕидното сликарство на цр. Св. Ѓорѓи во с. Рајчица, цр. Св. Ѓорѓи во с. Бањани и други. Крајот на 19 век и почетокот на 20 век го одбележува еден голем мајстор на црковното сликарство, Димитар Андонов Папрадишки кој се смета и за основоположник на македонската современа ликовна уметност.

Во времето на 19 век (време на преродба) дрвената резба станува најмаркантниот уметнички израз во црковната уметност на Балканот. Тајфата на Макарие Фрчковски од Галичник и Петре Филипович од Гари ги изведуваат најзначајните резбани дела во Македонија – иконостасот на храмот во Бигорскиот манастир, на Лесновскиот манастир и на цр. Св. Спас во Скопје.

Периодот од 14 до 19 век е одбележан како период во кој чувари на писменоста и уметноста се манастирите, заради што тие се сметаат и за први библиотеки на црковнословенски јазик, но и за места од кои почнува да се шири образованието во Македонија. Втората деценија од 19 век е посебно значајна за македонската просветна и книжевна дејност кога се појавуваат книгите на Јоаким Крчовски и Кирил Пејчиновиќ, како и на зачетниците на новата македонската литература Димитар и Константин Миладинови, Јордан Хаџи Константинов Џинот и Рајко Жинзифов.

Овој период е одбележан и со авторот на поемата „Сердарот" напишана на грчки јазик, со осбени уметнички вредности заради што Григор Прличев во Атина ќе биде наречен втор Хомер.

Најекспониран македонски преродбеник е Ѓорѓија Пулески, автор на неколку книги - граматики, песнарки, прирачници и речници.

Судбинските настани за Македонија, како Илинденското востание во 1903, Балканските војни 1912 и 1913, Првата светска војна, влијаеле на континуитетот на македонската култура. Македонската интелегенција заради актуелните настани дејствува надвор од Македонија. Во 1903 Крсте Петков

Мисирков ја објавува книгата „За македонцките работи“ во која се дадени основите за подоцнежната стандардизација на македонскиот јазик.

Театарската дејност во Македонија започнува со Јордан Хаџи Констатинов Џинот, кој во средината на 19 век создал и објавил неколку драмолети и по негова иницијатива во 1874 во Велес е изведена и првата драма.

Којдан Чернодрински се смета за основоположник на македонската драма и за втемелувач на професионалниот театар. Театарскиот живот е одбележан и со изградбите на првите театарски објекти во Скопје и Битола.

Првиот постојан театар во Македонија е формиран уште во 1913 година во Скопје, кога Вардарска Македонија се наоѓа под српска власт, заради што е именуван е како српски театар, со кој во еден период управувал и познатиот српски комедиограф Бранислав Нушиќ. Во сезоната 1927/1928 поставена е и првата драма на македонски јазик „Ленче Кумановче“ од Васил Иљоски, за подоцна да бидат поставени и драмите на Иљоски, Антон Панов и Ристо Крле.

Во македонската литература, дела со повисоки книжевни и уметнички содржини се создадени дури во триесетите години на 20 век, пред се заради забраната и непризнавањето на македонскиот јазик. Во предвестието на Втората светска војна започнува периодот на зачетокот на македонската модерна поезија. Меѓу 1938 до 1941 година Венко Марковски објавил седум стихозбирки и поеми, Коста Солев ја отпечатил во 1939 познатата стихозбирка „Бели Мугри“. Ликовната уметност покрај делувањето на големите зографи Д. Папрадишки и Ѓ. Зографски, ќе биде збогатена и со творечкиот опус на основоположниците на македонското современо сликарство Димитар Аврамовски Пандилов, Лазар Личеноски, Вангел Коџоман, Никола Мартиновски и Томо Владимирски.

Филмските творци Милтон и Јанаки Манаки во Битола на почетокот на минатиот век ја започнале својата снимателска кариера. Тие ги направиле првите документарни снимки за Балканот во времето на последните децении на Отоманското царство.

Во музичката дејност се прикажуваат во Скопје првите оперски дела, а со поголем интезитет оперската дејност се одвива и во Штип.

Со формирањето на македонската држава во рамките на југословенската федерација започнува организираното институционално оставрување на културата преку создавањето на уметнички установи и организации. Годините на подемот на македонската култура ќе остават траен белег во културната историја на Македонија

Сето ова укажува дека Македонија, токму заради својата културна историја дефинира посебна позиција во Европа и светот користејќи го својот културен идентитет и креативност.

## 1.3 Улогата на културата во развојот на државата (Односот на државата кон културата)

Современата држава претставува специфична политичка заедница на обединети граѓани без разлика на нивната етничка, културна, религиска и друг вид на припадност. Државата е најсеопфатна, најмоќна и најавторитетна политичка институција.

Несомено дека еден од сегментите на државноста е и културата.

Позитивниот или негативниот однос на државата кон сопствената култура се манифестира преку разни инструменти и на повеќе нивоа. Димензионирањето и пропорционирањето на овие инструменти зависи од развојот на свеста за значењето на културата во одредена средина, потоа од степенот на развојот на самата култура, од материјалните можности, расположивите потенцијали и целите кои се нотирани како приоритети.

Британскиот теоретичар Раскин укажува на пет модели според кои се одредува односот на државата кон културата и културната политика. Првиот модел Раскин го нарекува „Архитект“ модел според кој државата ги заштитува уметниците и уметностите како јавно добро, а за пример ги зема нордиските земји. Вториот модел е наречен „Импресарио“ според кој државата го штити квалитетот на производите, а помалку се грижи за материјалната ситуираност на уметниците, модел кој се однесува на земјите од континентална Западна Европа. Третиот модел е моделот на „Покровител“, каде државата го препушта одлучувањето на независни тела, на стручни лица и претежно се потпира на приватното финансирање, модел кој го применува Велика Британија. Четвртиот модел е моделот на „Фасцилитатор“, во кој државата го поткрепува остварувањето на културата

преку даночни олеснувања, како пример се зема САД. Петтиот модел кој е најкарактеристичен за земјите на бившиот комунистички режим е моделот кој се нарекува „Инжинер“, во кој државно - партискиот апарат се грижи за се и ја контролира културата. Повеќето од источно европските земији се ориентираат кон моделот на наречен „архитект“. [11]

И системот на остварување на културата во Република Македонија поминал низ неколку развојни облици.

Тлото на Република Македонија е историски поврзано за присуство и коегзистенција на цела низа културни модели кои го дефинираат нејзиниот специфичен културен идентитет и континуитет.

На директното државно управување со културата карактеристичен за по воениот развој на културата и одговараше административниот модел на управување со културата, кој се карактеризира со длабока хиерархија и директна програмска, деловна и финансиска контрола.

На потребите на самоуправниот систем и договорната економија одговараше самоуправниот модел на управување со културата кој се карактеризираше со одредена деловна самостојност и модифициран начин на финансирање.

На сегашното граѓанско општество, пазарната економија и на степенот на развојот на културата му одговара продуцентскиот модел на остварување на културата.

Секој систем на остварување на културата без оглед на тоа на кој модел припаѓа, покрај својата творечка димензија има и своја нужна организациона димензија. Творењето во општествени рамки секогаш е условено од состојбата на неговата организациона страна на макро план. Заради сето ова во културата постои нужност од свесна општествена интервенција во оваа област.

Еден од облиците на општествена интервенција на државата во културата е основањето на институции заради задоволување на културните потреби на граѓаните. Институционалното остварување на културата е важен аспект на секоја култура, дури и нејзина нужност. Во сите фази од развојот на

---

[11] Дебати за културата, Граѓанска иницијатива“, Мултимедиа, Скопје, 2005 година, стр. 35

Република Македонија, карактеристично за културата, како и впрочем за културите на другите земји е институционалното остварување на културата.

Но културата не треба да биде сфатена исклучиво како афирмација или репрезентација на една држава, една нација, еден културен простор.

„Културата може да биде провокација, субверзија, подривање, автоиронија, пародизација.

Фактот дека голем дел на културни производи релевантни за презентација на земјата имаат успех надвор од државата не е резултат на стратешките способности на државата, на поддршката на културната политика на институциите во земјата, туку станува збор за некаков сопствен импулс и заинтересираност на сосема други сектори кои им овозмужуваат на авторите и на нивните дела да се снајдат во една комплицирана стратешка сфера на односи помеѓу моќта и културата, а кои не спаѓаат во контекстот на државната ориентација“[12].

Европскиот културен концепт, како модел на социокултурна интеграција, врз што декларативно се темели и културната политика на ЕУ, подразбира пред се почит за културата на секој народ, нивна интеракција, но и негување на форми на соработка во кои европските култури би „учеле“ една од друга. Есенцијална компонента на идентитетот на Европската Унија е мозаикот на разнолични традиции и култури на нејзините земји-членки.

Културната политика на Република Македонија се развива во широкиот контекст на перспективната културна иднина која може да се замисли само во еден плуралистички облик во кој културите што ја претставуваат разновидноста на светот доаѓаат во контакт една со друга, чувајќи ја едновремено својата оригиналност.

---

[12] Шелева ,Е. Дебати за културата, Мулитимедиа, Скопје, 2005 год стр. 30.

## 2. Историски приказ на институционалното остварување на културата 1945-1991 година

<u>**Правна регулатива за културата (1945- 1991)**</u>

Несомено дека почетоците на институционалното остварување на културата се врзуваат за постоењето на Република Македонија во рамките на поранешната федерација, основана како државна заедница на рамноправни народи. (Второ заседание на АВНОЈ 29 Ноември 1943).

Македонија согласно АСНОМ-ските документи е дефинирана како доброволна членка на заедницата со право на отцепување, што претставува комбинација на национален и народен суверенитет.

Во Декларацијата на АСНОМ за основните права на граѓаните од аспект на културата е утврдено дека „на сите граѓани им се гарантира слободата на говорот, печатот, собирането, договорот и слободата на дружението" и дека „ народната власт да ја отстрани неписменоста и да ја подигне народната култура".

Од особено значење за македонската држава согласно АСНОМ-ските документи е решението според кое „во македонската држава како службен јазик се заведуе народниот македонски јазик". Со тоа се иницира и потребата од формирање на комисија која ќе работи на негова унификација, за изработка на учебници, отварање на училишта и сл.

АСНОМ-ските документи имплицираат на тоа дека за разлика од другите области во државата кои немале автономија, културата имала автономија, заради што и културата била основен белег на нацијата, а културното и националното биле тесно испреплетени.

Периодот од 1946 година до 1971 година се дели на две етапи именувани во културата како централно-етатистичка етапа, како период на социјалистичко просветителство и комунистички авангардизам, и втората фаза преодна фаза на почетоците на децентрализацијата и самоуправувањето во која етатизмот и идеолошката матрица се појавуваат во еден пофлексибилен облик.

- **Уставно уредување 1946, 1953, 1963**

Со првиот Устав на НРМ, донесен на 31.12.1946 година суверенитетот државата го црпела од народниот суверенитет, како резултат на народна демократија.

„По примерот на советската федерација бил воспоставен систем на централизиран федерализам, при што републиките, дел од своите суверени права, во обем утврден со сојузниот устав ги пренесуваат на сојузната држава. Всушност зад ваквата уставна конструкција фактички постоела и дејствувала суверената сојузна држава со вонредно широки овластувања."[13]

Со Уставот на Федеративна Народна Република Југославија и Уставот на Народна Република Македонија се гарантира слободата на научното и уметничкото творештво, државата ја поттикнува науката и уметноста со цел за развој на народната култура и народната благосостојба, штитејќи го авторското право со закон.

Во Уставот на Народна Република Македонија од 1946 година не биле содржани одредби за заштита на културното наследство.

Идеолошката матрица, го поттиснала Уставот и во практика се воспоставил монопол на комунистичката партија.

Овој уставен период се дели на две фази од 1946-1950 до воведување на работничкото самоуправување и од 1950 до 1953 кога е воведено работничкото самоуправување. Карактеристично за првиот период е засилување на административна интервенција во сите области, вклучително и во културата.

Периодот од 1950-1953 година е период кога се воведува работничкото управување и општествената сопственост, како и автономијата на општествените организации. Овие промени позитивно влијаеле на културата, од причини што се зголемила самостојноста на установите од областа на културата.

Евидентни се процесите на деетатизација, како и на децентрализација по вертикален и хоризонтален правец, вертикално пренесување на некои сојузни компетенции на републичко ниво, а хоризонтално осамостојување и на стопанските и на нестопанските организации (култура, образование).

---

[13] Ачкоска. В, Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991), Универзитет Св. Кирил и Методиј-Скопје, 2011 год. стр. 78

Со Уставниот закон за основите на општественото и политичкото устројство и органите на власта на Народна Република Македонија[14], Народна Република Македонија се трансформира во социјалистичка демократска држава на работниот народ на Македонија. Се воведува општествената сопственост и самоуправувањето, се гарантира слободното здружување на работниот народ, заради остварување на културните интереси, а самоуправувањето на работниот народ во културата се остварува преку самоуправни форми и преку други форми на општествено управување. Републичките органи на власта ги уредуваат прашањата од општ интерес за заедницата во областа на културата

Со Уставот на СФРЈ од 1963 година, федерацијата и понатаму го задржала националниот суверенитет и договорниот карактер на државата, а со Уставот на СРМ од 1963 година, Македонија е дефинирана како „социјалистичка демократска заедница на народот на Македонија", заснована на власт на работниот народ и самоуправувањето. Во Уставот на СРМ од 1963 година [15]под посебна заштита на општествената заедница биле спомениците на културата, природните реткости, обејкти од историско значење и други вредности од националната историја и културата.

Со Уставните амандмани од 1971 година, законската терминологија која се однесувала на културното наследство била надополнета со следниве изрази: културни споменици, јавни споменици, архивски материјал, музејски материјал и библиотечен материјал. [16]

- **Уставите од 1974 година**

Уставот на СФРЈ од 1974 година претставувал концепција на модел на општествено-политички систем и општествено-политички заедници (од општини, покраини, република па до федерација), засновани на самоуправување, а Југославија била дефинирана како социјалистичка федеративна заедница, со повеќе национална структура заснована на рамноправноста, слободата, братството и единството на народите и народностите, правото на самоопределување и правото на суверенитетот на републиките.

---

[14] Службен весник на НРМ бр. 3/1953
[15] Устав на СРМ од 1963 година „Службен весник на СРМ" бр. 15/63
[16] Амандман XXX на Уставот на СРМ „Службен весник на СРМ" бр. 40/71

Основите на општествено-економското уредување во овој период биле:

-општествена сопственост на средствата за производство (приватната сопственост постоела само како исклучок во земјоделството, занаетчиството и угостителството);

- работничко самоуправување (слободно здружување на трудот), кое се напушта со амандманите од 1990 година;

- организации на здружениот труд со следниве форми: ООЗТ, РО, СОЗТ и заедница на здружен труд, самоуправни-интересни заедници, месни заедници, општествено-политички заедници, други општествено-правни лица, работни луѓе и граѓанско-правни лица.

Уставот предвидува можност со закон или со одлука на општествено-политичка заедница да се определи кои организации од општествените дејности претставуваат организации од посебен општествен интерес (организациите од областа на културата беа организации од посебен општествен интерес).

Со Уставот се утврдува дека самоуправни интересни заедници задолжително се основаат во областа на пензиско и инвалидско осигурување, образование, наука, култура, здравство, социјална заштита и во станбената област. (Со амандманите од 1988 бројот на самоуправни интересни заедници се намалил, со Амандманите од 1990 година тие се укинати).

Општествено-политичкиот систем се заснова на социјалистичка самоуправна демократија, која подоцна преминува во парламентарна демократија.

Со Уставот на СРМ од 1974 година[17], во однос на одредбите кои се релевантни за културата идентификацијата на добрата од културно и историско значење била дефинирана со неколку изрази: предмети од посебно културно значење, недвижности и други предмети од посебно културно и историско значење, со работа создадени вредности и споменици на културата.

[17] Устав на СРМ од 1974 година „ Службен весник на СРМ“ бр.7/74

Со уставните амандамани од 1989 година е дадена нова правна формулација – недвижности и други предмети и вредности од културно и историско значење. [18]

Уставите на Македонија во рамките на нејзиното постоење во рамките на поранешната федерација се основни документи преку кои се позиционира односот на државата спрема културата.

Периодот по 1974 година во културата е познат како „самоуправна етапа во културата", во која постои евидентен дуализам во културата на прокламирани демократски начела и хипербирократизација и хипернормираност, со елементи на бирократска анахроидност и депрофесионализација.

- **Законска регулатива за културата**

Во време на постоење на Република Македонија во рамките на Поранешната СФРЈ за разлика од другите области кои беа регулирани со сојузни закони кои имаа примена на целата територија на Југославија, културата беше една од малкуте области кои беа регулирани со републички прописи, со исклучок на заштитата на авторското право која беше регулирана со сојузен закон.

Федерацијата во културата имала ограничени надлежности кои се однесувале на меѓународната политика, човековите права и авторското право.

Републиката во културата имала доминантна улога и во нејзина надлежност било регулирањето на сите дејности од областа на културата со закони, подзаконски акти, упатства, наредби и други општи акти.

Републиката вакви надлежности имала и во дејностите кои се сродни со културата како во образованието, науката, јавното информирање.

Општината имала надлежности во делот на условите и начинот на живеење што го регулирала со одлуки, мерки и други акти.

На ниво на федерација не постоел ниту посебен државен орган за културата, а постоеле само одделни комисии и слични тела за определни работи од надлежност на културата, за културна соработка и за односи со меѓународните организации.

[18] Амандман XLVIII на Уставот од 1974 „Службен весник на СРМ" бр.16/71

На републичко ниво постоеле републички секретаријати за образование и култура, републичка комисија за културни врски со странство и републичка самоуправна интересна заедница за културата.

Област од културата која прва подлежи на правната повоена регулатива е филмот. Со Одлука од декември 1944 година е основано Државното филмско претпријатие.

Еден од првите закони донесени во повоениот период е и Законот за прибирање, чување и распределба на книгите, закон кој и од денешен аспект е напреден и кој прогласувал дека печатот е слободен, дека никој не може да биде спречен слободно да ги изразува своите мисли и дека печатењето книги и создавњето на други уметнички дела е слободно за што не е потребна најава ниту одобрение од власта

На просторот на Македонија, согласно на искуствата на федерацијата е донесена Уредба за основање на Државно книгоиздателство на Македонија. Ова е особено развоен период за издавачката дејност кога постои државно книгоиздателство и државна печатница. Во овој период бројот на испечатени примероци се зголемил на 2. 000. 000 примероци годишно.

Покрај издавачката дејност, друга област која била регулирана со закони е заштитата на културното наследство.

Првиот сојузен закон за оваа област е Законот за заштита на споменициите на културата и природњачките вредности на ДФЈ од 1945 години и тој непосредно се применувал во сите федерални единици.

*Во Народна Република Македонија бил донесен Законот за заштита на* спомениците на културата од 1960 година, Законот за заштита на спомениците на културата од 1965 година и Законот за заштита на спомениците на културата од 1973 година[19] кој во Република Македонија се применувал повеќе од 30 години.

Законот кој содржел солидни стручни правни основи за заштита на спомениците на културата и бил делумно усогласен со меѓународните документи и стандарди, но покажал и низа слабости кои негативно се

[19] Законот е објавен во Службен весник на СРМ бр. 24/73, а неговите измени во Службен весник на СРМ бр. 42/76 и Службен весник на РМ бр. 12/93

одразиле на целината на системот на остварување на заштитата на културното наследство во Република Македонија.

Филмската дејност[20] како и музичко-сценската дејност[21] се регулирани со посебни закони.

Во тој период културата била регулирана со следниве закони:

- Закон за самоуправните интересни заедници „Службен весник на СРМ" бр. 5/74, 9/78, 43/78, 41/81 и 25/84;
- Закон за сценско-уметничка дејност „Службен весник на СРМ" бр. 4/86, 51/88 ;
- Закон за филмската дејност „Службен весник на СРМ" бр. 15/86, 51/88;
- Закон за издавачката дејност „Службен весник на СРМ" бр. 15/73, 9/78, 51/88 ;
- Закон за заштита на спомениците на културата „Службен весник на СРМ" бр. 24/73 ;
- Закон за библиотечната дејност „Службен весник на СРМ" бр. 17/74, 42/76, 17/84, 51/88;
- Закон за музејската дејност „Службен весник на СРМ" бр. 25/79, 51/88;
- Закон за основање на Кинотека на СРМ „Службен весник на СРМ" бр20/74;
- Закон за републичките награди „Службен весник на СРМ" бр. 40/87 и 36/89;
- Закон за споменици и спомен-обележја „Службен весник на СРМ" бр. 31/82 и 51/88;

[20] Филмската дејност е регулирана со една комплексна дефиниција која дефинирала дека филмската дејност опфаќа производство, промет и јавно прикажување на филмови, како и чување на филмови. Заради заштита на употребата на македонскиот јазик, на територијата на Р.Македонија јавно се прикажуваат филмови титлувани, односно синхронизирани на македонски јазик.

[21] Сценско-уметничката дејност била регулирана со закони за сценско-уметничка дејност, а дејноста била дефинирана како подготвување и јавно изведување на драмски, оперски, оперетски, балетски, куклени и други театарски дела, како и симфониски, вокално-инструментални, камерни, хорски и други музички дела, како и дела за ансамбли на народни песни и игри и танцови ансамбли.

- Закон за доставување на печатени работи на определени установи „Службен весник на СРМ“ бр. 34/72 и 51/88;
- Закон за самостојните уметници „Службен весник на СРМ“ бр. 46/82
- Закон за авторското право „Службен лист на СФРЈ“ бр. 19/78, 43/78, 24/86, 75/89 и 21/90.

Карактеристика на правниот систем во културата (без оглед на идеолошката основа на културата) е дека тој е конзистентен и кохерентен, со формално дефинирани поими и правни институти. Постои инфлација на правна регулатива за културата.

- **Меѓународни документи за културата**

Согласно на постулатите на кои почивала Федерацијата и основните начела под кои се одвивала надворешната политика на федерацијата, биле ратификувани меѓународни документи пред се на ООН-УНЕСКО и на Светската организација за интелектуална сопственост и бројни документи за мултилатерална и билатерална соработка во културата. Во овој период доминирале документи за заштита на спомениците на културата и природните реткости.

- **Финансирање на културата**

Карактеристично за културата е СИЗ-овското финансирање односно финансирањето на културата преку самоуправните интересни заедници за култрата, кои врз основа на мерила и критериуми вршеле распредлба на средствата за култура до субјектите кои ја остварувале културата.

Сизовското финанснирање на културата е укинато со уставните амандмани од 1990 година.

- **Организации во културата**

За културата биле релевантни следниве форми на институционално остварување на културата: основна организација на здружен труд (ОЗТ), здруженија на граѓани и работни заедници. Условите за нивно организирање биле утврдени во законските прописи. Спротивно на меѓународното право и на уставните начела, културата не можела да се остварува самостојно (индивидуално), туку само колективно.

Социјалистичка Република Македонија за разлика од другите републики имало најгуста мрежа на установи (процентуално 5 по општина). Установите се основале најчесто спонтано, без соодветни елаборати за

оправданоста од нивното основање и најчесто без долгорочни планови за нивното натамошно постоење.

Управувањето и одлучувањето, согласно самоуправниот модел е во рацете на вработените, а за прашања од посебен општествен интерес со учество на претставници на општествената заедница. Органи на управување и одлучување биле работоводен орган и работнички совет, а посебна форма на одлучување бил собирот на работните луѓе.

До 1991 година културата институционално се остварува во преку 170 организации.

Учеството на средствата за култура во општествениот производ во 1986 година изнесува 0,61%;

Бројот на вработените перманентно растел. Бројот на вработените во културата во однос на вкупно вработените во општествените дејности бил околу 6%, а во однос на вкупно вработените околу 0,8%.(состојба 1986).

## 2. 2. Мрежа на установи (хронолошки и типолошки)

„Во својата многустрана дејност во сите општествени сфери, градејќи ги институциите на државата, Президиумот на АСНОМ започнал тешка и упорна борба за извлекување на нацијата од мракот на неписменоста и за нејзино културно издигнување. Во тие рамки спаѓа и реализацијата на една од најзначајните одлуки на Првото заседание на АСНОМ-Одлуката за воведување на македонскиот јазик како службен јазик во македонската држава, кое само по себе ја постави на дневен рад кодификацијата на јазикот и правописот. Така уште на крајот на 1944 година, Президиумот на АСНОМ донел привремена азбука од 25 букви, неопходна во работата на првите училишта каде што наставата за прв пат се изведувала на македонски јазик.[22]

Периодот од 1945 до 1991 година е многу значаен за развој на културата, во кои се создаваат сите значајни институции од областа на културата, кои во континуитет постојат и до денешен ден. Врвните дострели во културата ја афирмираат македонската национална посебност и

[22] Ачкоска. В. Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991), Универзитет Св. Кирил и Методиј-Скопје, 2011, стр. 201

национален идентитет, заради што културата е еден од основните белези на македонската држава.

Овој период на создавањето на импозантна мрежа на културни установи дотолку е позначаеан и ако се има предвид фактот дека културата со високи уметнички дострели се остварувала и наспроти идеолошката и општојугословенската матрица.

- **Издавачка дејност**

Во периодот од 1945 година до 1990 година на територијата на Македонија функционирале повеќе издавачки куќи.

Издавачката куќа „ Култура“ е формирана во 1945 година, а во истата година со Решенито на Президиумот на АСНОМ од 31 март 1945 година е формирано Книгоиздателството “Просветно дело“ во чие издание ќе излезат првиот буквар на македонски јазик, албански и турски јазик, првиот правопис и првата граматика на македонски јазик.

Државното книгоиздателство на Македонија во 1946 година ја издава „Македонската граматика“ од Круме Кепески.

Во годините на повоениот период се основани и издавачките куќи „Мисла“, Наша книга“, „Студентски збор“, „Македонска книга“ и др.

Во овој период на 13 февруари 1947 година е основано Друштвото на писателите на Македонија со седиште во Скопје. Друштвото на писателите на Македонија е создадено со цел да се отвори книжевниот простор и да се сврти интересот кон слободното делување на писателите, како и за да се истакне и поттикне слободното книжевно изразување.

- **Драмска дејност**

Театарот, како најстара и најсинкретична уметност (во која се вклучени литературата, актерската игра, музиката, ликовната уметност. . . ), е основен столб на културата. Македонија и во минатото имала развиена мрежа на државни театри.

Високи дострели и големи и оригинални пробиви театарската уметност изврши во втората половина на 20 век и првата деценија на 21 век. Како во ретко која друга македонска уметност, театарската (во сите нејзини иманентни и органски составки) даде познати и бележити творечки личности кои ја доживеа својата афирмација, колку на домашен, толку и на светско историски план.

Нашите први повоени режисери Димитар Ќостаров и Илија Милчин, актерите Петре Прличко и Тодор Николовски, како и потоа, во т. н. звезден период на македонскиот театар во шеесетите, седумдесетите и осумдесетите т. е. со театарот на Љубиша Георгиевски, Слободан Унковски, Владимир Милчин и Бранко Ставрев, на актерите Ристо Шишков, Петар Темелковки, Мето Јовановски и Ненад Стојановски ги остварија своите врвни креации на театарските сцени ширум Републиката.

Првиот основан театар е **Македонскиот народен театар - Скопје** со Одлука на Президиумот на АСНОМ од 31 јануари 1945 година, како драмски театар. Во текот на првите две години функционирал исклкучиво како драмски театар, а во текот на следните четири години се доорганизирал со оперски ансамбл (на 9 мај 1947 година), а Балетскиот ансамбл е основан 1949 година. На 21. 04. 1946 година со изведба на претставата „Силјан Штркот " започнал со работа **Драмскиот театар - Скопје** првично именуван како Куклен театар, а под името Драмски театар почнува со работа во 1967 година. Истата година театарот се претставата „Покојникот" од Бранислав Нушиќ ја добива наградата за најдобра претстава на Фестивалот „Стерино позорје" во Белград.

**Театарот на народностите - Скопје** е основан со Решение на Извршниот одбор на Градскиот народен одбор во пролетта 1950 година, со двата ансамбли на т. н „ Албанска група" и на „Турска група". Овој театар, подоцна именуван како Театар на народностите успеал да создаде специфичен театарски израз, кој ги одразувал спецификите на неговите две компоненти турската и албанската драма, кои соодветно се етаблирале во македонскиот културен живот. Соработувајќи од почетокот со релевантни македонски уметници овој театар најсоодветно ги имплементирал начелата на мултикултуризмот и интеркултуризмот. Ваквиот принцип на функционирање се задржал до почетокот на 2004 година кога двата ансамбли се одвоиле во посебни правни ентитети. Првата премиера на **Народниот театар од Битола** е со претставата „Петтоимениот Ѓоре" од Владо Малевски на 14 ноември 1944 година.

Професионален **театар во Прилеп** е основан во есента 1949 година со решение на Градскиот народен одбор, а неговата прва премиера е „Кир Јања"од Јован Стерија Поповиќ изведена на 18. февруари 1950 година. Во

историјата на овој театар годината 1954 е особено значајна, кога со театарот раководи, Мирко Стефановски и кога театарот ќе го доживее својот подем и ќе се афирмира како еден од најзначајните театри во тоа време. Од 1965 година е организатор на театарските игри „Војдан Чернодрински“.

**Народниот театар Куманово** е формиран веднаш по ослободувањето како Градски аматерски театар чија што прва претстава „Ние сме ќорите“ е изведена на Градскиот плоштад-Куманово, додека **Народниот театар-Штип** е основан 1949 година со Одлука на Градскиот народен одбор, како Обласен народен театар во Штип, кој започнува со работа во јануари 1950 година. Од 1954 година, театарот го носи името Народен театар-Штип.

Во 1948 година е формиран првиот професионален театар во **Струмица**. Неговата прва премиера е претставата „Бегалка“ изведена на 1 мај 1949 година. По смртта на Антон Панов во 1968 година година, овој театар го носи неговото име. Од 1992 година овој театар е организатор на манифестацијата „Денови на Ристо Шишков“, кој од 1993 година прераснува во Фестивал на Камерниот театар„Ристо Шишков“.

**Народниот театар „Јордан Хаџи Констатинов“-Велес**, започнал да дејствува преку градската театрална група „Коле Неделковски“, од чие јадро во 1948 година е формиран Градски околиски народен театар. Прва премиера е претставата „Чорбаџи Теодос“ од Васил Иљоски одиграна на 19 февруари 1950 година.

Најмладиот професионален драмски ансамбл е **Театарот за деца и младинци - Скопје** кој започнува да работи на 25 март 1990 година со изведба на претставата „Чудовиштата од нашиот град“ во режија на Коле Ангеловски. На почетокот овој театар нема ниту свој ансамбл ниту своја зграда, па првите претстави ги подготвува и изведува на повеќе сцени во Скопје. Од 1993 година се вработуваат првите актери, а подоцна Театарот добива и свој постојан простор за работа.

Несомено дека карактеристика на културата во овој период е богатиот театарски живот, изразен преку постоењето на бројни професионални театри. Дел од претставите изведени во овој период се втемелени во театарската историја како најзначајни театарски остварувања на тлото на Република Македонија.

- **Музичко и сценско-музичка дејност**

Можеби најсветла точка во делувањето на културните институции од овој период е формирањето на Македонската опера. Таа е формирана на 1 јануари 1948 година со Указ од Министерството за образование. Ансамблот на Операта се формира со целосно прифаќање на Хорот и Симфонискиот оркестар на Радиото, а во оркестарот се вклучуваат и шест професионални италијански музичари поранешни членови на филхармонијата од Трст, кои значително влијаат и го подигаат нивото на професионалност. Еден од најзначајните периоди од формирањето на Операта е делувањето на познатиот светски афирмиран диригент Ловро фон Матачиќ, кој во оваа средина претстојува од 1948-1952. Од 1948 до 1963 година на сцената на Операта се поставуваат повеќе од педесетина дела што е две третини од вкупно изведените дела на Операта. Во овој период Операта ужива голема материјална поддршка од државата, а карактеристично е и тоа што репертоарот се изведува и со учество на уметници од Југословенската федерација и од странство, со гостувања на светски познати уметници. Операта во овој перид функционира со полни салони и посветена публика.

Во 1954 година е изведена првата македонска опера „Гоце" од Кирил Македонски, по либрето на Венко Марковски. За време на земјотресот заради верноста кон својата публика и заради високите духовни вредности на опстојување на културата и во време на елементарни непогоди, Операта четири месеци работи под отворено небо.

За разлика од вековната традиција на светската балетска уменост и нејзиниот етапен развој, Македонија бележи во мошне кус временски период рапиден развој на овој вид уметност. **Македонскиот Балет** ја отпочнува својата активност паралелно и во приближно ист период кога е формирана и Операта, под менторство на Горги Македонски кој го основа првиот балетски ансамбл за потребите на учество на Балетот во изведувањето на оперските дела. Потребата од едуциран балетски кадар го поттикнува формирањето на специјализирана едукативна установа и со Декрет на Советот за просвета на Народна Република Македонија во учебната 1948/1949 година е формирано Нижото балетско училиште. Првите едуцирани балетски играчи ја изведуваат и преставата „Бахчисарајска фонтана"во кореографија на Горги Македонски. Во учебната 1951/1952 година е формирано Средното балетско училиште. На 26 јуни 1953 година е изведена првата балетска претстава со национална

назнака „Македонска повест“, работена на музика од Глигор Смокварски, поставена од еминентниот југословенски кореограф, Димитрие Парлиќ.

Дефинираниот репертоар, заокружениот едукациски процес и перманентната сценска дејност веќе профилираат соодветен кадар кој се потврдува со својот квалитет.

**Македонската филхармонија** е формирана на 24. 11. 1944 година, под менторство на првите диригенти на оркестарот - композиторите Тодор Скаловски и Трајко Прокопиев. Во текот на своето делување овој симфонсиски оркестар е повеќе пати преименуван и приклучуван кон други институции (Македонската опера и балет и Македонското радио), а во 1960 година Македонската филхармонија е конституирана како професионална установа. По катастрофалниот земјотрес во Скопје во 1963 година Македонската Филхармонија под раководство на светски афирмираниот диригент Игор Маркевич остварува европска турнеја која е од исклучително значење за солидарноста што му беше укажана на настраданиот град од страна на народите ширум Европа и светот.

**Фестивалот „Охридско лето“ - Охрид** како долгогодишна манифестација од областа на културата започнал со делување на 4 август 1961 година под сводовите на катедралната црква Света Софија, со оперската певица Ана Липша Тофовиќ која го означила почетокот на еден фестивал кој подоцна ќе го носи официјалното име Охридско лето.

Непосредно по катастрофалниот земјотрес во Скопје, во 1963 година, започнала и изградбата на **Универзалната Сала - Скопје**, како трајно одбележување на хуманата акција на дарителите од странство. Официјално Универзалната Сала започнала со работа на 1 Јануари 1966 година.

**Ансамблот за народни игри и песни „Танец“ - Скопје** е основан 1949 година со цел да го собира, негува и промовира македонското фолклорно наследство.

- **Домови за културата**

Домовите на културата во Македонија, по Втората светска војна се појавуваат како резултат на големата кампања за културно просветна дејност на населението. Во помалите места користеле простор на поранешните читалишта или соколани, а во поголемите центри нивното формирање било

секогаш во сенка на другите културни установи, како музеи, библиотеки, театри.

Собранието на Социјалистичка Република Македонија одбележувајќи ја 25 годишнината од Првото заседание на АСНОМ на седницата одржана на 2 август 1969 година донело Одлука за изградба на 25 спомен-домови на културата во 25 градови на СРМ, како траен спомен на Првото заседание на АСНОМ.[23]

Со Законот за учество на СРМ во финансирањето на изградбата на 25 спомен-домови на културата[24] утврден е износ на средства за изградба на спомен-домови на културата во следниве градови: Битола, Прилеп, Куманово, Тетово, Титов Велес, Охрид, Гостивар, Штип, Струмица, Кичево, Кавадарци, Ресен, Гевгелија, Крива Паланка, Кочани, Неготино, Радовиш, Берово (Пехчево), Виница, Делчево, Кратово, Пробиштип, Валандово, Демир Хисар и Македонски Брод.

До 1991 година Република Македонија создала импозантна мрежа на повеќе од 44 домови на културата[25]

Домовите на културата во минатото биле од капитално значење за развојот на творештвото и културниот живот во државата во целина. Тие во

---

[23] „Службен весник на СРМ“ бр. 30/69

[24]„Службен весник на СРМ“ бр. 18/70, 44/72, 25/76 и 13/80

[25] Дом на културата-Битола, Дом на културата „Димитар Беровски“-Берово, Дом на културата „Јане Сандански-Пехчево, Дом на културата „25 Мај-Македонски Брод, Културен центар „25 Мај“ - Валандово, Дом на културата „Тошо Арсов“- Виница, Центар за култура „Македонија'- Гевгелија, Спомен дом на културата „АСНОМ“-Гостивар, Дом на културата „Братство-Единство“-с. Неготино, Гостивар, Пионерски дом „Панче Поповски“-Гостивар, Општествен дом „Скопје“-Дебар, Дом на културата „Никола Јонков Вапцаров“-Делчево, Дом на културата „Илинден“-Демир Хисар, Дом на културата „Иван Мазов Климе“ - Кавадрци, Младински културен центар „Младост М“-Кавадарци, Спомен дом на културата „Кочо Рацин“ - Кичево, Работнички Универзитет „Крсте Мисирков“-Кичево, Дом на културата „Бели мугри“-Кочани, Дом на културата „Лазар Софијанов“-Кратово, Дом на културата - Крива Паланка, Работнички Универзитет „Наум Наумовски Борче“-Крушево, Дом на културата „Јосип Броз“- Куманово, Дом на културата „Ацо Ѓорчев“ - Неготино, Дом на културата - Демир Капија, Дом на културата „Григор Прличев“ - Охрид, Центар за култура „Марко Цепенков“-Прилеп, Дом на културата „Злетовски рудар“ - Пробиштип, Работнички Универзитет-Радовиш, Дом на културата „Драги Тозија“-Ресен, Дом на културата „Крсте Мисирков“ - Свети Николе, ОП „Романса“-Свети Николе, Културно-информативен центар-Скопје, Младински културен центар-Скопје, Дом на културата „Кочо Рацин“-Скопје, Детски културен центар “Карпош“-Скопје, Дом на воени инвалиди-Скопје, Партизански дом „ Сандево“ - Скопје, Дом на културата „Браќа Миладиновци“ - Струга, ДК „Благој Јонков Мучето“ - Струмица, Дом на културата село Ново Село-Струмица, Пионерски дом „Благој Јонков Мучето“ - Струмица, Дом на културата „И. Антевски. Смок“ - Гостивар, Дом на младите-Штип, Дом на културата „Ацо Шопов“-Штип.

најголем број на општини претставувале средиште и основни клетки на културното живеење Во остварувањето на основните функции на домовите на културата се прекршуваат речиси сите можни облици на културата - од аматерските самодејности до највисоките форми на професионалното творештво и презентација.

- **Заштита на културното наследство**

„Периодот од 1944-1971 година е мошне комплексен и специфичен, особено поради нагласената улога на федерацијата и динамиката на системските прописи, од една страна, и големите противречности и талкања во нормативното профилирање на националните модели на заштита на добрата од културно и историско значење во тогашната заедничка држава, од друга страна. За македонскиот модел на заштита, пак, токму тој период е мошне карактеристечен. Периодот од 1971 година е период на особено значајни реформи во оваа област пред се заради тоа што остварувањето на заштитата е суверено прво на Републиката што претставувало силен поттик за натамошно и непречено профилирање на националниот модел на заштита“[26].

Заштитата на културното наследство, во Република Македонија се остварува организирано почнувајќи од 1949 година, кога со Уредба на Владата на Република Македонија од 12 февруари 1949 година е основан **Централниот завод за заштита и природните реткости.** Во ова време не биле создадени неопходните услови за основање на другите заводи, иако формално-правно биле создадени услови за разграничување на нивните надлежности. Заводот имал статус на управна установа односно претставувал организација во рамки на државната управа.

*Централниот завод* бил основан како една единствена *матична институција* за двете допирни области, со статус на *орган за заштита* од типот – *управна установа*, во рамките на која било обединето вршењето на управно-правните и стручно-научните функции за заштита на двете категории добра (спомениците на културата и природните реткости).

*Централниот завод* почнал со работа неколку месеци по донесувањето на основачкиот акт, откако биле создадени неопходните услови за тоа (месец

---

[26] Ристов Ј. Споменичко право во Македонија, Том 1 Култура 2003 Скопје стр.3

август 1949). Во тоа време, главен проблем било немањето на соодветен стручен кадар, па новата институција започнала да работи само со 4 лица. Меѓутоа, дури и во такви околности, пристапувајќи со голем ентузијазам и пожртвуваност, како и со свест за мисијата што му била доверена и со чувство на одговорност за нејзиниот успех, малиот колектив на Заводот се зафатил со решавање на бројни стручни и други проблеми, што ги надминувале неговите можности.

Во 1960 година, со тогашниот матичен закон, *Централниот завод* добил нов назив – *Републички завод за заштита на споменициите на културата* и статус на самостојна установа од областа на културата, со својство на правно лице, која врши дејност од посебен општествен интерес. [27]

Во 1961 е основан **Заводот за заштита на споменициите – Охрид**, а во 1963 е основан **Заводот за заштита на споменициите на културата - Скопје.**

Од тогаш па до 1978 година се основани и заводите за заштита на споменициите на културата во **Битола, Прилеп, Штип** и во **Струмица**, кои освен Заводот во Скопје, истовремено функционираат и како музејски институции.

- **Музејска дејност**

Во првите повоени години музеите биле позиционирани во системот на заштита на културното наследство како установи од допирни области определени како соработници на заводите за заштита на споменициите на

[27] Сумарните показатели за работењето на *Републичкиот завод* предочуваат дека во периодот 1961-2004 година: со заштитната евиденција се опфатени 12. 567 недвижни добра и 23. 372 икони; статусот споменик на културата е утврден на 468 објекти и локалитети; со регистрацијата се опфатени 1210 недвижни споменици на културата и 103 јавни и приватни збирки со над 8. 000 предмети; во планотеката е прибрана и обработена комплетна техничка документација за 1005 објекти и локалитети со околу 10. 000 планотечни единици; по основ на превентивна археологија се реализирани над 100 акции за заштитни ископувања и истражувања на загрозени локалитети; во периодот 1981-1988 година се реализирани 10 научно-истражувачки проекти; за 380 објекти се изработени над 500 конзерваторски проекти; конзерваторско-реставраторски работи од поголем обем се изведени на 36 археолошки локалитети, 125 верски објекти и 64 профани објекти или вкупно 225 објекти и локалитети, како и на над 1800 икони, крстови, царски двери, предмети во резба, плаштеници, слики и други движни добра; издавачката продукција опфаќа 70 публикации, од кои 56 изданија во рамките на едицијата и 14 вон едицијата, а во рамките на едицијата 28 броја на списанието "Културно наследство" и 28 посебни публикации; стручните лица на Заводот настапиле со свои трудови на над 300 научни и стручни собири во земјата и странство; успешна меѓународна соработка е остварувана со повеќе меѓународни организации и со сродни институции од над 30 земји во светот итн. (Монографија „60 години историја", Национален конзерваторски центар-Скопје, 2010 година, стр.15)

културата. По 1959 година музејските установи добиле нова позиција на активни субјекти во заштитата, со изворни надлежности.

Музејската дејност во Република Македонија се остварува организирано почнувајќи од 1952 година кога е основан Археолошкиот музеј на Македонија, Етнолошкиот Музеј и Музејот на Народноослободителната војна подоцна преименуван како Историски музеј. [28]

Во 1976 година е изграден комплексот каде денес е сместен Музејот на Македонија-Скопје, а во 1984 Археолошкиот, Етнолошкиот и Историскиот музеј се интегрираат во една комплексна институција-**Музеј на Македонија-Скопје**.

**Природоначниот музеј на Македонија - Скопје** е основан 1926 година, од страна на Станко Караман, кој до 1941 година ги основал и првите збирки на музејот, а во истата 1926 година под раководство на Станко Караман, со скромен број на животни, стекнати врз основа на подарок е формирана **Зоолошката градина - Скопје.**

**Народниот музеј - Велес** е основан од Собранието на општина Велес во 1946 година.

**Уметничката галерија „Скопје“ – Скопје** е основана од Министерството за просвета на Н.Р.Македонија во 1948 година, а во 1949 е основан **Музејот на град Скопје**, кој во 1970 година се сместува во адаптираниот дел на старата Железничка станица.

**Народниот музеј - Битола**, е основан на 18. 02. 1934 година, а во 1952 година, со одлука на Президиумот на Народна Република Македонија, Музејот во Битола се именува во Народен Музеј -Битола. На 05. 06. 1975 година со решение бр. 06 2907/1 Собранието на Општина Битола го основа Заводот за заштита на спомениците на културата и природните реткости Битола, кој во 1986 се спојува со Народниот Музеј. Вака формираната институција го доби називот Завод за заштита на спомениците на културата, природните реткости и музеј Битола. Со решение бр. 08 312/1 од 10. 05. 1983 година дадена е согласност за припојување на Уметничката галерија "Моша Пијаде" кон Заводот за заштита на спомениците на културата, природните реткости и музеј Битола. **Народниот музеј - Штип** е формиран во 1950

[28] Службен весник на Народна Република Македонија бр. 36/52

година, како градска институција за да во 1955 година прерасне во Музеј на Штипскиот крај, а истата година е формирана и **Зоолошката градина - Битола.**

**Народниот музеј - Охрид** е формиран во 1950 година, а започнал со работа во 1951 година. Тој ги продолжува музејските традиции на црковниот музеј во припратата на црквата Св. Богородица Перивлепта отворен во 1516 година. Се смета за еден од најстарите музеи во светот.

Пет години подоцна на 01. 07. 1955 година со Одлука на Собранието на општина Прилеп е основан **Народниот музеј - Прилеп,** а за прв директор е назначен Бошко Бабиќ, кој секако има големи заслуги за неговото формирање и понатамошен развој. Од 01. 07. 1981 година Народниот музеј - Прилеп прераснува во Завод за заштита на спомениците на културата, природните реткости и Музеј.

Основањето на **Природнонаучниот музеј „Др. Никола Незлобински -Струга**, се врзува со доаѓањето на рускиот емигрант Д-р Никола Незлобински во Струга, кој во една од бараките на маларичниот диспанзер ја поставува првата музејска збирка на препарирани животни, а од 1938 година се вселува во нова зграда со што се поставуваат и основите на Природонаучниот музеј во Струга. Збирката на овој музеј е особено значајна затоа што зборува за еден еко систем кој одамна изчезнал.

Мрежата на музејски сустанови се надополнува со **Музејот на Тетовскиот крај - Тетово** основан 1966 година, **Музејот на Западна Македонија во НОБ - Кичево** основан на 16. 01. 1973 година и **Музеј-Галерија - Кавадарци** основана истата година **Народниот музеј-Струмица** и **Музејот на Град Кратово** основани 1978 година, **Историскиот музеј - Крушево** основан на 8. 12. 1977 година, а **Народниот музеј - Гевгелија** е основан на 13. 02. 1980 година.

**Музејот на современата уметност - Скопје** е основан како резулат на донации на дела од повеќе европски и југословенски уметници (италијанскиот сликар Џузепе Сантомазо и германскиот графичар Хап Грисхабер, колекционерот Герхард Ледиќ, српскиот уметник Петар Лубарда), како и на организирани акции поттикнати од Меѓународното здружение на ликовни уметници (AIAP) за донирање на дела од еминентни светски автори од кои ќе се формира колекција на дела како основа за создавање на

современ музеј. Наведените активности се реализирале непосредно по катастрофалниот земјотрес во Скопје во 1963 година. По создавањето на една импозантна збирка од стотина дела, неколку македонски политичари, врвни уметници и афирмирани личности од јавниот живот, ја покренаа идејата за формирање на Музеј на современата уметност. Врз основа на нивната Иницијатива Градското собрание на град Скопје на 11 февруари 1964 година го основало Музејот. Во новата зграда е сместен на 13 ноември 1970 година.

- **Библиотечна дејност**

Едно од приоритетните прашања кои ја детерминирале АСНОМ - ска Македонија е и прашањето за просветата, како Сектор на кој му престојат „сериозни и тешки задачи". Во корпусот на прашања кои се однесуваат на печатењето на учебници на македонски јазик, изработка на граматика, воведувањето на македонскиот јазик во државната администрација е и прашањето за формирање на библиотеките. Во почетокот на 1945 година донесен е „Привремен правилник за библиотеките читалишта" со што се означува и почетокот на организираното делување на библиотеките, кои содржи две категории на библиотеки градски и селски библиотеки (со повеќе поткатегории). Библиотекарството во тој период е дефинирано како „научно-општествена гранка". За релативно кус приод во 1945 година се формирани повеќе од 82 народни библиотеки со повеќе од 230. 000 книги. Веќе во следната година бројот на библиотеки се зголемува на 488, а во 1947 на 917 библиотеки, во 1948 година 1. 137 библиотеки.

Библиотеките биле установи што имале задача да придонесуваат за ширење на општото образование и културата, како и да ја помагаат научната и стручната работа. Материјата за библиотечното работење за прв пат е уредена со закон од 1960 година. Според тој закон, кој во основа кореспондира и со сегашниот закон за библиотеките, библиотеките се делеле на општи и специјализирани, а бил воведен и поимот на матична библиотека.

Универзитетската библиотека **„Св. Климент Охридски" - Скопје** е основана со Решение на Президиумот на АСНОМ - Поверенство за Народна

просвета [29] , а **НУУБ „Св. Климент Охридски" - Битола** е основана во 1945 година како Градска библиотека, а од 1964 е преименувана како Матична библиотека „ Климент Охридски " - Битола. Во истата година се основани **Народната библиотека „ Ванчо Прке" – Виница, Народната библиотека „Гоце Делчев" - Штип и Општинската матична библиотека „Благој Јанков Мучето"- Струмица**.

**Библиотеката „ Браќа Миладиновци" - Скопје** е основана во март 1945 година како Градска библиотека, а од 1955 година прераснува во околиска библиотека. **Народна библиотека „Григор Прличев" - Охрид** е формирана на 18.10.1952 година, **а Народната библиотека „ Гоце Делчев"- Велес** основана е 1978 година.

Во периодот до 1991 година основани се и работат Матичната библиотека „Гоце Делчев" - Гевгелија, Матичната библиотека „Илинден" - Делчево, Народната библиотека „Феткин" - Кавадарци, Матичната библиотека „ Искра " - Кочани, Библиотеката „Тане Георгиевски" - Куманово, Матичната библиотека „Страшо Пинџур"– Неготино, Матичната библиотека „Кочо Рацин" - Пехчево, Градската библиотека „Борка Талески" - Прилеп, Народната библиотека „Браќа Миладиновци" - Радовиш.

- **Ликовна дејност (визуелни уметности)**

Периодот на создавањето на македонската држава е периодот кога започнува да се развива институционалното остварување на визуелните уметности. Имено во овој период се формираат сите релевантни ликовни установи и оштествени организации како Друштвото на ликовните уметници (од 1946 година), Друштвото на уметниците на применетата уметност (1950), Училиштето за применети уметности и Уметничката галерија „Скопје"- Скопје во 1948 година и Факултетот за ликовни уметности од 1980 година.

Во вкупната мрежа на установи, само три установи се наменети за проучувањето и преставувањето на визуелните уметности и тоа: Музејот на современата уметност, Уметничката галерија во Скопје и Уметничката галерија во Струмица (1964 година).

- **Филмска дејност**

---

[29] Службен весник на НРМ бр. 20/44

Првото кино „Вардар“ е отворено во 1912 во Скопје, а четири години подоцна е отворено и второто кино „Балкан“. Во наредните години, кина се отвораат во повеќе градови низ Македонија.

Во 1954 година бројот на постојните кина изнесува 77, во 1955 година 82, а во 1972 рекордни 86 кина. Од 1980 година таа бројка е во постојан пад.

Почетоците на филмското производство во Македонија се поврзани со делата на браќата Милтон и Јанаки Манаки, првите сниматели на Балканот. Првиот македонски игран филм, „Фросина“, е снимен во 1952 година, а до крајот на 2000 година македонската играна продукција реализирала 47 долгометражни играни филмови. Најголемиот број од нив го носат амблемот на „Вардар филм“ (основан 1947) којшто долго време ќе остане единствениот продуцент во Македонија.

Од повоениот период па до 2000 година се реализирани повеќе од 800 кусометражни документарни, играни и анимирани филмови, а треба да се забележи и тоа дека и непрофесионалниот филм (аматерскиот) во овој период има значаен подем (од 1956 до 2000 година се снимени 1353 филмови).

- **Кинотечна дејност**

Заштитата на аудиовизуелните добра се остварува преку НУ - Кинотека на Македонија-Скопје. [30]

Кинотеката на Република Македонија е основана 1974 година, со Законот за основање на Кинотеката на Социјалистичка Република Македонија. [31]

Кинотеката има надлежност да врши обработка, чување, заштита и презентирање на филмови и филмски материјал од посебно уметничко, културно, научно, историско и друго општествено значење и создавање на фонд со филмови и филмски материјал од сета домашна продукција и од најзначајните филмски остварувања во светот.

- **Други форми на организирано остварување на културата**

Во овој период особено значајно е делувањето и на здруженијата на граѓани од соодветни дејности од културата како: Друштвото на

[30] Во 1952 година бил формиран Државниот филмски архив, но тој бил укинат само после една година.
[31] Закон за основање на Кинотеката на СРМ „Службен всник на СРМ“ бр. 20/74

литературните преведувачи на Македонија, Друштвото на писатели на Македонија, Здружение на композиторите, Друштво на ликовните уметници на Македонија, ДЛУПУМ, Друштво на заштита на фауната - Битола, Здружение на карикатуристи на Македонија, Друштво на ликовни работници - Битола, кои несомено дале огромен придонес во равојот на културата.

Посебна форма на општествени организации претставувале културно-просветните заедници и тоа: КПЗ на Македонија КПЗ на Битола, КПЗ на Валандово, КПЗ на Скопје, КПЗ на Гостивар, КПЗ на Делчево, КПЗ на Кичево, КПЗ на Т. Велес, КПЗ на Кратово, КПЗ на Охрид, КПЗ на Куманово, КПЗ на Тетово, КПЗ на Штип, КПЗ на Струга, КПЗ на Струмица, КПЗ на Радовиш.

Значаен дел од македонскиот културен простор завземаат и културните манифестации, кои со голем ентузијазам ги поттикнувале бројните аматери од областа на фолклорот, хорската лирика и народното творештво. Токму заради нивното делување голем дел од обичајната традиција не бил препуштен на заборавот.

Кога зборуваме за периодот на остварување на културата од 1945 - 1991 година и покрај идеолошката матрица врз основа на која се остварувала културата, како и доминантната државна интервенција зборуваме за периодот во кои се втемелиле сите релевантни институции кои и денес се темел на културата на Република Македонија. Значајно е дека компаративно сите форми на институционално остварување на културата, кои биле застапени во Европските земји биле застапени и во Македонија. Од денешен аспект за дел од установите може да толкуваме дека се основани и како резултат на „граѓанска иницијатива“ што е исклучително позитивен показател за степенот на самосвесноста на македонскиот народ за културно самоиздигнување. Позитивна карактеристика на овој период е и отвореноста за соработка со уметници од федерацијата и пошироко.

Слободата на културните изразувања била ограничена со идеолошката матрица на политичкиот систем.

## 3. Историски приказ на институционалното остварување на културата во периодот 1991-2003 година

**Новиот Устав на РМ (1991) и влијанието на културата**

Првите години од последната деценија на 20 век, се значајни за релацијата историја - сегашност.Во овој карактеристичен период се сретнуваат двете димензии на историјата и на сегашноста, време во кое транзицијата го определува и го карактеризира крајот на еден политички поредок и воспоставувањето на нов политички поредок. Тоа се две фази, завршена фаза на постоење на еден систем и почеток на нова фаза на создавање на еден друг систем. Ова е период во кој се преиспитуваат „трајните вредности", период кој има есенцијално значење и за културата.

Уставот на Република Македонија [32] донесен во ноември 1991 година ја дефинира Република Македонија како независна и суверена држава. Со донесувањето на Уставот и демократизацијата на општествениот, политичкиот и економскиот систем на државата се создадоа основи за реформи во културата.

Релевантни за културата се постулатите на Уставот за собраниска парламентарна демократија, граѓански концепт на државата, пазарната економија, повеќепартиски политички систем, локална самоуправа, еднаквост на сите видови на сопственост, трансформација на општествената сопственост во државна или приватна.

Уставот на Република Македонија утврдува дека културните права се дел од основните слободи и права на човекот и граѓанинот, заради што со Уставот се гарантира слободата на научното, уметничкото и другите видови на творештво и правата што произлегуваат од научното, уметничкото или друг вид на интелектуално творештво. Воедно, согласно со Уставот на РМ, државата го поттикнува, помага и штити развојот на науката, уметноста и културата. Исто така, согласно со Уставот на граѓаните им се гарантира

[32] Службен весник на РМ бр. 52/01

слободата на здружување заради остварување и заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања.

Со Уставот е утврдено дека предметите и објектите од особено културно и историско значење определени со закон се добра од општ интерес за Републиката и уживаат посебна заштита. Републиката гарантира заштита, унапредување и збогатување на историското и уметничкото богатство на Македонија и на сите заедници во Македонија, како и на добрата кои го сочинуваат без оглед на правниот режим.

Со Уставот се утврдуваат две категории на заштита на културното наследство, повисока наречена „посебна" заштита и пониска наречена „гарантирана" заштита.

Посебна заштита уживаат само селектирани материјални добра, односно предмети и објекти од особено културно и историско значење, определени со закон и како такви имаат уставен статус на добра од општ интерес за Републиката и државата за нив обезбедува посебна заштита.

Гарантирана заштита уживаат добрата кои не се од особено значење, а според своите вредности претставуваат историско и уметничко богатство на Македонија и на сите заедници во Македонија.

Прописите од областа на културата, кои во Република Македонија се донесени по донесувањето на Уставот на РМ од 1991 година во основа ги содржат и ги надградуваат начелата на Уставот.

Министерството за култура е основано согласно Законот за органите на управата од 1990 година[33].

Во преодните одредби на Законот е утврдено дека Министерството за култура се основа врз основа на интегрирање на Републичкиот комитет за култура, Републичката комисија за културни врски со странство и Републичката самоуправна интересна заедница за култура. Министерството за култура започнува со работа со денот на именување на првиот министер за култура, Цветан Грозданов на 20.03.1991 година.

[33] „Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и Службен весник на РМ"бр. 63/94

**Законска регулатива за културата согласно со Уставот на РМ**

Во времето од донесувањето на Уставот од 1991 година до донесувањето на Законот за културата 1998 година, културата беше регулирана со прописи наследени од претходниот уставен систем заради што, за значаен дел од односите во културата, како за основањето, организацијата, управувањето, финансирањето, надзорот и други релевантни прашања не беше можна примената на старите законски решенија кои се базираа на здружување на трудот и самоуправно интересно организирање и управување.

Заради натамошно применување на законите од претходниот систем, кои во рокот утврден од Уставниот закон не беа усогласени со Уставот, по многубројни иницијативи, Уставниот суд поништи значаен дел од нив, со што во културата се создаде сериозен правен вакуум, особено во делот на изборот, управувањето и одлучувањето на организациите со општествен капитал, каде спаѓаа и организациите од областа на културата.

Во отсуство на правна регулатива празнините се надминуваа со решенија донесени од Владата или од министерот за култура. Со Уставните амандмани од 1990 година на Уставот од 1974 година се укина сизовскиот начин на финансирање на општествените дејности. [34]

Со донесувањето на Амандманите на Уставот на СРМ меѓу другото на општините им е укинато својството на општествено-политички заедници, укинато е самоуправното интересно организаирање и е прокламиран нов систем на буџетско финанирање на општествените дејности. Така од 90-тите, сите институции кои до тогаш се финансирани од самоуправните интересни заедници, почнаа да се финансираат од Републичкиот буџет, преку Министерството за култура.

Уставните постулати за еднаквоста на сите видови на сопственост нема формално-правна поткрепа во културата, заради непостоење на законски одредби за трансформација на сопственоста во култрата.

---

[34] До тогаш финаснирањето на културата во основа се остваруваше преку самоуправно интересно организирање, односно преку републичките и општинските самоуправни интересни заедници за култура, а од страна на буџетите на Републиката и општините, по исклучок и незначително.

Во културата во примена се повеќе законски прописи со кои се регулираат сценско-уметничката, филмската, библиотечната, издавачката и музејската дејност, заштитата на спомениците на културата, авторското право, самостојните уметници и подигањето на споменици и спомен-обележја.

Правниот систем во Република Македонија во овој период се градеше некохерентно и неконзистентно.

Не се донесоа системските прописи за регулирање на односите во т. н. „општествени дејности" со кои на воедначен начин ќе се поставаат основните решенија за сите области од сферата на општественото делување.

И во културата наместо најнапред да се донесе системски закон за културата, прво се донесе Законот за задолжителен примерок (1994), Законот за издавачката дејност во 1995 (со кој надвор од системските решенија се приватизираше целата издавачка дејност), потоа се донесе Законот за авторското право и сродните права (1996), Законот за употребата на македонскиот јазик (јануари 1998), па дури потоа Законот за културата во јули 1998 година.

Новата правна рамка за регулирање на културата, а оттука и за поставеноста на установите во културата е Законот за културата[35] како основен пропис со кој се регулираат односите во областа на културата.

Законот за културата се остварува врз принципот на рамноправна положба на сите субјекти - физички и правни лица, под еднакви услови да можат да ја остваруваат културата. Рамноправноста на физичките лица го промовира граѓанскиот концепт на културата, според кој, секој граѓанин во Републиката, независно од неговото потекло, етничка припадност, полот и друго, во однос на создавањето на културата има еднакви права гарантирани со закон.

Со овој закон се утврдуваат начелата и условите за основањето, управувањето и одлучувањето и работа на установите, фондовите и фондациите во културата, самостојните уметници, финансирањето на културата, спецификите во работните односи, управниот надзор и казнената политика.

---

[35] Закон за културата „Службен весник на РМ"бр.31/98

Овој Закон е особено значаен за функционирањето на установите од областа на културата бидејќи со него се регулираат начинот и условите за основање, работа, раководење, управување, финансирање и престанок со работа на установите од областа на културата.

Заради имплементација на Уставните амандмани од 2001 година[36] и Охридскиот рамковен договор, во 2003 година се направени сеопфатни и темелни измени на Законот за културата особено во делот на афирмирање на културниот идентитет на заедниците.[37]

Со измените на Законот во делот на преодните и завршните одредби се создадоа формално правни претпоставки за започнување на децентрализацијата во културата.

**Поставеноста на установите од областа на културата во новите општествени околности**

Процесот на осамостојувањето на Република Македонија донесе нови предизвици во културата. Долг период по осамостојувањето на Република Македонија старите решенија базирани на претходниот Устав имаа силно влијание на тековното опстојување на установите од областа на културата и претставуваа извори на сериозни проблеми. Културата долго време остана и без дефинирани формални и други модалитети за утврдување на културната политика на ниво на државата како иницијална категорија за раздвижување на сите процеси во системот на културата.

Во почетниот период на транзиција во културата мрежата на државни установи ја сочинуваа околу 170 установи кои беа целосно финансирани од државата и 130 установи кои беа делумно финансирани. Огромната мрежа на установи од областа на културата апсорбираше 70% од Буџетот на Министерството за култура и тоа само за плати на вработените и за материјални трошоци на установите, што негативно се одразуваше на квалитетот и на квантитетот на програмските содржини на установите заради хроничниот недостиг од средства за оваа намена.

---

[36] Службен весник на РМ бр. 91/2011

[37] Закон за изменување и дополнување на Законот за културата „Службен весник на Република Македонија "бр. 49/2003

Постојниот систем на доминантно институционално остварување на културата претставуваше извор на многу проблеми, пред сè, заради нееднаквата положба меѓу етаблираните институции, слободните творечки асоцијации и слободните творечки индивидуи, особено во поглед на достапност на материјалните, технолошките и просторните погодности. Поголемиот дел од установите имаа застарена организациска структура која се одликуваше со обемност, неефикасност и слаба ефективност. Напластениот голем обем на институционализам беше во директна спротивност со природата на уметничкото творештво.

Без законска поткрепа, соодветни анализи за потребата и оправданоста од постоење на одредни установи, како и во услови на непостоење на стратегија за идниот развој на културата, инцидентнто и со парцијални решенија се започна процесот на „трансформација на културата“.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за издавачката дејност[38] се создадоа формално-правни предуслови за започнување на приватизација на организациите регистрирани за вршење на издавачка дејност.

Во Законот за издавачката дејност беше вметната одредба со која се утврди дека издавачка дејност можат да вршат правни и физички лица регистрирани за вршење на издавачка дејност.

Во овој процес приватизирани беа сите издавачки куќи во Република Македонија.

Во периодот од 1995 заклучно со 30.08.1996 година престанаа да постојат следните Културно - просветни заедници: КПЗ на Македонија КПЗ на Битола, КПЗ на Валандово, КПЗ на Скопје, КПЗ на Гостивар, КПЗ на Делчево, КПЗ на Кичево, КПЗ на Т. Велес, КПЗ на Кратово, КПЗ на Охрид, КПЗ на Куманово, КПЗ на Тетово, КПЗ на Штип, КПЗ на Струга, КПЗ на Струмица, КПЗ на Радовиш (Скопје, Битола и Струмица продолжија со работа како Дирекции за култура).

Министерството за култура до 2000 година ги финансираше како установи (со плати и материјални трошоци како и со средства за програмски

[38] Закон за изменување и дополнување на Законот за издавачката дејност „Службен весник на РМ“ бр. 54/95

активности) здруженијата на граѓани и општествените организации. Од почетокот на 2001 година Министерството за култура престана да ја финансира работата на 51 здружение на граѓани. [39]

На 01. 01 2001 година мрежата на државни установи ја сочинуваат 115 установи (организации на здружениот труд) со следната територијална разместеност.

- **Берово** - Матична библиотека „Кочо Рацин“; Дом на културата „ Димитар Беровски “; Дом на културата „ Јане Сандански“ – Пехчево;
- **Битола** - Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј; МУБ „ Климент Охридски “; Зоолошка градина; Народен театар; Спомен дом на културата; Илинденски денови; Градско кино;
- **Македонски Брод** - Дом на културата „25 Мај“;
- **Валандово** - Културен центар „25 Мај“;
- **Виница** - М. Библиотека „ Ванчо Прке“; Дом на културата „Тошо Арсов“;
- **Гевгелија** - М. Библиотека „Гоце Делчев“; Народен музеј; Центар за култура „Македонија’;
- **Гостивар** - НМБ „Вук Караџиќ“; Спомен дом на културата „АСНОМ“; Дом на културата „Братство-Единство“-с. Неготино; Пионерски дом „Панче Поповски“;
- **Дебар** - Општествен дом „Скопје“;
- **Делчево** - М. Библиотека „Илинден“; Дом на културата „Никола Јонков Вапцаров“;

---

[39] Друштво на литературните преведувачи на Македонија, Друштво на пистатели на Македонија, Книжевна младина на Македонија, Филмска младина на Македонија, Филмска младина на град Скопје, Музичка младина на Град Скопје, Музичка младина на Македонија, Здружение на композиторите „МАК-АРТ“; Концертна агенција, Театар „Чекори“, КУД „Стив Наумов“-Битола, Фолклорен ансамбл“Китка’с.Истибања-Виница, КУД „Јосиф Јосифовски“ Гевгелија, КУД „Гоце Делчев“ - Делчево, КУД „Нико Пусоски“-Кичево, КУД „Панче Пешев“-Куманово, КУД „Ванчо Прке“-Штип, КУД „Кочо Рацин“-Скопје, КУД „Орце Николов“-Скопје, КУД „Коста Абрашевиќ“-Скопје, КУД „Гоце Делчев“-Битола, КУД „Дримкол“-село Вевчани, КУД „Вера Јоциќ “- Македонска Каменица, КУД „Руен“-Кочани, КУД„ Емин Дураку“-Скопје, КУД „Јени Јол“ Скопје, Друштво на ликовните уметници на Македонија, ДЛУПУМ, Здружение на карикатуристи на РМ, Друштво на ликовни работници - Битола, Детско ликовно студио-Битола, Уметничка галерија-Струмица, Друштво на заштита на фауната Битола, Културно-уметнички манифестации на Македонците Муслимани, Илинденски денови – Битола, Научно-културни средби „Бигорски собири“- Гостивар, Средби курирче „Рацинови средби“ – Велес, Интерфест-Битола.

- **Демир Хисар -** Дом на културата „Илинден“;
- **Кавадарци** – НБ „ Феткин“; Музеј и Галерија**;** Дом на културата „Иван Мазов Климе“**;** Младински културен центар „Младост М“;
- **Кичево -** М. Библиотека „Кочо Рацин“; Музеј на Западна Македонија во НОВ; Спомен дом на културата „Кочо Рацин“; Работнички Универзитет „Крсте Мисирков“;
- **Кочани -** М. Библиотека „Искра“**;** Дом на културата „Бели мугри“;
- **Кратово -** Музеј на град Кратово**;** Дом на културата „Лазар Софијанов“;
- **Крива Паланка -** Дом на културата;
- **Крушево -** Историски Музеј „Крушево“**;** Работнички Универзитет „Наум Наумовски Борче“**;** Манифестација „10 дена Крушевска Република“;
- **Куманово -** Библиотека „Тане Георгиевски“; Народен музеј; Народен театар; Дом на културата „ Јосип Броз “**;** Градско кино;
- **Неготино -** М. Библиотека „ Страшо Пинџур “; Музеј на град Неготино; Дом на културата „ Ацо Ѓорчев “; Дом на културата - Демир Капија**;**
- **Охрид -** Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј; Градска библиотека „Григор Прличев“; Дом на културата „Григор Прличев“; Охридско лето;
- **Прилеп -** Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј; Градска библиотека „ Борка Талески “**;** Народен театар**;** Центар за култура „Марко Цепенков“;
- **Пробиштип -** Дом на културата „Злетовски рудар“;
- **Радовиш-** Народна библиотека „ Браќа Миладинови “; Работнички Универзитет;
- **Ресен -** Дом на културата „ Драги Тозија **“;**
- **Свети Николе -** Народен Музеј; Дом на културата „Крсте Мисирков“; ОП „ Романса “ ;
- **Скопје -** Републички завод за заштита на спомениците на културата; Завод за заштита на спомениците на културата на град Скопје; Библиотека „ Браќа Миладиновци “; НУБ „ Климент Охридски “; Музеј на Македонија; Музеј на град Скопје; Зоолошка градина; Природонаучен музеј на Македонија; Македонски народен театар; Македонска Филхармонија; Културно - информативен центар; Младински културен центар; Ансамбл „Танец“; Универзална сала;

Театар на народности; Драмски театар; Театар за деца и младинци; Дом на културата „ Кочо Рацин “; Детски културен центар “Карпош“; Дом на воени инвалиди; Партизански дом „ Сандево “; Вардар Филм; Кинотека на Македонија; Македонија Филм; Уметничка галерија „Скопје’; Музеј на современа уметност; Градски кина;

- **Струга -** Н. М. Библиотека „Димитар и Константин Миладинови; Дом на културата; Народен музеј; Струшки вечери на поезијата;
- **Струмица -** Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј; М. Библиотека „Благој Јонков Мучето; Народен театар; ДК „Благој Јонков Мучето“; Дом на културата село Ново Село; Пинерски дом „ Благој Јонков Мучето“; Уметничка галерија;
- **Тетово -** М. Библиотека„Кочо Рацин“; Музеј на Тетовскиот крај; Дом на културата „И. Антевски. Смок“;
- **Велес-** М. Библиотека „Гоце Делчев“; Народен музеј; Народен театар; Рацинови средби; и
- **Штип -** Завод за заштита на спомениците и музеј; Н. Библиотека „Гоце Делчев“; Народен театар; Дом на младите; Дом на културата „Ацо Шопов“.

Во установите од областа на културата се вработени околу 3000 лица, (состојба декември 1996 година) од кои во музичката 671, во библиотечната 496, во театарската 434, во домовите на културата, 427, во музејската 384, во заштитата на спомениците на културата 276, во ликовната 71, во филмската 68, во издавачката 46, во културно-просветните заедници 44, во културно-уметничките друштва 17, во културно уметничките манифестации 15 и во работничките универзитети 11.

Според степенот на образование, културата се одликува со висок коефициент на стручна подготовка, при што од вкупниот број на вработени 50 се со звање доктор на науки, 169 се магистри, 1066-ВСС, 300-ВШС, 142-ВКВ, што покажува дека од вкупниот број на вработени над 58% се со високо образование.

Бројот на вработени во установите од областа на културата во 2002 година изнесува 2455. Намалувањето на бројот на вработени во установите од страна е последица на намалувањето на бројот на установи кои се финансираат од Министерството за култура.

Доколку се анализира бројот на вработени во областа на културата во 2002 година, по општини може да се констатира дека најголем број на вработени има во Скопје-1502 вработени, Битола со 177 вработени, Прилеп со 96 вработени и Куманово со 64 вработени.

Платите на вработените се формираат по еден рецидив од минатото-според критериумот на условно неквалификуван работник, кој не даваше простор за соодветно вреднување на уметничкиот труд, заради што уметничкиот и стручниот труд на вработените во областа на културата никогаш не е соодветно вреднуван и секогаш бил на дното на скалилото на плати во општествените дејности.

Институциите од областа на културата ја остваруваат својата дејност во простор од 270. 382 м2 кој е во општествена сопственост.

Финансирањето на културата во најголем дел се врши преку Буџетот на Министерството за култура.

Учеството на средствата за културата во општествениот производ се движи во 1993 - 0,55 %, во 1994 година - 0,57%, а во 1996 - 0,56%.

Средствата за култура во рамките на вкупниот буџет на државата се движат во 1993 година - 2,970%, во 1994 година - 2,175 %, во 1995 година - 2,309%, во 1996 година - 2,368%, во 1998 година - 2,56% а во 2002 година - 1.81%.

Средствата од Буџетот кои се даваат за материјални трошоци на установите и плати на вработените се околу 70%, а за дејноста (програмските активности) на установите околу 30%. Од 1995 година оваа ставка е во опаѓање и се движи во 1995 година - 58,75%, во 2000 година - 38,65 и во 2002 година-35,47%.

Сопствените приходи (вклучувајќи ги и надоместоците од изнајмување простор, вршење дејности кои не се од областа на културата, различни дотации и спонзорства) просечно не досегаат ни 20% од средствата потрошени за функционирање на установите.

Со оглед на тоа што се напушти стариот систем на сизовско финансирање, а нов систем се уште не е изграден културата се финансира под целосна ингеренција и дискреционо овластување на министерот за култура, без пропишан систем за конкурирање, јавност, евалуација, контрола и одговорност во изборот на проекти и установи кои се финансираат.

# 4. Трансформација на установите од областа на културата (2003-2005)

## 4. 1. Утврдување на мрежата на национални установи

Културата во Република Македонија, на почетокот на 21 век се уште не е целосно дефинирана на макро план, ниту како целисходна организациона структура, ниту како динамика со сите процеси во неа. Потребата од целосно реструктуирање или трансформација на овој систем претставуваше неминовна и неодложна општествена акција.

Со цел за започнување на процесите за реформа во културата во 2003 година се направија измени во Законот за културата[40] со што се создадоа нормативни претпоставки за трансформација на културата и реализација на децентрализацијата во културата.

Имено согласно Законот, организациите со општествен капитал што се регистрирани за вршење дејност од посебен општествен интерес во областа на културата во периодот пред донесувањето на Уставните амандмани на Уставот на СРМ од 1990 година основани согласно со закон од општествено - политичка заедница, самоуправна - интересна заедница на културата или општествено - политичка организација продолжуваат да работат како национални установи до утврдување на нивниот статус согласно Законот, односно до завршувањето на постапката за трансформација согласно со прописите за трансформација на општествениот капитал.

Во овој момент во културата како државни установи од областа на културата делуваа 115 установа.

Владата на РМ на крајот на 2003 година донесе Одлука за утврдување на мрежата на националните установи од областа на културата[41].

Мрежата на националните установи се базираше на следниве критериуми:

- централните односно матичните установи по одделни дејности, а

[40] Закон за изменување и дополнување на Законот за културата „Службен весник на РМ"бр. 49/03

[41] Одлука за утврдување на мрежата на националните установи од областа на културата „Службен весник на РМ" бр. 84/03

особено тие што се основани со закон заради нивната координирачка функција во однос на останатите установи (како установите Републички завод за заштита на спомениците на културата, Кинотека на Македонија, НУБ „Св. Климент Охридски “, „ Музеј на Македонија“ и Природонаучен музеј);

- установи коишто со својата програмска активност и врвни културни дострели, потврдени со награди, признанија или позитивна критика даваат значаен придонес во создавањето и презентацијата на културата на граѓаните припадници на сите заедници во РМ (Македонска филхармонија, Ансамбл „Танец“, Театар за деца и младинци, Турска драма, Албанска драма, Народен театар - Битола);
- установи кои гравитираат во пограничните региони и кои со своето дејствување се значајни за заштитата и остварувањето на националниот интерес на државата во културата на тие подрачја, со акцент на прекуграничната културна соработка (како Центарот за култура – Крива Паланка, Центарот за култура - Дебар, Народниот музеј - Гевгелија, Центарот за култура „ Никола Јонков Вапцаров“- Делчево и др);
- установи кои со своето пошироко дејствување во соседните земји создаваат услови за порамномерен културен развој, за деметрополизација на културата и за поддршка на нерзвиените општини во кои нема установи од областа на културата (како Центрите за култура во Битола, Прилеп, Гостивар, Дебар, Тетово, Кичево и Куманово);и
- трансформирани установи со спојување на повеќе во една установа, а во функција на заедничко користење на просторните, техничките и кадровските капацитети, како и заради подобар квалитет во создавањето на културните вредности (спојување на домови на култура, библиотеки и тетатри во центри за култура).

Согласно Одлуката 51 установа доби статус на национална установа со следнава територијална разместеност:

- ***Скопје -*** Национална и Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“; Вардар филм; Кинотека на Република Македонија; Македонска Филхармонија; Македонска Опера и Балет (како дел

од Македонскиот народен театар); Македонски народен театар; Анасамбл за народни игри и песни „Танец“; Драмски театар; Театар за деца и младинци; Албански театар (како дел од Театарот за народностите); Турски театар (како дел од Театарот за народностите); Републички завод за заштита на спомениците на културата; Завод за заштита на спомениците на културата на град Скопје; Музеј на Македонија; Природонаучен музеј на Македонија; Музеј на современата уметност; Национална галерија на Македонија (преименувана од Уметничка галерија Скопје);

- ***Битола -*** Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“; Народен Театар***;*** Центар за култура (се обединија Спомен домот на културата и Установата за култура „Илинденски денови“); Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј;
- ***Гостивар -*** Центар за култура „АСНОМ“ (се обединија Домот на културата „ АСНОМ “, Народната и матична библиотека „Вук Караџиќ“ и Пионерскиот дом „Панче Поповски“);
- ***Гевгелија -*** Музеј на Гевгелија;
- ***Делчево -*** Центар за култура „Никола Јонков Вапцаров“;
- ***Кичево -*** Центар за култура „Кочо Рацин (се обединија Домот на културата „Кочо Рацин“и Матичната библиотека „Кочо Рацин“); Музеј на Западна Македонија во НОВ;
- ***Кочани -*** Центар за култура „Бели Мугри“;
- ***Куманово -*** Центар за култура „Трајко Прокопиев“ (се обединија Народниот театар и Домот на културата „Трајко Прокопиев“); Народен Музеј;
- ***Неготино -*** Центар за култура „Ацо Ѓорчев“
- ***Охрид*** -Библиотека „ Григор Прличев “; Центар за култура „ Григор Прличев “; Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј; Охридско лето;
- ***Прилеп -*** Центар за култура „ Војдан Чернодрински “ (се обединија Народниот театар „ Војдан Чернодрински и Домот на културата „ Марко Цепенков“); Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј;

- ***Струга*** **-** Центар за култура „ Браќа Миладиновци“ (се обединија Домот на културата „Браќа Миладиновци“ и Народната и матична библиотека „Димитрие и Константин Миладинови“); Манифестација „Струшки вечери на поезијата“***;*** Музеј „Др. Никола Незлобински“;
- ***Струмица*** **-** Центар за култура „ Антон Панов“ (се обединија Народниот театар „Антон Панов“, Домот на културата „Благој Јанков Мучето“ и Уметничката галерија)***;*** Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј;
- ***Тетово*** **-** Центар за култура „ Иљо Антески Смок “; Библиотека „ Кочо Рацин “; Музеј на Тетовскиот крај ;
- ***Велес-*** Центар за култура „ Јордан Хаџи Константинов Џинот “;
- ***Штип*** **-** Центар за култура „ Ацо Шопов “ (се обединиија Народниот театар и Домот на културата „Ацо Шопов“); Библиотека „Гоце Делчев“; Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј;
- ***Дебар*** **-** Центар за култура ;
- ***Крива Планака*** **-** Центар за култура;
- ***Крушево-*** Историски музеј

На оваа група на национални установи (неформално) припаѓа и Националната установа „Десет дена Крушевска Република“ основана со закон, во месец јули 1998 година

Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС) со писмо бр. 1007-408 од 16.06.2004 година доставено до Претседателот на Владата на Република Македонија изрази незадоволство по однос на донесената Одлука. Во писмото меѓу другото се истакнува „Постојниот комитет на ЗЕЛС предлага да се определат 15 до 18 институции од културата кои ќе бидат од национален карактер, а останатите да бидат од локален карактер. Поради тоа бараме од Владата и од Вас како надлежен ресорен министер да се воспостават јасни критериуми по кои ќе биде извршена селекција на институциите и овие критериуми транспарентно да бидат изложени“.

ЗЕЛС се залагаше за посеопфатана децентрализација извршена врз основа на јасни и транспарентни критериуми. Од денешен аспект барањето на ЗЕЛС е сосема оправдано и основано.

Во овој период се започна со приватизација на четири установи: АД „Градски кина“ - Скопје, Друштвото за дистрибуција на филмови „Македонија филм“, МКИЦ „ Младост М“- Кавадарци и ОП „Романса“ - Свети Николе.

Во 1991 година, законски неосновано ОЗТ „Градски кина“ се трансформираше во Акционерско друштво. Иако, Министерството за култура правеше обиди да ги врати „Градски кина“ под надлежност на државата со измените на Законот за културата од 2003 кога се утврди дека кинoприкажувачката дејност не се смета за дејност од областа на културата (што е спротивно на сите меѓународни конвенции за културата) Министерството за култура со писмо бр. 17-5347/1 од 28. 08. 2004 ја извести Агенцијата за приватизација на Република Македонија дека се создадени формално - правни предуслови да се започне со постапка за трансформација на општествениот капитал на Претпријатието „Вардар филм“-Скопје. Во постапка на приватизација беа опфатени и сите други кина во Република Македонија, што буквално се згасна кинoприкажувачката дејност.

Со донесувањето на Законот за заштита на културното наследство[42] Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата се трансформираше во Национален конзерваторски центар-Скопје, а Градскиот завод за заштита на спомениците на културата-Скопје во Конзерваторски центар-Скопје.

Иако со Законот беше предвидено да се раздвојат во посебни установи конзерваторски центри и музеи, Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид, Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј - Штип, Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп, Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј - Струмица, Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј - Битола, продолжија да функционираат како една установа со двојни надлежности за заштита на движно и недвижно културно наследство. Компаративно никаде во светот не постојат вакви хемафродитни установи.

Установите на кои Владата на РМ им ги презема основачките права во рок до шест месеци од денот на влегување во сила на Одлуката за

[42]Службен весник на РМ бр. 20/04

утврдување на мрежата на националните установи од областа на културата изврšија пререгистрација и се трансформираа од основни организации на здружениот труд во установи.

Со тоа по 13 години од денот на донесување на Уставот на Република Македонија за областа на културата заврши правниот вакуум и се напушти и формално самоуправниот модел на управување и раководење на културата. Со трансформацијата на установите на културата и формално згасна примената на самоуправувањето во РМ.

Со донесувањето на Одлуката и утврдувањето на статусот на национални установи формално - правно се создадоа претпоставки за започнување на децентрализацијата во културата.

## 4. 2 Децентрализација на културата

Под децентрализација во културата се подразбира активност во која дејностите од сферата на културата се пренесуваат од центарот (градот метрополата) во што е можно поголем број регионални центри, во кои истовремено се создаваат можности и се обезбедуваат услови за презентација на тие културни содржини.

Децентрализацијата на културата и наложува на државата да се грижи културата да биде подостапна до сите граѓани и заедници под еднакви услови.

Таа се потпира на неколку параметри од кои основно е да се обезбеди хармоничен однос меѓу демографскиот, економскиот и културниот развој, како и регионалните и локалните културни разлики, разликите меѓу заедниците и разликите меѓу центарот и периферијата, градот и селото.

Децентрализацијата е процес кој кореспондира со современите концепти за развој на културата, особено со плуралистичкиот концепт, во кој локалните заедници стануваат фактор на општиот културен развој.

Согласно потребите за децентрализација на културата, врз основа на предходно направени анализи, изработени насоки и смерници за организацијата на мрежата на установи во РМ, се започна процесот на децентрализација во културата.

Министерството за култура, на почетокот на 2004 година, согласно член 94 став 1 од Законот за културата, упати непосреден повик до советите

на единиците на локалната самоуправа да одлучат на кои од другите организации освен организациите од мрежата на националните установи им ги преземаат основачките права и ги утврдуваат како општински - градски установи.

По непосредниот повик, советите на општините доставија до Министерството за култура одлуки за преземање на основачките права на установите и истите ги утврдија како општински - градски установи. [43]

---

[43] Одлука за преземање на основачки права на организации од областа на културата, донесена од Советот на Град Скопје, бр. 09-214/1 од 30. 01. 2004 година, со која градот Скопје ги презема основачките права на Библиотеката „Браќа Миладиновци"-Скопје, Културно - информативен центар-Скопје, Детскиот културен центар „Карпош"-Скопје, Домот на културата „Кочо Рацин"-Скопје, ЦОП „Универзална сала"-Скопје, Младинскиот културен центар - Скопје, Музејот на град Скопје-Скопје и Зоолошката градина;

2. Одлука за преземање на оснивачки права на Дом на културата - Сандево, донесена од Градоначалникот на општина Сандево бр. 08-100/5 од 16. 03. 2004;

3. Одлука за преземање на оснивачки права на Домот на културата „Шота" во с. Неготино, донесена од Советот на општина Врапчиште бр. 07-285/1 од 28. 06. 2005;

4. Одлука за преземање на оснивачки права на Домот на културата „25 Мај" - Македонски Брод, донесена од Советот на Македонски Брод бр. 08-40/5 од 17. 03. 2004 год.;

5. Одлука за преземање на основачки права на Матичната библиотека и Домот на културата во Пехчево, донесена од Советот на општина Пехчево бр. 0701-31/1 од 26. 07. 2004, со која се преземаат основачките права на Матичната библиотека „Кочо Рацин" и Домот на културата „Јане Сандански";

6. Одлука за преземање на оснивачките права над Домот на културата „25 Мај"-Валаднoво, донесена од Советот на општина Валандово бр. 08-9/8 од 10. 02. 2004;

7. Одлука за преземање на основачките права и утврдување на општинска установа на Домот на културата „ Јане Сандански "- Ново Село, донесена од Советот на општина Ново Село бр. 07-94/1 од 02. 02. 2004;

8. Одлука за преземање на оснивачки права и уредување на Матичната библиотека „Страшо Пинџур"-Неготино, донесена од Советот на Општина Неготино бр. 07-33/10 од 07. 02. 2004;

9. Одлука за преземање на оснивачките права на Работничкиот Универзитет „Крсте Мисирков"-Кичево, донесена од Советот на општина Кичево бр. 07-282/18 од 10. 06. 2004;

10. Одлука за преземање на основачките права и утврдување на општински установи од областа на културата донесена од Советот на општина Радовиш бр. 07-75/1 од 29. 01. 2004 г, со која се преземаат основачките права на Народната библиотека „Браќа Миладиновци" и Работничкиот Универзитет „Киро Донев";

11. Одлука за преземање на оснивачките права на Зоолошката градина-Битола, донесена од Советот на општина Битола, бр. 07-157/3 од 09. 03. 2004;

12. Одлука за превземање на оснивачките права на институциите од областа на културата во општина Кратово донесена од Советот на општина Кратово бр. 07-133 од 15. 03. 2004 со која се преземаат основачките права на Музејот на град Кратово и на Домот на културата „Лазар Софијанов";

13. Одлука за преземање на основачките права на Домот на културата „Наум Наумоски-Борче" Крушево, донесена од Советот на општина Крушево бр. 07-90/7 од 30. 03. 2004;

14. Одлука за преземање на оснивачките права и утврдување на општински градски установи од областа на културата, донесена од Советот на Општина Кавадарци, бр. 08-59/3 од 31. 01. 2004 година со која се преземаат основачките права на Домот на културата „Иван Мазов Климе",Музеј и Галерија и Библиотеката „Феткин";

15. Одлука за преземање на основачките права на Домот на културата „Димитар Беровски"-Берово, донесена од Советот на општина Берово бр. 07-36/1 од 29. 06. 2004;

16. Одлука за преземање на основачките права и утврдување како општински установи од областа на културата, донесена од Советот на општина Гевгелија бр. 07-11/1 од 17. 02. 2004

Согласно член 94 став 2, според кој Владата на РМ и советите на единиците на локалната самоуправа во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на законот со кој се уредува финансирањето на општините со договор го уредуваат пренесувањето на имотот, опремата, кадрите, средствата и други релевантни прашања за пренесување на основачките права на локалните установи.

Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа[44] влезе во сила на 14 септември 2004 година, а започна да се применува од 1 јануари 2005 година. Со денот на започнување на примената на овој закон,

---

со која се преземаат оснивачките права на на Матичната библиотека „Гоце Делчев", Работничкиот Универзитет „Кирил и Методиј" и Домот на културата „Македонија";
17. Одлука за преземање на оснивачки права на Домот на културата „Злетовски рудар"-Пробиштип, донесена од Советот на општина Пробиштип бр. 07-109/7 од 14. 05. 2004;
18. Одлука за преземање на основачите права и утврдување на општински установи од областа на културата во сопственост на општина Свети Николе, донесена од Советот на општина Свети Николе бр. 0701-103 од 19. 03. 2004 со која се преземаат основачките права на Домот на културата „Крсте Мисирков" и Народниот Музеј;
19. Одлука за преземање на основачките права на Народната библиотека „Гоце Делчев" и Народниот музеј-Велес, донесена од Советот на општина Велес бр. 0701-484/3 од 09. 03. 2004 година;
20. Одлука за преземање на основачките права на Градската библиотека „Борка Талевски"-Прилеп, донесена од Советот на општина Прилеп бр. 07-302/4 од 10. 03. 2004;
21. Одлука за преземање на основачките права на Библиотеката „Тане Георгиевски"-Куманово, донесена од Советот на општина Куманово бр. 07-72/3 од 30. 01. 2004;
22. Одлука за превземање на оснивачките права и утврдување на општински установи, донесена од Советот на општина Струмица бр. 07-135/1 од 30. 01. 2004 година, со која се преземаат основачките права на ОМ Библиотека „Благој Јанков-Мучето и Пионерскиот дом „Благој Јанков"-Мучето;
23. Одлука за превземање на основачко право и утврдување на општинска установа Дом на културата „Илинден" Демир Хисар, донесена од Советот на општина Демир Хисар бр. 07-17/5 од 30. 01. 2004;
24. Одлука за превземање на основачките права на Матична библиотека „Искра"-Кочани, донесена од Советот на општина Кочани бр. 07-58/1 од 30. 01. 2004;
25. Одлука за превземање на оснивачките права и утврдување како општински установи од областа на културата, донесена од Советот на општина Виница бр. 07-53 од 30. 01. 2004, со која се превземаат основачките права на Библиотеката „Ванчо Прке" и Домот на културата „Тошо Арсов";
26. Одлука за преземање на оснивачки права на организации од областа на културата, донесена од Советот на општина Ресен бр. 07-329/7 од 04. 08. 2004 со која се превземаат основачките права на Домот на културата „Драги Тозија";
27. Одлука за превземање на основачките права на Домот на младите-Штип, донесена од Советот на општина Штип бр. 0701-599/1 од 25. 03. 2004;
28. Одлука за превземање на основачките права, донесена од Советот на општина Делчево бр. 08-289/2 од 05. 05. 2004 со која се превземаат основачките права на Домот на културата „Никола Јанков Вапцаров" и Матичната библиотека"Илинден";
29. Одлука за преземање на основачки права на Домот на културата „Мирка Гинова"-Демир Капија, донесена од Советот на општина Демир Капија бр. 07-27/5 од 30. 01. 2004.
[44] Службен весник на РМ" бр. 61/2004

локалните установи и формално преминаа во надлежност на општините, односно на Градот Скопје.

Министерството за култура (по овластување на Владата на РМ) почнувајќи од средината на 2005 година склучи поединечни Договори за пренесување на недвижните ствари, опремата, вработените и други средства за работа од Владата на Република Македонија на единицата на локалната самоуправа со 29 општини. Со денот на склучувањето на Договорот установите престанаа со работа како национални и продолжија со работа како општински односно градски установи.

Со денот на потпишувањето на Договорите 29 единици на локалната самоуправа формираа 48 локални установи од областа на културата, 40 општински и 8 градски. Подоцна е формирана 49 локална установа „Бранд Петрушев"-Богданци.

Од овие 29 единици на локалната самоуправа 26 се во втора фаза на процесот на децентрализација односно се финансираат со блок дотација (материјални трошоци и плати), а три општини се во прва фаза на процесот на децентрализација и се финансираат со наменски дотации (добиваат само средства за материјални трошоци, а платите ги добиваат сеуште од централниот буџет).

Критериуми врз основа на кои се врши распределбата на блок дотацијата се: покривање на дел од материјалните трошоци и трошоците за програмски активности на установите од областа на културата од локален интерес на ниво на средствата кои се користат за таа намена во претходната година од годината во која се пренесува соодветната надлежност (на ниво на 2005 година) и целосно покривање на бруто платите за вработените во локалните установи во културата по општини согласно Колективниот договор за култура.

Критериуми врз основа на кои се врши распределбата на наменската дотација се: покривање на дел од материјалните трошоци и трошоците за програмски активности на установите од областа на културата од локален интерес на ниво на средствата кои се користат за таа намена во претходната година од годината во која се пренесува соодветната надлежност.

Процесот на децентрализација како една од суштинските реформи во културата беше проследен со низа проблеми и неизвесни ситуации, но сега може да се констатира дека е постигнат значителен напредок.

Децентрализацијата која се спроведе во културата во Република Македонија се нарекува „мозаична“ или „одржлива“ децентрализација, заради тоа што се спроведе само во општини каде има културна инфраструктура.

Од почетокот на трансферот на надлежности и ресурси па до сега може да се заклучи дека трансферот на надлежностите, основачките права на локалните установи, вработените, движните добра и документацијата според планираното е завршен процес.

На локално ниво културата ја остваруваат 29 домови за култура (тука спаѓаат и 3 работнички Универзитети, културни центри и пионерски домови) 13 библиотеки 6 музеи и 2 зоолошки градини.

Глобално во Република Македонија се уште не е направена евалуација на степенот на задоволување на културните потреби на локално ниво, обемот на финансирање на културните потреби од извори на општините, административните капацитети на општините во остварувањето на културата на локално ниво, подготвеноста на општината за креирање на сопствена локална културна продукција, разновидноста на културниот живот на локално ниво, состојбата со локалните објекти во културата, што е основен предуслов за започнување со втората фаза на децентрализација во културата.

Процесот на децентрализација е сложен, обемен и долготраен процес, кој во многу европски земји се реализираше етапно.

Со оглед на тоа што не постои единствен и универзален модел за децентрализација, општо применлив за сите земји, во Република Македонија процесите, динамиката и етапноста на децентрализацијата се остваруваат во согласност со општествено - економскиот и правниот систем на државата.

Една од основните претпоставки за темелна реформа во културата е спроведувањето на доследна, а не прокламирана децентрализација.

Целосната самостојност во креирањето на културната политика на локално ниво претпоставува постоење на самостоен изворен буџет на

општината, со цел тие да може општината да реализира сопствена културна продукција.

### 4. 3. Национална програма за културата за периодот 2004-2008

Специфичните услови во коишто се развиваше Република Македонија во многу нешта диктираа и специфичен развој на културата и културната политика. Иако културниот развој не е прецизно елабориран во стратешки државни документи, тој има своја логика и одредени резултати во многу насоки. Транзициониот период низ кој минуваше културата беше период на воочување на грешките на минатото и обид за нивна корекција.

Новиот плуралистички амбиент на остварување на културата ја наметна потребата од изработка на стратешки акти за културата како стратегии за развој на културата и културни политики. Иако постоеа повеќе обиди да се донесе ваков стратешки акт за културата, тоа не се реализираше, пред се заради тоа што во Република Македонија не постоеа интердисциплинарни научни и применети истражувања за културата, како и емпириска документација за културниот развој и културната политика како основен предуслов за водење, имплементација и проверка на актуелната културна поставеност. Со оглед на малата истраженост за културата, (можеби парцијална истраженост) во Република Македонија не постои ниту релевантна статистика за културата. Дополнителен проблем претставува и фактот дека за културата (особено за периодот по 1991 година) не постои ни соодветна документација во релевантни установи кои вообичаено поседуваат ваква документација како во државните архиви.

Во такви околности се донесе и првиот „стратешки акт" за културата **Националната Програма за културата за периодот од 2004 до 2008**[45] година. Националната програма не претставуваше научно и стручно фундирана и елаборирана долгорочна визија за развојот на културата, со сите стожерни елементи на една културната политика

И покрај погоре воочените недостатоци мора да се констатира дека Националната програма за културата претставува прв обид за донесување на стратегиски акт за развој на културата во кој се операционализира

[45] Службен весник на РМ бр.31/04

концептот за националниот интерес во културата и се утврдува стратегија за негово реализирање. Националната програма за култура за периодот од 2004 до 2008 година е донесена 6 години по донесувањето на Законот за културата и истата претставуваше солидна основа за започнување на процесите за реформи во културата. Врз основа на неа се утврдија критериумите за децентрализација на установите од областа на културата и послужи како основа за децентрализација во културата.

Мора да се напомене дека Одлуката за утврдување на мрежата на националните установи од областа на културата, се донесе пред донесувањето на Националната програма и фактички процесот на трансформација на културата и на децентрализација на културата се започна и заврши пред донесување на Националната програма. Националната програма ја изработи Борис Ноневски, кустос советник во НУ - Кинотека на Македонија во соработка со вработени во Министерството за култура.

Во својот концепт Националната програма за културата тргнува од можноста за пошироко сфаќање на културата, како начин во кој луѓето потпирајќи се на сопствената традиција креативно ја надградуваат актуелната реалност со нови остварувања и со нови вредности со кои се унапредуваат човековите права и слободи. Таквото дефинирање на културата се гради врз неколку темелни принципи и тоа достапност, разновидност, отвореност, одговорност и флексибилност. Достапноста до културните вредности се однесува на остварување на културните права на сите граѓани, додека пак разновидноста се однесува на негување на богатството од различности во културниот идентитет, како и на потребата од проширување на подрачјето на творечките форми и на уметничката слобода.

Во Националната програма се утврдени следниве цели:

- Децентрализација на културата;
- Искористување на културата како ресурс за развој;
- Заштита и рекреирање на културното наследство;
- Поттикнување на современото творештво, со посебен фокус на културните потреби на младите;
- Враќање на дигнитетот на творецот и творештвото и создавање на услови за остварување и заштита на врвни културни вредности;и
- Подобрување на менаџментот во културата

Во Националната програма се содржани заложби за проширување на материјалните, кадровските и институционалните претпоставки за развој на културата на сите заедници, со што ќе се обезбедат посоодветни услови за нејзино остварување.

Во Националната програма беше предвидено истата да се реализира преку следниве инструменти:

- Згуснување на мрежата на националните установи и концентрација на финансиски средства,
- Обезбедување на вонбуџетски извори на финансирање,
- Поттикнување на територијална подвижност на установите,
- Доградба на законската регулатива и усогласување на законите со меѓународните конвенции и легислативата на ЕУ,
- Обезбедување на материјални и технички претпоставки за работа на културните установи и на другите учесници во културата,
- Воспоставување на систем за планирање, за оценување и наградување,
- Биолошко подмладување на кадарот во културните установи,
- Донесување на одлуки втемелени на релевантни истражувања,
- Соработка со други јавни установи, со приватниот и невладиниот сектор,
- Негување на добри односи со медиумите
- Поттикнување на меѓуинституционална соработка и интердисциплинарен пристап; и
- Сообразување на мрежата на културните установи со еволуцијата на културните потреби.

Националната програма за култура за периодот од 2004 до 2008 година донесена согласно со Законот за културата од 1998, конципирана е и донесена како програмски документ, без јасно изразени цели и приоритети, како и без Акциски план и мерила врз чија основа ќе се следи нејзината примена. Од наведените причини, Националната програма и немаше особена практична реализација.

## 4.4.Нормативно дорегулирање на културата

Во периодот од 2003 година нормативната рамка за регулирање на културата е збогатена со следниве закони:

**Закон за заштита на културното наследство**[46] со кој се создаде единствена, заокружена и поврзана правна рамка на системот на заштита на културното наследство, со голем број на нови нормативни решенија усогласени со меѓународните протектолошки стандарди. Со овој закон се утврдуваат видовите, категориите, идентификацијата, начините на ставање под заштита и другите инструменти на заштита на културното наследство, режимот на заштита и користењето на културното наследство, правата и должностите на имателите и ограничувањата на правото на сопственост на културното наследство во јавен интерес, организацијата, координацијата и надзорот, стручните звања и други прашања што се од значење за единството и функционирањето на системот за заштита на културното наследство во Република Македонија.

Со Законот, културното наследство се утврдува како темелна вредност на Република Македонија, а неговата заштита е од јавен интерес и се остварува задолжително на целата територија на Република Македонија.

**Закон за музеите** [47]со кој се уредуваат условите и начинот на работа на музеите, вршењето на дејноста на музеите, основањето, видовите на музеи, организацијата, координацијата, стручните звања, надзорот и други прашања што се од значење за вршење на дејноста на музеите во Република Македонија и **Законот за библиотеките** со кој се уредуваат вршењето на дејноста на библиотеките, работењето на библиотеките, основањето, видовите библиотеки, организацијата, координацијата, стручните звања, надзорот и други прашања што се од значење за вршење на дејноста на библиотеките во Република Македонија.

Имајќи предвид дека зачувувањето на споменот за важните настани од историјата и културата на секој народ, како и зачувувањето на споменот на истакнати поединци кои оставиле особен белег во историскиот развој на Република Македонија е една од приоритетните задачи на секоја држава,

---

[46] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/04

[47] „Службен весник на Република Македонија” бр. 66/04

донесен е и Закон за меморијалните споменици и спомен - обележјата, со кој се уредуваат прашањата поврзани со одбележувањето на значајни настани и истакнати личности со меморијални споменици и спомен – обележја, условите и постапката за подигање на меморијалните споменици и спомен – обележјата, субјектите одговорни за нивното подигање, заштитата, чувањето, регистрите за нивна евиденција, како и надзорот и контролата над спроведувањето на одредбите на овој закон.

Нормативната рамка за регулирање на културата е збогатена и со Законот за аудиовизуелните добра[48] со кој, се уредуваат условите и начинот на работа на кинотеките, основањето, видовите на кинотеки, организацијата, координацијата, како и правата и должностите на имателите на аудиовизуелните добра, Законот за прогласување на Старата скопска чаршија за културно наследство од особено значење (септември 2008), Законот за управување со светското културно и природно наследство на Охридскиот регион (јуни 2010), Законот за националниот уметник на РМ (април 2011) и Законот за проглаување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење (април 2011).

[48] Службен весник на РМ бр.103/08

# 5. Остварување на културата во периодот 2004 -2011

## 5.1. Национални установи од областа на културата

„Културата и креативниот сектор страдаат од стереотипи, доколку се гледаат од точка на нивната економска ефективност. . . . Многу луѓе мислат дека културата и економијата се два различни света кои немаат ништо заедничко. Дури и тие кои ги признаваат економските вредности во културата сметаат дека тие се многу мали. Преовладува мислењето дека уметноста, силно субвенционираните културни организации, дури и народната уметност ќе потклектне, доколку се соочи со силата на пазарот“[49].

Стереотипните сфаќања за културата се негирани со податоците дека во 2003 година културниот сектор во ЕУ заработил повеќе од 683 милиони ЕВРА односно 2. 6 % од вкупниот општествен производ на Европската Унија, односно дека во 2004 година повеќе од 4,7 милијарди луѓе (што е 2,5% од економската активна популација во Европската Унија) работи во културниот сектор.

Тоа што на почетокот на 21 век е клучно за културниот сектор е неговата модернизација, флексибилност на ново настанатите општествени и економски промени, мобилност и стручна доквалификација на културниот кадар.

Несомено дека развојот на општеството доведе и до нови предизвици во културата. Равојот на креативните индустрии ја направи културата умерено профитабилна гранка. Европските културни установи се преструктуираа на новите предизвици и во своите развојни програми ги имплементираа современите форми на дејствување и организација кои што се услов за културното опстојување.

Македонската културна институционална сцена не го дочека подготвено 21 век и не се вклопи во новите современи тенденции за развој на културата.

Во Република Македонија мрежата на национални установи се зголеми на 62 национални установи и 49 локални установи. Споредбено со Европските земји, но и со земјите во соседството (пр. Република Словенија

[49] Економија на културата во Европа, Европска Комисија, Брисел, Октомври 2006.

има 26 национални установи) моделот на доминантно институционално остварување на културата претставува конзервативен приод, кој најчесто креативните текови во културата ги подредува на институционализам.

Системот на културата не постои сам за себе - тој е во непосредна двосмерна интер акција со амбиентот што го обиколува, што претпоставува дека движењата во општеството ќе имаат непосреден и силен рефлекс врз обликувањето на макроситемот на културата.

Наспроти европските концепти во културата дека „ јавниот простор во културата мора да изгради свои предности и комплементарност наспроти новите информативни медиуми како би можел да привлече што повеќе луѓе" установите во културата останаа поприлично далеку од европските развојни концепти за културата.

Установите се уште ја маргинализираат категоријата на „ културни потреби" и користењето на методи за нивно откривање, дефинирање, верифицирање и нивна употреба.

Во овој период за установите од областа на културата се релевантни следниве карактеристики:

- диспропорција помеѓу креативниот потенцијал и неговата недоволна искористеност;
- појава на преработеност во структурите кои се само поддршка за остварување на културата односно лоши пропорции меѓу уметничкиот и стручниот потенцијал и другите структури (како илустрација во театарот оваа пропорција изнесува – уметнички кадар 50%, организационо технички кадар 27,5% и административен кадар 22, 5%);
- работно - правен статус на неопределено време што не е иманентно решение за оваа област особено за уметноста, зошто е спротивен на неколку битни принципи во уметничкото создавање како на потребата од позитивна селекција, иновации, развивање на афинитети и отвореност за таленти, мотивираност;
- застарена културна инфраструктура;и
- непостоење на нови технологии и нови изразни средства за остварување на културата.

Дополнителен проблем за изведување на соодветна анализа за работата на културните установи е непостоењето на дефиниран модалитет за анализирање на ефектите од културната продукција, како и за степенот на задоволеноста на претпоставените културни потреби.

Без постоење на вакви индикатори многу е тешко да се направи пресек на актуелните состојби врз основа на што би можеле да се дефинираат идните корективни мерки за културата.

Дел од постојните организациони облици на културните установи се анахрони и се базираат на некои изминати времиња.

За потребите на дефинирање на идните стратешки насоки и цели на културниот развој, Министерството за култура во јануари 2011 година до сите национални установи достави прашалници во кои тие требаа да дадат пресек на актуелните состојби од областа на културата, да дефинираат што е визија и мисија на нивната установа и да ги дефинираат насоките за нивниот иден развој. Анкетирани беа 60 установи. Одговори доставија само 25 установи. Притоа ниту една установа не ја дефинираше својата идна мисија и визија, а стратешките цели за идниот развој најчесто се однесуваа на барања за нови вработувања, зголемување на средствата за материјални трошоци, потреба за набавка на нови возила, градежно - занаетчиски поправки, нова опрема и сл.

Ваквиот податок говори дека националните установи ниту реално ја согледуваат својата поставеност во системот на остварување на културата, нивната улога во општеството, ниту имаат визија за нивниот иден развој. Затоа се добива впечаток дека „тие постојат сами за себе“. За националните установи од особено значење е да го дефинираат поимот на мисија на културната установа.

„Според дефиницијата на Стивен Ленгли, мисијата на културните институции треба да обединува четри основни цели:

- мора да ја изложи филозофијата на институцијата во една концизна реченица или во еден кус пасус;
- мора да биде единствена и препознатлива, неприспособлива и неприменлива за која било друга културна институција;
- мора да биде возбудлива и инспиративна, подеднакво и за вработените во културната институција и за јавноста;

- мора да ги искажува основните цели на институцијата, така што и нејзиниот напредок и нејзиниот успех да се мерливи.

Според Хип Хагорд, формулирањето на мисијата на културната институција го тера менаџерот да се запраша самиот себеси зошто воопшто постои неговата институција. Ова е особено важно во доменот на културата, каде што смислата на институциите се смета за разбирлива сама по себе. Втората причина лежи во постигнувањето на внатрешна кохерентност, затоа што сите вработени ги знаат и ги усвојуваат суштината и причините за постоењето на институцијата. Тоа ги поттикнува во исто време да дејствуваат и во согласност со мисијата. Третата причина лежи во фактот што културните институции честопати, под притисок на општествените и пазарните промени, се принудени да ги променат својата деловна политика и внатрешна структура. Затоа е важно, во овие процеси на промени, мисијата да се земе како појдовна точка во критичкото размислување за новите форми на организирање и дејствување.[50]

На макро план, иако номинално средствата за култура се зголемуваат реално средствата обезбедени во Буџетот на РМ наменети за програмски активности во културата се намалуваат. За сметка на тоа се зголемени средствата за реализација на капиталните проекти од областа на културата

Табела 1

| Година | Буџет на РМ | Култура – Вкупно | Учество во вкупните трошоци на Буџетот на РМ | Дејности од областа на културата | Учество во Буџет на РМ |
|---|---|---|---|---|---|
| | денари | денари | % | денари | % |
| 2005 | 60. 825. 000. 000 | 1. 354. 635. 000 | 2,23 | 562. 000. 000 | 0,92 |
| 2006 | 111. 468. 884. 000 | 1. 352. 530. 000 | 1,21 | 543. 006. 000 | 0,49 |
| 2007 | 117. 897. 541. 000 | 1. 948. 987. 000 | 1,65 | 644. 575. 000 | 0,55 |

[50]Драгичевиќ-Шешеиќ М. Стојковиќ В, Култура, анимација, менаџмент, маркетинг, Темплум,Скопје, 2003, стр 98-99.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2008 | 150. 371. 000. 000 | 3. 451. 994. 000 | 2,30 | 745. 189. 000 | 0,50 |
| 2009 | 149. 549. 000. 000 | 3. 201. 677. 000 | 2,14 | 698. 331. 000 | 0,47 |
| 2010 | 149. 174. 306. 000 | 2. 939. 803. 000 | 1,97 | 643. 457. 000 | 0,43 |
| 2011 | 159. 398. 000. 000 | 3. 414. 641. 000 | 2,14 | 624. 750. 000 | 0,39 |

И во рамките на самите национални установи постои нерамноправна распределба на буџетските средства, при што голем дел од средствата се трошат за покривање на материјалните трошоци (струја, вода, комуналии и греење), што е илустрирано во табелата дадена во прилог. За потребната анализа како пример е земена музејската дејност.

Табела 2

| **Година** | **Програма на национални установи / денари** | **материјални трошоци /денари** | **%** |
|---|---|---|---|
| 2006 | 11. 621. 662 | 8. 013. 500 | 68,95 |
| 2007 | 19. 001. 449 | 11. 330. 637 | 59,63 |
| 2008 | 18. 844. 852 | 12. 728. 454 | 67,54 |
| 2009 | 20. 048. 790 | 8. 659. 239 | 43,19 |
| 2010 | 17. 489. 100 | 15. 949. 698 | 91,20 |
| 2011 | 15. 526. 791 | 12. 061. 027 | 77,68 |

Од приложеното се гледа дека една национална установа најголем дел од средствата за својата работа добиени од Министерството за култура ги троши за покривање на материјалните трошоци. Практично многу мал дел од средствата остануваат за реализирање на програмски активности. Оттука, квалитетното опстојување на една културна установа е условено од нејзиното соодветно менаџирање и од способноста на менаџерскиот тим на установата да обезбеди други дополнителни средства со кои ќе се реализира „културната продукција на установата“.

Анализите покажуваат дека реформите во културата не можат да се спроведат без зајакнување на културната администрација на централно и на локално ниво. Промовирањето на европски стандарди во културата претпоставува соодветна измена и на начинот на управување со културата.

Во целиот претходен период не е посветено соодветно внимание на образование на кадри за културен менаџмент. Прашањата за процесот на работа, за менаџментот во најширока смисла на зборот, за пазарот, школувањето на кадри за новите потреби во културата се маргинализирани прашања во нашата културна реалност, а професијата менаџер се уште се третира како професија која не и е неопходна на културата. Нема развиени специјализирани менаџменти во областа на театарот, филмот, издаваштвото, перформативните уметности и креативните индустрии. Воведувањето на менаџментот во културата позитивно влијае врз изградба на моделот на културното живеење, планирањето на развојот на културата, на културните установи, производството и дистрибуцијата на културните дела и на културната соработка.

Сегашната состојба во културата е одраз и резултат на недоволно афирмираната потреба за унапредување на управувањето со ресурсите во културата.

Во Република Македонија согласно постојната позитивна законска регулатива остварувањето на културата се врши преку следниве дејности: издавачка дејност, сценско - музичка дејност, драмска дејност, дејност на домовите на културата, филмска дејност, галериска дејност, дејност за посредување во културата, споменичка, музејска, библиотечна дејност и дејност за заштита на аудиовизуелните добра.

Во сите овие дејности (со исклучок на издавачката дејност) заради остварување на националниот интерес во културата се основани национални установи. Во продолжение е приложена состојбата со националните установи по одделни дејности од областа на културата.

Во 2011 година **драмската дејност** се остварува преку 15 национални установи - театри, 8 како самостојни субјекти и 7 како организациони единици во состав на центрите за култура.

Самостојни театри се:

- 6 во Скопје (Македонски народен театар, Драмски театар, Албански театар, Турски театар, Театар за деца и младинци и Театар „Комедија“[51]),
- 1 во Битола (Народен театар) и
- 1 во Тетово (Тетовски театар)[52].

Театри како организациони единици во состав на центри за култура има во следниве градови:

- 1 во Прилеп во Центарот за култура „Марко Цепенков“,
- 1 во Велес во Центарот за култура „Јордан Х. К. Џинот“,
- 1 во Куманово во Центарот за култура „Трајко Прокопиев“,
- 1 во Штип во Центарот за култура „Ацо Шопов“,
- 1 во Струмица во Центарот за култура „Антон Панов“ и
- 1 во Охрид во Центарот за култура „Григор Прличев“.

Од нив, 11 театри изведуваат репертоар на македонски јазик, 2 на албански јазик и 1 на турски јазик. Жанровски определени театри се само Театарот за деца и младинци, специјализиран за младата популација (деца и младинци) и Театар „Комедија“ за изведба на популарни музичко-сценски форми (комедија, „stand up komedy“ – комедија од нога, кабаре, вариете).

Основна задача на националните театри и театрите во состав на центрите за култура е креирање репертоар со кој се придонесува за афирмација и промоција на националното драмско творештво на традиционални и современи автори од различни уметнички стилови и жанрови, како и презентација на врвни уметнички класични и модерни дела од светската драматургија.

Од аспект на финансирање на професионалната театарска продукција во државава, Министерството за култура преку годишните буџети за областа култура редовно и континуирано во рамките на расположивите средства ги финансира програмите на сите национални установи – театри.

[51] Владата на Република Македонија на седницата одржана на 08. 04. 2011 ја основаше Националната установа Театар „Комедија“-Скопје.Театарот „Комедија“ се основа заради подготвување и јавно изведување на музичко-сценски дела.
[52] Владата на Републалика Македонија на седницата одржана на 29. 01. 2007 година ја основаше Националната установа - „Тетовски театар“-Тетово, со надлежност за создавање, подготовка, организирање и јавно презентирање и изведување на драмски дела на албанкски јазик

Просечно националните театри добиваат средства за реализација на 2-6 премиери со буџет кој се движи од 2.000.000 денари до 10.000.000 денари во зависност од капацитетот на установата (големина на објектот, кадровска екипираност, потенцијална публика и слично), репертоарната стратегија и квалитетот на предложената програма

Во наредната табела е прикажан вкупниот број на реализирани премиери по години.

Табела 3

| ред. бр. | Година | број на премиери во национални установи | вкупно премиери |
|---|---|---|---|
| 1 | 2003 | 52 | 98 |
| 2 | 2004 | 54 | 103 |
| 3 | 2005 | 43 | 92 |
| 4 | 2006 | 42 | 57 |
| 5 | 2007 | 60 | 71 |
| 6 | 2008 | 58 | 68 |
| 7 | 2009 | 46 | 69 |
| 8 | 2010 | 37 | 63 |
| **Вкупно** | | **392** | **621** |
| **Просек** | | **49** | **78** |

Финансиската поддршка за националните театри по години е прикажана на следнава табела:

Табела 4

| **Средства за програмски активности по театри** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Театри** | **2006** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** |
| | **денари** | **денари** | **денари** | **денари** | **денари** |
| МНТ Скопје | 6. 400. 000 | 13. 180. 848 | 12. 400. 000 | 6. 000. 000 | 4. 100. 000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Драмски театар Скопје | 5. 915. 759 | 7. 450. 000 | 9. 520. 000 | 5. 200. 000 | 3. 800. 000 |
| Албански театар Скопје | 4. 518. 480 | 7. 780. 000 | 5. 650. 000 | 4. 500. 000 | 3. 400. 000 |
| Турски театар Скопје | 4. 178. 392 | 3. 000. 000 | 3. 780. 000 | 3. 470. 000 | 3. 350. 000 |
| Театар за деца и младинци Скопје | 2. 161. 420 | 2. 000. 000 | 2. 100. 000 | 1. 800. 000 | 1. 200. 000 |
| Театар Битола | 6. 276. 912 | 5. 250. 000 | 8. 500. 000 | 3. 200. 000 | 3. 400. 000 |
| Тетовски театар | | 3. 562. 490 | 5. 900. 000 | 2. 400. 000 | 2. 400. 000 |
| Центар за култура Прилеп | 3. 100. 000 | 2. 600. 000 | 3. 300. 000 | 3. 070. 000 | 2. 400. 000 |
| Центар за култура Велес | 3. 140. 000 | 2. 500. 000 | 4. 663. 000 | 2. 740. 000 | 2. 410. 000 |
| Центар за култура Куманово | 3. 324. 857 | 2. 500. 000 | 3. 700. 000 | 2. 300. 000 | 2. 060. 000 |
| Центар за култура Штип | 3. 000. 000 | 2. 700. 000 | 4. 030. 000 | 3. 000. 000 | 2. 050. 000 |
| Центар за култура Струмица | 3. 050. 000 | 2. 800. 000 | 3. 000. 000 | 2. 300. 000 | 2. 400. 000 |

Во овој момент театарската дејност во Македонија се наоѓа во исклучително значајна фаза од својот развој во која ќе биде неопходно да се определат две многу суштински работи: јасно дефинирање на местото и улогата на театрите во потесниот културно - социјален контекст во којшто се наоѓаат, како и профилираноста, програмското, финансиското и кадровското екипирање на театарските ансамбли.

Во Табелата 5 се прикажени бројот на изведени премиери, нивни репризни изведби и број на публика за периодот од 2005-2010 на еден од најпрестижните театри во Република Македонија на Народниот театар-Битола.

Табела 5

| Година | Премиери | Преставиі | Публика |
|---|---|---|---|
| 2005 | 7 | 217 | 41. 623 |
| 2006 | 7 | 191 | 31. 836 |
| 2007 | 10 | 152 | 34. 030 |
| 2008 | 6 | 139 | 25. 152 |
| 2009 | 6 | 130 | 22. 749 |
| 2010 | 6 | 125 | 19. 041 |
| Вкупно | 42 | 954 | 174. 476 |

Евидентно е дека бројот на посетеноста на театарот опаѓа. Перспективите на квалитетното делување на театрите треба да се бараат во соодветно менаџирање и измени во репертуарната политика.

**Музичко сценската уметност** институционално се остварува преку три национални установи – Македонска Опера и Балет - Скопје, Македонска филхармонија - Скопје и Фестивалот „Охридско лето“ - Охрид, како и преку центрите за култура и домовите за култура со програми од уметничка музика, музичките програми на: локалните установи од Скопје (Младински културен центар и Културно-информативен центар).

Погоре посочените три национални установи покажаа квалитативен скок во своето работење со тоа што во последните 5 години понудија еден поинаков концепт на работење, преку издржан и атрактивен репертоар во уметничка смисла, анимирање на целиот капацитет во установите со што се отвори можност за искористување на креативниот потенцијал на младите уметници, а се реализираа и поставки на премиерни дела според примерот и квалитетот на напредните културни средини со широк жанровски и тематски дијапазон.

Табела 6

| ГОДИНА | ОПЕРСКИ ПРЕМИЕРИ | БАЛЕТСКИ ПРЕМИЕРИ | ПРЕМИЕРНИ СИМФОНИСКИ ДЕЛА |
|---|---|---|---|
| 2006 | 3 | 4 | 8 |
| 2007 | 3 | 4 | 9 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2008 | 5 | 7 | 9 |
| 2009 | 1 | 10 | 8 |
| 2010 | 4 | 3 | 8 |

Програмските содржини на националните установи укажуваат и на драстично зголемување на премиерните претстави не само како наслови туку и како квалитативни и структурно издржани содржини. Изведбите се надополнети со атрактвини настапи на врвни уметници од земјава и гости од супериорните уметнички средини; алтернативни содржини, и тоа: филмска музика, џез-музика, танго, фламенго, евергрини; алтернативни претстави со модерен карактер и програми за деца.

Една од најзначајните промени во последните пет години во сценската уметност е враќањето на оперскиот оркестар во балетските изведби по пауза од повеќе децении. Ова овозможи исклучителен квалитативен скок на претставите, обезбеди вистинско воспримање на балетската уметност.

Фестивалот „Охридско лето", установата која ја прослави 50-годишнина е вистински репрезент на македонската култура. Фестивалот е член на Европската асоцијација на фестивали и покажува едно континуирано ниво на програмски содржини и ексклузивни уметници од светот.

Една од најзначајните придобивки во установите од музичко-сценската дејност е кадровското екипирање кое без двојба направи круцијална промена во вкупната физиономија на институциите од музичко-сценската дејност. По повеќе од една деценија, националните установи (во 2011 година) го збогатија својот уметнички кадар со нови 153 музички уметници.

Основната мисија на **центрите за култура** е да реализираат активности од дејностите на културата и да го артикулираат културното живеење во локалните средините каде што дејствуваат. Во овие институции главно се развива аматеризмот и тоа преку формирањето на секции од областа на музиката, театарот, филмот, литературата, фолклорот, ликовната уметност и слично.

Во еден од најголемите центри за култура „Центарот за култура - Битола", просечно на годишно ниво се реализираат од 350 до 450 манифестации со најразлична културна содржина, кои се посетени со публика која се движи од 70.000 - 90.000 посетители. Како најзначајни се

издвојуваат Интернационалниот фестивал на монодрама, Републичкиот фестивал на народни игри и песни „Илинденски денови“ и „Етнофест“. Во рамките на Центарот се реализираат гостувања на други национални установи со театарски претстави, размена на ликовни изложби и сл.

Во Центарот за култура „ Бели Мугри “ - Кочани се реализираат театарски гостувања, ликовни изложби, промоции на книги (Меѓународна поетска манифестација - Петровденски конаци - Вечер на поетите од Балканот), гостувања на културно - уметнички друштва.

Во центрите за култура претежно се реализираат активности кои се непосредно поврзани со културата и традицијата на локалната заедници. Нивната програмска ориентираност е насочена кон традиционалните и изворните културни вредности

Центрите за култура во мултиетничките средини, каде постои испреплетеност на религии, обичаи и култури на разни етнитети, реализираат програма во која се стимулираат и охрабруваат сите заедници да го изразуваат и негуваат сопствениот културен идентитет со што се збогатуваат содржините и формите на секоја култура посебно и на сите заедно.

Мултиетничкиот карактер на македонското општество и овозможува на културата да биде инструмент за унапредување на разбирањата, јакнење на дијалогот и толеранцијата меѓу заедниците.

Од вкупните финансиски средства што ги издвојува Министерството за култура на центрите за културата мал дел се трошат за програмските активности, а голем дел за плати на вработените и за материјалните трошоци за работа на установаата. Потребна е реорганизација и редефинирање на активностите на центрите за култура и преиспитување на потребата од нивна натамошна децентрализација.

Од 16 - те центри на културата кои постојат во Република Македонија само неколку од нив функционираат на задоволително ниво со континуирани и разновидни културни дејности.

**Филмската дејност** се реализира преку Националната установа - Центар за филм „Вардар филм“ и преку Националната установа – Филмски фонд на Република Македонија.

Националната установа Филмски центар „Вардар филм"-Скопје е основана во 1947 година како општествена организација за вршење дејност од посебен општествен интерес - производство на филмови. Установата „Вардар филм" повеќе од 40 години беше најзначајниот македонски филмски продуцент, во чија продукција се реализирани најзначајните филмски остварувања во Македонија. Во продукција на оваа установа е реализиран првиот македонски игран филм „ Фросина " (снимен 1952 година) како и уште 50 долгометражни играни филмови, како и документарни и анимирани филмови (вкупно 800). Со посредство на „Вардар филм" се реализирани и повеќе од 1353 филмови кои припаѓаат на групата на „аматерски филмови". Филмското производство почнувајќи од 1991 година доживеа повеќе значајни преобразби, пред се поради огромниот пораст на приватни филмски продуценти и во новата поставеност на односите „Вардар филм" не успеа да го фати ритмот на новото време.

Почнувајќи од 1999 година оваа установа заради лошата финансиска состојба и големите долгови (предизвикани иклучиво од лошото менаџирање на оваа установа) функционира со блокирана жиро сметка,. Иако беше предвидено Вардар филм да се трансформира како техничка база, заради непреземени соодветни мерки за опремување и адаптирање на Вардар филм согласно планираната трансформација во функција на извршување на новата дејност, тој во моментот не остварува никаква дејност. Во вакви околности пософдветно решение е затварањето на институцијата со соодветно чување на нејзините институционални достигнувања и колективната меморија, одколку инсистирањето на нејзиното летаргиско и чисто формално зачувување и постоење.

Во 2006 година со Законот за Филмскиот фонд на Република Македонија е основана нова Националната установа – Филмски фонд на Република Македонија.

Финансирањето на филмската уметност преку фонд е единствениот модел на финансирање прифатен во цела Европа. За оправданоста и потребата од ваквиот начин на финансирање во земјите од Европската Унија се подготвени студии од исклучително значајни организации во сферата на аудиовизиуелниот сектор.

Филмскиот фонд на РМ почна да работи кон крајот на 2007 година и во овој период (од 2007 до крајот на 2011) има распишано 6 конкурси за поддршка на филмови од национален интерес. Притоа, за финансирање се избрани 19 долгометражни и 16 кусометражни играни филмови, 21 документарен филм и 4 анимирани филма. Завршени се 6 долгометражни и 3 кусометражни играни филмови, 9 документарни и 2 анимирани филма, а во постпродукција се 7 долгометражни играни филмови, 1 кусометражен игран филм и 4 документарни филма.

Основањето на Филмскиот фонд преставува клучен исчекор во развивањето на филмската дејнсот во РМ.

**Заштитата на недвижното културно наследство** се остварува преку Националниот конзерваторски центар - Скопје, како матична установа за заштита на недвижното културно наследство, 7 конзерваторски центри со регионална надлежност[53] и Националната установа за управување со археолошкиот локалитет Стоби – Градско[54].

Основна надлежност на националните установи - конзерваторски центри е вршење и организирање на изведување на конзерваторско - реставраторски и други работи на непосредна заштита на културното наследство, валоризација и ревалоризација на недвижното културно наследство, соодветно третирање на културното наследство во процесот на

---

[53] Владата на Република Македонија на седницата одржана на 15. 01. 2008 година донесе Одлука за основање на Национална установа - Конзерваторски центар - Гостивар. Конзерваторскиот центар има надлежност да врши истражување, стручно и научно обработување, заштита, чување, одржување, презентација и популаризација, како и секој друг облик на непосредно и посредно зачувување на недвижното културно наследство од јавен интерес.
Со оглед на тоа што во Одлуката не е утврдена територијална надлежност за Конзерваторскиот центар-Гостивар, овој Конзерваторски центар има надлежност само на територијата на општина Гостивар. Реално во практика овој Конзерваторски центар се уште не започнал да ја остварува својата надлежност.

[54] Одлуката за основање на установата за управување со археолошкиот локалитет Стоби-Градско е објавена во „Службен весник на РМ“ бр. 120/08. Стоби е еден од најголемите археолошки локалитети во Република Македонија, чие значење во рамки на македонското, па и светското културно наследство е од непроценлива вредност. Стоби, во целиот период на постоење од раната антика, па се до крајот на доцната антика, бил центар во кој се слевале културните придобивки на античкиот свет. Во рамките на установата функционираат 5 Оддели и тоа:Музејско-истражувачки оддел, Оддел за конзервација, Оддел за маркетинг,Оддел за музеј и библиотека и Општа служба.

урбанистичкото планирање, археолошки истражувања на објекти кои се предмет на конзервација и сл.

Согласно службената евиденција на Управата за заштита на културното наследство, под заштита се водат 10.974 недвижни добра, меѓу кои: 4.361 археолошки локалитет; 1726 цркви и манастири со над 150.000 м2 фреско - живопис, над 24.000 икони и 420 резбани иконостаси, балдахини и владички тронови; 1.213 објекти од старата градска и селска архитектура; 47 кули, тврдини и стари мостови; 126 објекти од исламската архитектура; 24 чаршии и други урбани и рурални целини; 1.026 споменици и спомен обележја; 32 стопански објекти и разни други видови објекти.

Како резултат на дејствувањето на овие конзерваторски центри во Република Македонија со конзерваторски третман се опфатени 1/3 од недвижното културно наследство и тоа претежно, најзначајните сакрални објекти (христијански и исламски) и најрепрезентативните профани објекти. Соодносот меѓу конзерваторско опфатените и нетретираните единечни споменици на културата е 1:4. Најзапоставен и воедно, најзагрозен вид недвижно културно наследство е старата градска и селска архитектура. Кај спомeничките целини, во заштитна и конзерваторска смисла ако се земат предвид чаршиите во поголемите градови (Битола, Прилеп, Струга), може да се констатира следната состојба: освен за скопската чаршија и за старото градско јадро на Охрид за кои што се донесени закони за прогласување за културно наследство од особено значење, останатите се само делумно документирани (Ајдучката чаршија во Кратово, прилепската, битолската и струмичката чаршија, кружевското старо јадро). Чаршиите во помалите градски населби, како и други делови на градските јадра (плоштади, улици, квартови) се уште не се опфатени во конзерваторската процедура. Во Република Македонија изостанува и конзерваторскиот третман на руралните средини. Археолошките локалитети во последните години се истражуваат засилено и систематски, иако се уште не се доволно истражени, а особено не се доволно конзервирани. Ниту еден археолошки локалитет не е конзерваторски финализиран во целост. Во состојба на делумна истраженост и парцијална конзервација се наоѓаат и тврдините, кулите, саат-кулите и старите мостови.

Ваквите состојби во непосредната заштита на културното наследство во основа се резултат на лошо програмирање на работите на конзерваторските центри и на хроничниот недостаток на финансиски средства, но и на веќе алармантниот недостаток на специјализиран стручен кадар којшто се гради со долгогодишно стручно и научно обучување.

Културната политика на Република Македонија мора да обезбеди системска и институционална едукација за стручните лица од заштитата на културното наследство, но истовремено, во образовниот систем на Република Македонија е потребно да се вметнат образовни програми за музеологија, конзервација, библиотекарство и студиски програми за заштита на нематеријалното културно наследство.

Централна установа во системот на заштита на културното наследство е Националниот конзерваторски центар - Скопје кој има матична функција во однос на другите конзерваторски центри односно заводи за заштита на културното наследство. [55]

Денес, **заштитата на музејските предмети** се остварува преку матичните установи Музеј на Македонија – Скопје и Природнаучниот музеј на Македонија-Скопје, 19 национални музеи [56] и 6 локални музеи[57].

---

[55] „Во согласност со новите споменички прописи, НКЦ има реализирано: валоризација на 10 и ревалоризација на 34 објекти, целини и локалитети (со изработка на соодветни елаборати и предлози за донесување на акти за заштита, промена и престанок на заштитата); 9 заштитно-конзерваторски основи за потребите на 1 регионален просторен план, 2 генерални, 5 детални и 1 урбанистички план за село; изработка на над 120 конзерваторски проекти, првенствено од областа на архитектурата, фреско-живописот и иконописот; стручна контрола на 118 конзерваторски проекти изработени од други субјекти; конзерваторски надзор на 64 објекти каде работите ги изведуваат други установи за заштита; непосредна заштита на 26 објекти и локалитети и на над 180 икони, иконостасни крстови, царски двери и други движни добра; издавање на 5 публикации; учество на над 50 национални и меѓународни собири во земјата и странство. Покрај тоа, НКЦ има воспоставено активна соработка со Меѓународната агенција за атомска енергија (МААЕ) од Виена, Европската агенција за реконструкција, Советот на Европа и Светскиот фонд за споменици, како и соработка со повеќе сродни институции од Турција, Италија, Грција, Албанија, Словенија, Хрватска и САД. Во таа смисла, меѓу другото, НКЦ бил корисник на донации од Турција, САД, Италија и Европската унија, а набргу, за потребите на централната хемиска лабораторија треба да добие и софистицирана опрема од Меѓународната агенција за атомска енергија.

[56] Музеј на современата уметност-Скопје; Националната галерија на Македонија-Скопје, Музеј - Гевгелија, Музеј на Западна Македонија во НОВ – Кичево, Музеј – Куманово, Музеј Д-р Никола Незлобиски- Струга, "Музеј на Тетовскиот крај"- Тетово, Историски музеј - Крушево и музеите во состав на Заводите во Охрид, Битола, Прилеп, Штип и Струмица.

Во временскиот период од 2006 година до 2011 година основани се повеќе нови музеи. Во јули 2008 година Владата на Република Македонија ги основаше Националната установа – Национален музеј на Македонската борба за државност и самостојност „ Музеј на ВМРО и Жртвите на комунизмот"-Скопје[58]и Националната установа „Спомен куќа на Мајка Тереза"-Скопје[59]. Во 2009 година е основана Националната установа - Музеј на Албанската азбука"- Битола[60]. Оваа установа има надлежност да врши заштита, истражување, собирање, средување, стручно и научно обработување и проучување на музејски предмети значајни за уедначувањето на азбуката на албанскиот јазик. Иако постои повеќе од 2 години овој музеј се уште не ги започнал своите активности.

Во 2010 година заради заштита, истражување, собирање, средување, стручно и научно обработување и проучување на предмети поврзани со ликот и делото на Тодор Проески, со Одлука на Владата на РМ од седницата одржана на 22. 02. 2011 година е основана Националната установа -„ Спомен куќа на Тодор Проески "- Крушево. Владата на Република Македонија на седницата одржана на 29. 06. 2010 година донесе Одлука за основање на Национална установа-Археолошки музеј на Македонија.

Археолошкиот Музеј се основа заради заштита, истражување, собирање, средување, стручно и научно обработување и презентирање на археолошки предмети од исклучително значење за Република Македонија. Археолошкиот музеј просторно ќе се смести во новата зграда на Уставниот суд која е во фаза на изградба.

Во Музејот на Македонија се уште постои и функционира посебна организациона единица – Археолошки музеј. Основањето на новата установа Археолошки музеј ќе треба да ја редефинира и поставеноста на Музејот на Македонија и оправданоста од постоење на два музеи со ист предмет на работа.

---

[57] Музеј на град Скопје, Народен музеј - Велес, Музеј и Галерија - Кавадрци, Музеј на град Кратово, Музеј на град Неготино и Народен музеј - Свети Николе

[58] Одлука за основање на Националната установа – Национален музеј на Македонската борба за државност и самостојност „Музеј на ВМРО и Жртвите на комунизмот"-Скопје „Службен весник на РМ" бр. 96/08

[59] Одлука за основање на Национална установа „Спомен куќа на Мајка Тереза"-Скопје „Службен весник на РМ" бр. 96/08

[60] Одлука за основање на Национална установа Музеј на албанската азбука - Битола Службен весник на РМ бр. 150/09

Во групата на музеи се додава и Уметничката галерија Тетово основана во јули 2007 година

Освен наведените музеи, од буџетот за музејската дејност се финансираат и 7 седум музејски збирки, 18 меморијални музеи, 16 спомен-соби и две зоолошки градини.

Во музејските установи се чуваат над 500.000 музејски експонати, меѓу кои голем број и на инвентарни единици на археолошки предмети

Од вкупно 21 музеј само неколку ги исполнуваат основните критериуми за самостојни музеи: да имаат работен и изложбен простор (сите заедно имаат 30.800 квадратни метри); неопходен стручен и административен кадар; музејски збирки; да имаат лаборатории за конзерваторско-препараторски третман за соодветните збирки, постојана музејска поставка и соодветно опремено депо за чување на предметите. Дури има и такви музеи кои не ги исполнуваат ниту основните услови за една музејска институција.

Иако согласно стандардите во музеологијата, дека еден музеј не може да ја оствари физиономијата на музејска установа без постојана музејска поставка која всушност е идентитет на музејот: во сите музеи во Македонија одвај има десетина постојани поставки, а во некои музеи дури и повремените изложби се реткост. Таков е случајот и со Музејот на современата уметност кој иако поседува вредна збирка на современи уметнички дела нема своја постојана поставка.

Централна установа во музејската поставеност има Музејот на Македонија - Скопје, со трите музејски одделенија за археологија, историја и етнологија. Постојната археолошка поставка содржи археолошки предмети кои датираат од палеолитот до 14 век, етнолошката поставка која ги опфаќа сите сегменти на македонското традиционално творештво и наследство и историската поставка која се однесува на историјата на македонскиот народ од 14 век до 20 век. Составен дел на овој Музеј е и галеријата на икони со 400 икони кои потекнуваат од почетокот на XIV до средината на XX век. Музејот на Македонија поседува изложбен простор од 6000 м2.

Консеквентно на динамиката на современото живеење, како и брзиот техничко, технолошки развој, позитивно е што дел од музеите го менуваат и прилагодуваат начинот и методологиите на работа. Во овој контекст тие се пофлексибилни, повеќе се прилагодуваат на потребите и желбите на

посетителите. Се повеќе посредуваат во комуникацијата меѓу посетителите и музејските предмети.

Во таа смисла музеите ја истакнуват својата едукативна мисија, како еден од фундаменталните приоритети за нивното функционирање и постоење.

И покрај евидентниот напредок во подобрување на условите за работа на музејот, само мал дел од музеите се доближија кон она што значи европски стандард во работа на еден музеј.

**Библиотечната дејност** е етаблирана како постојна и неодминлива компонента на културната, образовната и информативната структура на општеството, но е и важен дел на културното наследство.

Заштитата на библиотечните добра се остварува преку НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје 4 национални[61] и 14 локални библиотеки[62].

Вкупниот книжевен фонд на библиотеките изнесува околу 5. 000. 000 монографски и 1. 500. 000 томови сериски публикации како библиотечни единици. По глава на жител отпаѓаат 2,3 книги што е под минимум стандардите на УНЕСКО.

Во Националната и Универзитетска библиотека „ НУБ„Климент Охридски “ - Скопје меѓу другото, се чуваат: во Археографската збирка - 260 словенски, латински и грчки ракописи, во Ориенталистичката збирка 4. 519 ракописни книги и фрагменти и над 6. 800 печатени книги, во збирката на старопечатен, редок и специфичен материјал - околу 4. 000 книги и 196 наслови ретка периодика, во картографската збирка - 5862 насловни карти и 1390 атласи, како и голем број други библиотечни добра распоредени во соодветните збирки и посебни фондови.

Основни активности на библиотеките се набавка, чување, истражување, собирање, средување, стручно и научно обработување,

[61] НУУБ „Св. Климент Охридски - Битола, Библиотека „Григор Прличев“ - Охрид, Библиотека „Кочо Рацин“-Тетово и Библиотека “Гоце Делчев“-Штип

[62] Библиотека „ Браќа Миладиновци“-Скопје, Народна библиотека „Гоце Делчев“ - Велес, Народна библиотека „ Ванчо Прке“- Виница, Матична библиотека „Гоце Делчев“ - Гевгелија, Матична библиотека „Илинден“- Делчево, Народна библиотека „Феткин“- Кавадрци, Матична библиотека „Искра“- Кочани,Библиотека „Тане Георгиевски“ - Куманово, Матична библиотека „Страшо Пинџур“- Неготино, Матична библиотека „Кочо Рацин“ - Пехчево, Градска библиотека „Борка Талески“- Прилеп, Народна библиотека „ Браќа Миладиновци“- Радовиш, Општинска матична библиотека „ Благој Јанков-Мучето“ – Струмица.

давање на користење библиотечен материјал, прибирање, обработка и презентирање на информации и податоци за библиотечниот материјал.

Во последните години од особено значење за библиотеките е развојот на Библиотечниот автоматизиран информациски систем на Република Македонија, подобрување на телекомуникациската инфраструктура на поедините субјекти на системот, зајакнатата локалната сметачка инфраструктура на Централниот јазол во системот (Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски ").

Истовремено, како неопходност се наметнува и потребата од зајакнување на континуитетот во процесот на дигитализацијата на библиотечните фондови и нивна имплементација во базите на светските дигитални библиографски центри, односно асоцијации. Сето ова не само од аспект и во контекст на заштитата на библиотечниот фонд, туку и негово доближување до пошироката јавност, но и олеснување на научно – истражувачката работа на научната и стручна јавност

Заштита на аудиовизуелните добра се остварува преку единствената Национална установа-Кинотека на Македонија. Кинотеката на Македонија е установа која направи исклучително позитивен исчекор во својата работа.

Кинотеката на Македонија располага со: над 15000 филмски копии, повеќе од 72. 000 парчиња пропаганден материјал, фотографии и плакати, како и над 100. 000 документи пишувана граѓа, Во состав на Кинотеката е и специјализираната филмолошка библиотека со над 4. 000 книги и списанија за историјата и теоријата на филмот, 32. 500 прес-клипинзи како и повеќе десетици сопствени филмолошки списанија, списанието *Кинопис*, ДАТА-база, веб - страница за македонската кинематографија.

Од 2004 година на Кинотеката и се доделени нови работни простории, депо и киносала во објектот на библиотеката *Другарче* во скопската населба Карпош 3. Во овој објект се адаптирани работни простории, филмолошка библиотека, фототека, електронска монтажа, видеотека и филмолошка книжарница, изложбена галерија и киносала. Кинотеката поседува и кинотечна мини - музејска поставка којашто привлекува голем интерес меѓу посетителите на објектот. Во киносалата веќе скоро четири години се одвива редовна кинотечна програма значајна за развојот на филмската култура. Кинотеката има и оптимални услови за чување на националната продукција,

во депоа изработени според сите градежно-технички стандарди и меѓународни стандарди за чување филмови препорачани од светската асоцијација на филмски архиви - ФИАФ. Со тоа Кинотеката на Македонија се вбројува во малкуте светски кинотеки кои ги исполнуваат стандардите за чување филмови.

**Ликовната,** како и останатите дејности од творештвото, претставува значаен сегмент на културната идентификација на секоја средина. Притоа, дијапазонот на припадност на разни естетски принципи, блискоста со актуелните појави и тенденции во поширок контекст, недвосмислено упатуваат на вклученоста на оваа област во современите текови на глобалната сцена. Институционално, ликовната односно галериската дејност се остварува преку Музејот на современата уметност, Националната галерија на Македонија и Уметничката галерија во Тетово. Со оглед на тоа што овие установи покрај галериска дејност вршат и работи кои се предметни за музејското работење во Министерството за култура се водат како музејски установи.

Музејот на современата уметност во Скопје, во простор од 5.000 м2, располага со богата меѓународна збирка (4. 636 дела од 60 земји, во која се вклучени и македонските уметници) и Центар за документација и едукација. Колекцијата содржи два сегмента: меѓународен и национален. Меѓународниот сегмент на колекцијата ја рефлектира модерната уметност од скоро сите делови на светот. Најголемиот дел од збирката ја одбележува уметноста на 1950-те, 1960-те и 1970-те години, иако во неа се содржани околу сто дела на раната модерна уметност. [63] Покрај колекцијата, Музејот во своите простори организира и претставува врвни изложби и манифестации на македонската и странската уметност, разговори со

---

[63] Од најстарите експонати се издвојуваат оние на Емил Фила, Фернан Леже, Андре Масон и др. Од особено значење се делата на познатите светски имиња како: Пабло Пикасо, Ханс Хартунг, Виктор Вазарели, Александер Калдер, Пјер Сулаж, Хенрик Стажевски, Алберто Бури, Енрико Бај, Роберт Јакобсен, Етјен Ажди, Золтан Кемени, Роберт Адамс, Емилио Ведова, Антони Клаве, Георг Базелиц.

Националната збирка на Музејот овозможува следење на развојот на ликовна уметност во Македонија со сите нејзини специфичности, почнувајќи од средината на XX век со појавата на првата генерација современи ликовни уметници - родоначалници на македонската модерна уметност: Димитар Пандилов, Лазар Личеноски, Никола Мартиноски, Димо Тодоровски па се до генерациите што се јавуваат по Втората светска војна: Димитар Кондовски, Ристо Лозаноски, Петар Мазев, Душан Перчинков, Родољуб Анастасов,Танас Луловски, Јордан Грабулоски, Анета Светиева, Димитар Манев, Глигор Стефанов, Петре Николоски, Благоја Маневски, Јован Шумковски и др.

уметници, трибини, филмски и видео проекциии, предавања и разни други придружни активности.

Националната галерија на Македонија е најстара институција од овој вид, со простор од 2.000 м2 и со значајна збирка на дела од македонски уметници, но и на дела од некогашна Југославија (вкупно 1300 дела). Таа располага со три изложбени простори во Даут пашин амам, Чифте амам и објектот на Мала станица. Во еден дел од галеријата (објект Даут пашин амам) е сместена постојана поставка на македонската уметност од 14 - 20 век, која обединува повеќе аспекти, временски периоди и стилови почнувајќи од збирката на икони, профаното сликарство на Зографите Димитар Андонов Папрадишки, Ѓорѓи Зографски и Коста Вангелов, основоположничката генерација која ги удри темелите на современата македонска ликовна уметност (Д.П. Аврамовски, Л. Личеноски, Н. Мартиноски и Д. Тодоровски) потоа експресионизам, надреализам, посткубизам,магичен реализам и.т.н. заедно со појавата на нови ликовни творци. Покрај со оваа вредна збирка, Националната галерија располага и со колекцијата на македонски цртеж, македонска графика и колекција на поранешни југословенски автори.

## 5.2 Вработени во националните установи

Правата од работен однос во национална установа се регулирани во Законот за културата. Работен однос во национална установа за вршење уметничка,односно стручна работа по правило се заснова со склучување на договор за работа меѓу работникот и дирксторот на установата за период до пет години, за работни места утврдени со актот за организација и систематизација. На секои пет години за лицата за кои е склучен договор за вршење на уметнички,односно стручни работи во национална установа се спроведува со постапка за реаудиција – тестирање, односно –рецензија за обновување на договорот за наредните пет гоидини. Наведената одредба од Законот за културата која е во примена од 1998 година претставуваше соодветна основа за вработување на опредлено работно време во установите од областа на културата. Овој механизам не беше искористен.

Во Табелата 7 е даден бројот на вработени во националните установи со состојба септември 2011.

**Табела 7**

| Библиотеки | Музеи | Кинотека | Заводи за заш. на кул. нас. | Филмска дејност | Сценско-ум. | Драмска | Центри за култура и фолклор | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **232** | **360** | **35** | **221** | **21** | **479** | **441** | **535** | **2335** |

## 5.3 Инфраструктура во културата

За да може квалитетно да се извршуваат професионалните и стручните задачи со примена на најнови технологии, установите во културата е потребно да се оддржуваат во соодветна техничка и просторна опременост.

Долги години наназад не беа реализирани скоро никакви инвестициски вложувања во кутурата, наменети за изградба на нови објекти и адаптација на постојните.

Во последните три години Министерството за култура ја согледа потребата од подобрување на инфраструктурата во културата и постојано инвестираше во објектите, со цел создавање на пристојни услови за работа на уметниците и административно - техничкиот кадар во установите. За таа намена е зголемен Буџетот на Министерството за култура во делот на инвестиции.

За споредба, буџетот наменет за реконструкција и санација на објектите од областа на културата во 2005 година изнесуваше 26. 059. 226 денари во 2006 година 14. 581. 224 денари, во 2007 година изнесуваше 30. 232. 000 денари, во 2008 година 77. 300. 000 денари, во 2009 година 165. 300. 000 денари а во 2010 година 131. 600. 000 денари. Значјно е да се издвои дека во изминатиот период е реализирана изградбата на Музеј на Македонската борба, Спомен куќа на Мајка Тереза, Спомен куќата на Тодор Проески во Крушево а во фаза на изградба се Стариот театар во Скопје, Тетарот во Велес, Турскиот тетатар, Концертна сала на Македонската филхармонија.

# 6. Влијанието на националните установите врз севкупното остварување на културата и насоките за идниот развој на установите

## 6.1 Промените во културата и нивното влијание врз установите од областа на културата

Културата на современиот свет се одредува како феномен кој што суштински влијае и учествува во детерминирањето на општествените процеси. Некои теоретичари сметаат дека основната матрица на идните човекови конфликти ќе биде културата односно културните разлики, а не полето на економијата и политиката.

„Во развиените земји на Западот проблемот на економскиот развој е врзан за културните промени, а во неразвиените земји или земјите во развој (земјите на Третиот свет), проблемот се манифестира низ колизија на економскиот и политичкиот, како и општествениот развој, создавајќи дополнителна конфузија во системот на културните вредности. Земјите во развој и неразвиените земји се соочени со примарноста на улогата на културата, за да ја одбегнат несразмерноста во развојот на економската и политичката сфера“.[64] Обележје на македонскиот културен простор: е судирот на традиционалниот, соц-реалистичкиот и актуелниот вредносен модел.

Традиционалниот систем на вредности содржи: историски формиран менталитет, особено во однос на егзистенцијалните прилики, врзаност за примарните општествени групи, влијание на етно - религиозниот фактор како релевантен чинител на традиционално обоените културни модели. Во соц-реалистичкиот концепт се вбројуваат идеолошко - политичкиот инконструиран и наметнат начин на мислење и вреднување на општествената стварност, изместување на интересите на поединецот кон интересите на општеството (квази) егалитаризам, (квази) хуманизам, величење на автократско и тоталитарно влијание на државата.

[64] Петковска, А, „Есеи од социологијата на културата“, АЗ-БУКИ, Скопје 2009, стр. 14

Актуелниот или рецептен синдром на културни вредности укажува на свртеноста кон материјални вредности и потрошувачкиот менталитет, свртеност кон светот и кон универзални вредности што водат кон процесот на глобализација, вклопување на информатичкото општество и културата, мултикултурализам и интеркултурализам, политичка демократија. [65]

Критичкиот дијалог меѓу традиционалните и современите авангардни вредности претставува важен чинител на секое општество, па и на македонското. Современата култура е отворена за авангардни и експриментални уметнички движења, за нови креативни практики, за елитни и популарни и масовни облици на уметничко изразување и на интеркултурна комуникација.

Очигледно се соочуваме со нов концепт во кој културата се повеќе се разгледува низ призмата на економската оправданост, односно профитното постоење. Во овој контекст, културните добра се третираат како и сите други добра со нагласена специфика дека станува збор за производи од интелектуална природа. Во услови на оваа структура на пазарот, за сите производи, услуги, идеи почнаа подеднакво да важат законите на понудата и побарувачката. Од тука се поставува и прашањето, во колкава мера е димензионирана културата според потребите и можностите на сопствената средина.

„Во постиндустрискиот период културата како област го губи симболичко креативниот легитимациски карактер, а добива се повеќе карактеристики на продукциско - услужна и потрошувачка област. Дотолку повеќе примерите на неколку земји, пред се на Соединетите Американски држави и на Велика Британија покажуваат дека токму културната продукција е доменот на исклучителна ефикасност и висок профит, што се означува со терминот „Креативни индустрии“. [66]

„Поимот креативни индустрии опфаќа широк дијазапон на активности кои ги вклучуваат културните индустрии и сите културни или уметнички, научни, технички, технолошки продукции базирани на знаења и вештини.

---

[65] Петковска, А, „Есеи од социологијата на културата“, АЗ-БУКИ, Скопје 2009, стр. 19

[66] Драгичевиђ Шешиђ М, Драгојевиђ С. Менаџмент у турбулентним околностима Клио, Београд, 2005 стр 15.

Поимот културни индустрии се однесува на индустриите кои комбинираат креација, производство и комерцијализација на креативни содржини кои во основа се нематеријални, искажани пред се преку уметничка форма, без оглед за кој вид уметничко изразување станува збор. Културните индустрии најчесто вклучуваат создавање, заштита и презентација на уметнички дела и артефакти од сите категории на културно наследство; печатење; издаваштво и мултимедија; аудиовизуелни производи; фонограмски и кинематографски продукции; занаети, дизајн и друго"[67]

Несомено дека исклучително позитивен пример кој треба да приоднесе кон зголемени развојни аспекти во културата и кон системско поместување на секторот на културата во развојните сектори на државата е донесувањето на Стратегијата за развој на креативните индустрии.

Изменетиот социо - културниот контекст во кој се остварува културата нужно условува донесување на стратегиски акт за културата, во кој ќе се утврдат целите и приоритетите во културата и ќе се утврдат механизми за нивна имплементација. Културната политика како стратегиски акт за културата е инструментот преку кој државата го димензионира и позиционира својот однос спрема културата.

Во најопшта смисла на зборот под културна политика подразбираме осмислена политичка акција насочена кон одредени цели и задачи кои треба да се реализираат преку соодветни мерки, инструменти и практики. Утврдувањето на културната политика е сериозна и високостручна работа која подразбира теоретски познавања, практични искуства, мултидисциплинарен пристап, високополитичка свест и јасна визија. Не постои единствен и обврзувачки модел на културна политика. Секоја држава создава специфична културна политика. И покрај уникатноста на секоја културна политика сепак можат да се забележат извесни сличности меѓу културните политика на одредени земји, па затоа е можно да се формулираат одреден број на модели на културни политики.

Постојат барем шест основни модели на културна политика изведени врз основа на забележани сличности во културната политика низ земјите на различни стопански развиености, разни политички системи и културни

[67] Мапирање на креативните индустрии во Република Македонија, Министерство за култура, Британски Совет, Скопје, 2010, стр 8

традиции. За земјите како Република Македонија се вели дека се земји за кои е доминантен т. н „ модел на културната политика во земјите во транизција“[68] Овие земји најчесто се карактеризираат со нестабилност на политичките системи, нерешени економски односи, пораст на националните чуства, а во полето на културата установите се упатуваат на пазарот кои фактички и не постои, а интересот на публиката се намалува.

Една од клучните цели на Република Македонија е во идната културна политика да се залага за развојно поместување на културата, не само како обврска и интерес на културниот сектор, туку и на сите други сектори во државата. Културниот сектор треба да се имплементира во другите сектори, а другите сектори во културниот сектор. На овој начин се дефинира „одржливиот културен развој“, што треба да биде основна цел на новата стратегија за културата во Република Македонија за следниот петгодишен период.

Предизвиците на новото време, глобализацијата, новите технологии и вредносните ориентации, како и начинот на животот денес, на културата и даваат карактеристики на исклучително развојна сфера. Културата на денешницата е подрачје од кое извираат творечки односи и предизвици релевантни за вкупниот современ развој. Државата е должна да создава институционална рамка преку која ќе ги стимулира, помага, унапредува и да ги развива културните односи во општеството. Во функција на целосна интеграција на културата приоритетно е таа да се третира како дел од сите развојни планови на општеството.

*Несомено дека дека општествено политичките и економските промени* во изминатите две децении, имаат влијание и врз креирањето, развојот и постовеноста на установите. Новата културна политика е потребно да ги мотивира установите да се преструктуираат и да се прилагодат на предизвиците на новото време.

Прилагодувањето на установите согласно на новите постулати на „одржливиот културен развој“ претпоставува:

**1. *Редефинирање на програмските содржини на установите***

[68] Шешиќ Д. М. , Стојковиќ Б. „Култура, анимација, менаџмент, Темплум, Скопје, 2003

Установите е потребно преку систематски истражувања да ги идентификуваат културните потреби на граѓаните. Установите (менаџментот во установите) не само што треба да дејствуваат врз развивањето на културните потреби, туку мора да создаваат и услови за задоволување на оние што веќе постојат. Со атрактивна програма мора да го продлабочат интересот за нивното постоење и тој интерес да го одржуваат и зацврстуваат.

**2. *Воведување на современи технологии во установите***

Современите технологии во културата се експриментално средство за создавање на нови форми на културните изразувања во сите области на културата. Испреплетеноста на индустријата, уметноста и науката, синергијата на техничките помагала и креативната уметност се нов поттик за развој на уметностите. Современите технологии создаваат интерактивна комуникација и размена на информации помеѓу креаторите, учесниците во културата и креаторите на културната политика. Тие создадоа и нов правец во уметноста inter media art која ги опфаќа уметничките изразувања кои се резултат на уметничката инвентивност и информатичката технологија. .

**3. *Соодветна измена на начинот на управување со културата.***

Воведувањето на менаџментот во културата во поширока смисла на зборот ќе влијае врз изградбата на системот (моделот) на културно живеење, планирањето на културниот развој, планирањето на развојот на дејностите од областа на културата, на културните установи, производството и дистрибуцијата на културните дела, како и на културната соработка. Менаџментот во културата не само што има влијание врз развивањето на културните потреби, туку влијае и на создавањето на услови за задоволување на постојните културни потреби.

Воведувањето на менаџментот и маркетингот во институциите од областа на културата е потреба на современото време кое на културата и ги наметнува, пазарниот успех, економичноста и ефективноста во работењето. Значаен сегмент во работењето на културните установи е и кадровскиот менаџмент односно раководењето со човечките ресурси.

**4. *Територијална подвижност на установите***

Потребно е пренесување на културните активности од престолнината (градот) во поголем број локални и регионални центри (деметрополизација

на културата). Деметрополизацијата во основа има исти карактеристики како децентрализацијата, но се реализира со различни инструменти.

Имено со деметрополаризацијата националните установи ќе бидат обврзани во своите програми да имаат и проекти кои ќе бидат едноставни за презентирање на друга сцена надвор од матичната (програми од патувачки карактер).

**5. *Делегиран буџет на националните установи***

Централното одлучување на Министерството за култура во однос на користењето на буџетските средства во националните установи е потребно да се надмине преку воведување на „делегиран буџет на националните установи“ по принцип на доделување на утврден износ на средства потребни за работа на националните установи. Националните установи во согласност со проектираните средства самостојно ќе треба да донесуваат своја програма за работа на установата.

Со ваквиот начин на финансирање ќе им се даде можност на органите за раководење и управување на националните установи компетентно, стручно и самостојно да одлучуваат за активностите и да бидат одговорни за изборот и за реализацијата на проектите.

Истовремено, ќе се создадат услови директорите и кадарот во установите да се мотивираат да бараат дополнителни материјални извори, како донации и спонзорства, да остваруваат сопствени приходи преку давање квалитетни услуги, приходи од влезници, членарини и друго.

**6. *Деконцентрација во раководењето со установите***

Деконцентрацијата во раководењето со установите претпоставува проектите на установите да произлезат како резултат на тимска работа, со максимална искористеност и вклученост на целиот кадар, со учество на експерти и уметници и врз основа на разработена методологија на работа потврдена во практиката. Особено е значајна реализацијата на интердисциплинарните проекти.

***7. Развивање на програми за лица со посебни потреби***

Особено е значајно имплементирањето на ова право во однос на лицата со посебни потреби, за кои е од особена важност да се создадат предуслови за развој на нивното творештво и достапност до културните вредности преку обезбедување на технички пристапи до културните настани,

како и преку развивање на програми и проекти. Рамноправното вклучување на лицата со посебни потреби во културата ги надминува сите аспекти на нивна дискриминација и маргинализација.

Значајно е да се поттикнат и националните установи, каде што постојат можности, да остварат вработувања на овие лица.

***8. Континуирано стручно усовршување на кадрите***

Од особено значење за развојот на културата е перманентното остручување и усовршување на кадрите во културата, заложба која треба да се реализира, преку обезбедување на услови за унапредување во научни и стручни звања, учество на специјализации, семинари, советувања и соработка со домашни и странски невладини организации.

***9. Валоризација на стручниот и уметничкиот труд на вработените***

Трудот на уметничкиот и стручниот кадар во установите треба соодветно да е валоризиран.

Валоризацијата на стручниот и уметничкиот труд на вработените во установите од областа на културата, подразбира и етаблирање на етички норми во професијата, одговорност во работењето, наградување за завршената работа, одговорност и квалитетот во работата. Јавноста бара особена отчетност во работата, што е дополнителен импулс за развој на креативната енергија.

***10. Финансирање на установите со вон буџетски средства***

Финансирањето на културата е битен предуслов за нејзино остварување. Се уште поголем дел од средствата во културата се наменети за плати на вработените и материјални трошоци, а помалиот дел останува за програмските активности.

Министерството за култура покрај 111 установи од областа на културата од кои 62 национални и 49 локални установи финансира и голем број други корисници кои реализираат проекти од областа на културата. Обемната мрежа на културни установи и бројните други корисници на буџетски средства доведува до непродуктивна распределба на финансиските средства.

Економската основа и материјалните претпоставки на развојот на една установа е потребно да се прошират и со обезбедување вонбуџетски извори на финансирање.

а) издавање на слободниот простор во установата под закуп,

б) аплицирање со проекти во фондовите на Европската Унија,

в) аплицирање со проекти во УНЕСКО,

г) соработка со меѓународните фондации што финансираат културни проекти,

в) финансирање на проекти по пат на спонзорство,

г) засилен надзор над законското, наменското и квалитетно користење на средствата,

д) поквалитена евалуација на проектите,

ѓ) финансирање на проекти по пат на партнерство со локалната самоуправа,

д) обезбедување на средства по пат на јавно-приватно партнерство,

Со обезбедувањето на дополнителни приходи ќе се подобри содржината и економската кондиција на установите што ќе придонесе кон поквалитетен развој.

***11. Спонзорства и донации во културата***

Економската основа и материјалните претпоставки на културниот развој се прошируваат и со обезбедување на вонбуџетски извори на финансирање. Најчест извор на вонбуџетски извори на финансирање на културата, во светот се спонзорствата и донациите. Иако во законодавството на Република Македонија подолг период постојат законски основи за даночни ослободувања во културата, истите во доволен обем се уште не се втемелија како економска категорија во културата.

За да се мотивираат спонзорите и за да спонзорствата и донациите станат продуктивни во културата, во иднина ќе се направат напори овој институтот да се трансформира во економска категорија која на давателот, покрај морална сатисфакција ќе му обезбеди мотивирачки даночни привилегии.

Истовремено ќе се делува стимулативно, големите компании, својот престиж да го градат и како поддржувачи на културниот живот.

Донирањето на средства во високо квалитетни и препознатливи бреднови во културата треба да претставува посебен поттик за спонзорите и донаторите.

Во културата, како „пријатели на уметноста“ ќе се иницира инволвирање на успешните домашни и странски компании, кои преку донирање во културата ќе го градат сопствениот престиж. Во оваа насока потребно е, членови на управните одбори на националните установи да бидат претставници на релевантни успешни домашни компании.

***12.Воведување на стратешко планирање во управувањето со установите***

„Во установите од областа на културата присутен е проблемот на бирократизирана администрација,која не успева установите да ги трансформира во динамични, транспарентни, модерни и мобилни установи, со јасно дефинирана стратегија. Затоа е потребна промена во начинот на организирање и функционирање на овие установи, преку изготвување на стратешки планови за развој на установата.

Смислата на стратешкото планирање во турбулентна средина, планирање на иднината не е дел од логиката на работата на установата, бидејќи организациите се свртени кон решавање на конкретните ситуации и отстранување на воочените слабости. Друг проблем претставува и фактот дека во поголем број на земји во транзиција и земји во развој, подрачјето на култура се смета за дел од широко сфатена традиција и идентитет, а установите за сигурни места на нивното зачувување, и кои не сметаат дека содржините и насоките на нивната работа се подложни на преиспитување. Оттука и самата метода на стратешко планирање се доживува како опасност наметната од надвор, која ги зголемува, наместо да ги намалува турбуленциите во дадената средина. Затоа подготовката на стратешко планирање е инструментот кој ги гарантира добиените знаења и вештини во почетокот на процесот на подигање на капацитетот кои ќе бидат не само имплементирани, туку на вистински начин искористени за развој на организацијата. Инаку, почетната мотивација на кадарот во организацијата може да прерасне во апатија, бидејќи ќе се покаже дека тие знаења се бесмислени во околината која не ги прифаќа, или во кои условите за работа се менуваат секојдневно.

Постои уште една причина за доведување на прашањето за осмислување на стратешкиот план, а тоа поставување на прашање за кого се создава и кој ќе го користи.

Причините во прилог на праксата на долгорочно стратешко планирање дури и во турбулентни средини се многубројни, меѓу кои се издвојуваат:

- Постигнување стабилност и сигурност на организацијата;
- Подобра подготвеност за реагирање на неочекуваните појави од околината;
- Поголема флексибилност и подготвеност за промените;
- Подобри преговарачки позиции на организацијата;
- Поголем кредибилитет и препознатливост на организациите во околината;
- Зголемен квалитет на програми.

За јавните установи од културата стратешкиот план е особено значаен, бидејќи практично тоа е единствениот инструмент кој им наметнува преиспитување на постоечките програми и начинот на работа, и бара нова насока кон иднината и нови, иновативни стратегии".[69]

## 6. 2. Предефинирање на мрежата на националните установи

Глобално во Република Македонија редефинирањето на мрежата на установи од областа на културата не секогаш се вршело врз основа на претходни анализи, евалуација на степенот на задоволување на културните потреби, обемот на финансирање на установите, нивните административни капацитети, подготвеноста на сопствена продукција, разновидноста на културниот живот.

Постојниот систем на доминантно институционално остварување на културата претставува извор на многу проблеми, пред се заради нееднаквата положба меѓу етаблираните институции, слободните творечки асоцијации и слободните творечки индивидуи, особено во поглед на достапноста на материјалните, технолошките и просторните погодности.

---

[69]Драгичевић Шешић М , Драгојевић С Менаџмент у турбулентним околностима Цлио, Београд, 2005 стр 94-97.

Поголемиот дел од установите имаат застарена организациона структура која се одликува со гломазност, неефикасност и слаба ефективност.

Мрежата на националните установи но и самите национални установи во иднина е потребно да се реобликуваат со примена на научни методи врз основа на кои ќе се утврдат потребите за задоволување на културните потреби преку установите, методите на нивно откривање, средствата и техниките на откривање, организацијата на субјектите, начинот на сублимирање и верифицирање.

За реализација на оваа заложба ќе биде потребно да се изготви комплексна анализа, која ќе даде детални параметри за идната мрежа на национални установи.

Мрежата на национални установи брои 62 национални установи. Најбројна категорија на национални установи се **центрите за култура.** Нивното позиционирање во мапата на културни установи во ново воспоставените околности не е сосема јасно. Тие се мултифункционални, со капацитети за концертна активност, за изведување на драмски дела и за реализирање на изложбени активности. Најчесто реализираат културни активности изведени од аматерски здруженија или изведувачи.

Територијалната разместеност на центрите за култура, во функција на утврдување на соодветните модели за вршење на дејност треба да биде разгледана од аспект на бројноста и структурата на населението, културните потреби и капацитети на подрачјето, застапеноста на други институции/субјекти во културата. Едно од решенијата кои ќе доведат до порационално и поекономично раководење со институциите е можноста сите домови/центри на култура да се обединат во дирекција за центри за култура односно во една национална установа, а центрите да бидат организациони единици, со специфики за секое подрачје. Потребно е да се преоцени дали центрите за култура треба да се децентрализираат, и кои сегменти од нивната работа можат да останат во надлежност на државата и да се утврдат како од национален интерес. [70]

---

70 Во Франција домовите на културата се симбол на политичката децентрализација на културата. Тие придонеса за развивање на локалниот културен живот во внатрешноста, врз база на сопствените традиции и кадровските потенцијали.

Исто така значајна придобивка од аспект на идното функционирање на центрите на култура независно дали тоа ќе биде на централно или локално ниво е можноста за реактивирање на киносалите во рамките на центрите за култура, како и можноста за нивна дигитализација (постепено и фазно) што ќе овозможи побрза, полесна и поефтина дистрибуција и кинoприкажување во РМ.

Исто така во рамките на центрите за култура треба да се подржуваат новите изразни форми кои во голема мера значат мултимедијални уметности кои се баланс помеѓу современиот уметнички израз, технолошкиот развој и придобивките од него.

Во музичко-сценската дејност трите установи Македонска Опера и Балет, Македонска филхармонија и Фестивалот Охридско лето се установи кои се матични во музичко-сценската дејност, единствени од својот карактер и кои имаат координирачка функција во музичко-сценската уметност во однос на останатите установи. Со својата програмска активност и врвни културни дострели даваат значаен придонес во музичко-сценската уметност. Тие и во иднина треба да останат национални установи кои својот иден развој треба да го градат преку зајакнување на потенцијалот за одржливост; задолжителна изведба на дела на македонски композитори; присуство на домашни уметници, афирмирање на млади уметници; присуство на афирмирани светски уметници,презентирање на музичко творештво со стилска и жанровска разновидност кое поттикнува изведба на нови форми и изрази;регрутирање на нова музичка публика, афирмација на културата на заедниците,презентирање на програмите низ РМ. Во рамките на функционирањето на Македонската Опера и Балет, клучна е потребата од надополнување на балетската сцена со професионален современ танц што ќе значи воспоставување на чекор со светските танцови трендови и стандарди, стимулирање на нови танцови изрази, дејствување и развивање на македонското кореографско творештво како спој на нашата извонредна танцова историја и традиција и современото танцово творештво.

Во рамките на националните установи треба да се поддржува македонското творештво со што ќе придонесе за збогатување на фондот на национални дела во рамки на севкупното македонско творештво.

Исто така е потребно да се направи дигитализација на македонското музичко творештво со што ќе се создаде база на податоци, податна за културолошки истражувања.

„Македонскиот театар во втората половина на 20 век се развиваше низ бројни сценски иновации и театарски експрименти, вградувајќи ги во себе и во својата театарска традиција на органски начин, искуствата на најрелевантните и најавангардните на светскиот театар. Нашите драмски писатели, режисери, актери, сценографи и костимографи, не беа заробеници на регионалните туку на европските и светските критериуми, затоа што кај нив дури и оние, т. н. „регионални теми“ кои беа сценски претставени, имаа универзална звучност, станувајќи дел од европските вредности. . . Ете што можела уметноста на еден мал народ! Да се вгради во големите уметнички достигнувања на т. н. големи европски народи и култури и да и да биде составен дел од нив“[71]

Во почетокот на 21 век,несомено македонскиот театар се етаблираше во редот на светски профилираните театри но истовремено бројот на **национални театри** ја достигна бројката од 15 театри, што по глава на жител е најголема бројка на државни театри во Европа. Со оглед на тоа што театрите имаат потенцијал на самоодржливост, најголем дел од театрите треба да се децентрализраат. Дел од театрите можат својата функција да ја остваруваат и по пат на јавно приватно партнерство со други приватни театри.

Исто така, Министерството за култура при подготвувањето на програмите на комплексните претставувања во странство и во иднина е потребно да води сметка за вклучување на театарски претстави на македонските театри со веќе потврдена меѓународна афирмација. Воедно дел од тетарската продукција е потребно да се реализира на начин што ќе се оствари соработка со познат странски драмски автор, режисер или актер кој ќе работи на одреден театарски проект во земјата, со интенција ангажираниот автор да помогне во промоција на истиот проект во странство.

---

[71] Старделов Ѓ. Естетички прерогативи на македонскиот театар-20 век, Театарот на почвата на Македонија, Македонска Академија на науките и уметности, Скопје, 2007, стр. 13

Остварувањето на правото на информираност е едно од основните слободи и права на човекот и граѓанинот, а **библиотеките** се место каде се чува творештвото и каде има непречен протек на информации за библиотечните фондови. Со оглед на малата бројка на државни библиотеки тие треба да продолжат да функционираат како национални. Националните установи - јавни библиотеки е потребно да се промовираат како центри на информатичкото општество и центри за промоција на читателска култура. Тоа претпоставува и модернизација на библиотечниот фонд односно истиот да биде актуелен и флексибилно прилагоден кон потребите на читателите и целите на националната културна политика во оваа област. Комплексниот библиотечен фонд претпоставува покрај печатени книги и соодветна збирка на аудиовизуелни медиуми, како и развивање на интеренет култура и одржување на информативни извори.

НУБ „Св. Климент Охридски" Скопје и другите национални установи - јавни библиотеки треба да им обезбедат на корисниците директен пристап до електронските дата бази (особено до периодика и до научна литература), материјали од значење за државата како е-администрација, е-култура, е-образовни програми, е-здравство, е- даноци) кои што се потребни во секојдневниот живот. Библиотеките е потребно да го модернизираат начинот на давање на информации и комуникациска технологија за развој „он лине" сервисот. Во време на информатичко општество библиотеките мора да го следат технолошкиот развој. Мора да се обезбедат технички предуслови кои ќе им овозможат на корисниците брз пристап до интернет и електронски извори како и далечинско користење на библиотеките.

Новото рекомпонирање на мрежата на националните установи не претпоставува само нивно децентрализирање, туку и согледување на потребата од евентуално основање на нова установа. Така во **издавачката дејност** е потребно да се основа нова национална установа Центар за книгата - преку кој книгата би го започнала својот живот и би ја извршувала својата културна, духовна и социјална функција.

Центарот за книгата на Република Македонија би бил носител на изготвувањето и реализацијата на стратешките цели во областа на издаваштвото.

Современите гледишта за развој на музеите, добриот музеј го дефинираат како институција со јасна и одржлива визија за сопствениот придонес што го дава кон развојот на општеството.Музејот на денешницата и на иднината мора да одговори на зголемените интелектуални потреби. Значајно е и државата како основен финансиер на музејот да може да го види бенефитот на средствата потрошени за неговата работа.

Глобално може да се утврдат пет вредносни карактеристики како основни компоненти кои го дефинираат музејот:

- Одлика: Да се испорача најдобра услуга и производи од својата работа поврзана со сознанија за културното наследство за сите генерации;
- Креативност: Да воведе работа со имагинација и иновација;
- Откритие:Да истражат и донесат на виделина нови знаења и идеи и да се подобри начинот на работење;
- Интегритет;да се носи со работите со најголема одговорност; и
- Услуга: да биде од корист за јавноста и заинтересираните страни.

Развојот на **музеите,** односно музејската дејност во иднина ќе се движи во насока на исполнување на стандардите во музеологијата, нивно осовременување и доближување до пошироката јавност како главен аргумент во развивање на концептот за популаризација и промоција на културните вредности кои го допираат сегментот на музеологијата.

За да ја исполни и осмисли својата улога, музејот мора да воспостави комуникација со средината во која се наоѓа, односно да работи на развивање на интеракцијата со средината како метод за подигнување на свеста за значењето на културното наследство, неговото одржување и сочувување за следните генерации.

Во таа смисла музеите ја истакнуват својата едукативна мисија, како еден од фундаменталните приоритети за нивното функционирање и постоење.

Во следниот период потребна е поголема посветеност кон развивање на новите форми за активно популаризирање на музејските предмети.

Притоа е потребно да се поддржи развојот на новите музејски форми, како технички музеи, музеи на архитектурата, театролошки музеи, музеи - галерии на истакнати поединци уметници кои дале особен придонес во развојот на македонската уметност.

Во постојните музеи е потребно да се воведе информатичката технологија (обработката на податоци да се врши електронски), да се отворат нови работни места за педагози. Музеите е потребно да ги интегрираат музејските проекти во вкупната понуда на знаење и информации за наследството на одредена територија и негово поврзување со културниот туризам.

Мрежата на 21 музеј е обемна и постојат предуслови дел од музеите да се децентрализираат.

Културното наследство е еден од главните атрибути за препознатливост и промоција на Република Македонија во рамките на културните мапи на Европа. Поаѓајќи од овие аспекти националниот интерес во заштитата и зачувувањето на културното наследство е интегрираниот пристап на заштитата на сите видови културни добра, кој овозможува пошироко поврзување со нивните духовни и социјални вредности.

Современите гледишта за заштита на културното наследство, во согласност со еволуцијата на протективната свесност ја наметнуваат и потребата од воведување на нови стандарди, пред се како резултат на брзиот и динамичен развој на општествата и развојот на новите технологии.

Основна алатка во управувањето со културното наследство е неговото идентификување. Во таа насока конзерваторските центри треба континуирано да ги извршуваат активностите за идентификација на културното наследство, воспоставување на заштита и категоризација.

Со непосредна заштита на културното наследство се создаваат услови за негово опстојување, задржување и зачувување на неговиот интегритет, но и за негово потенцирање како ресурс за задоволување на културните, научните, едукативните, естетските, верските, економските, туристичките и другите потреби на стручната, научната јавност, граѓаните и општеството. Од тука, во следниот период конзерваторските центри треба во засилен обем да ги извршуваат нивните законски надлежности кои се однесуваат на

преземање мерки за конзервација, реставрација, реконструкција на културното наследство.

Една од клучните претпоставки за севкупниот развој во организациона поставеност на остварување на заштитата на културното наследство е реализирање на законски предвиденото раздвојување на постојните институции, заводи и музеи во Охрид, Битола, Прилеп, Струмица и Штип во надлежни установи за заштита на недвижното културно наследство, конзерваторски центри и надлежни установи за заштита на движното наследство, музеи. Реализирањето на оваа законска одредба и стручно и научно заснована организациона поставеност во дејноста, треба да биде врвен приоритет како во поглед на обезбедување на просторни услови и опрема, така и со оглед на неопходното кадровско екипирање за функционално остварување на заштитата на односните видови културно наследство.

Од сондажните истражувања е констатирано дека иако постојат минимални услови за раздвојување на досегашните институции (Заводи и Музеи) од аспект на просторни можности, од аспект на остварување на непосредната заштита (санација и конзервација на сакрални и профани споменици,конзервација на фреско живопис, археолошки истражувања, конзервација на мозаици и друг вид движни предмети (икони, иконостаси, владички тронови, друг вид црковен мебел) не постојат никакви услови, заради проблемот со минимална кадровска екипираност на институциите (недостаток од конзерватори/препаратори за сликани техники, дрво, камен, стакло, метал, текстил и монети).

Остварувањето на заштитата на културното наследство е тесно поврзано и условено со создавањето на дигитална содржина втемелена на современите информатички технологии, долгорочна искористливост и одржливост и приклучување кон европските политики и стратегии за изградба на информатичко општество, како и можност за интензивирање на соработката со земјите од регионот на полето на дигитализација на културното наследство и заеднички настап во програмите кои се во рамките на УНЕСКО и Европската Унија.

Исто така, управувањето во заштитата на културното наследство треба да е со примена на соодветни методи (социокултурна анимација), како

и со осмислување на соодтветната општествена употребна вредност на споменициите на културата како основа на културниот идентитет на одреден град, регион или држава.

Генерално оценка е дека институциите од областа на заштита на културното наследство треба да ја редефинираат својата посебна улога во општеството бидејќи нивната работа не е взаемно координирана и поврзана и тие работат без чисти цели и визија за развој. Можеме да кажеме дека современите институции (библиотеките, музеите, галериите, конзерваторските центри ) се едни од најважните инструменти на модерната културна политика, неопходни произведувачи на позитивен однос на јавноста кон културата. Со наследството кое го заштитуваат, тие испраќаат пораки до јавноста со кои ја учат да ги препознаат вредностите, тие посредуваат кон мудрост и откриваат старо знаење и технологии. Тие ја откриваат економската вредност и создаваат нови работи. Тие треба да обезбедат продолжување на животот на културното наследство во нови современи облици и одржлив развој (по динамично претставување, умерена комерцијализација на просторот, повеќе место за живот и работа, наспроти посета и разгледување.

И музеите и конзерваторските центри се дел од културно-информативниот пејсаж. На меѓународно рамниште постојат зголемени тенденции за создавање на мрежи на музеи и културно наследство. Овие тенденции бараат интегративни и интегрални перспективи за наследството. Европската заедница предлага да се именуваат со еден широк термин како „организации за културна меморија“

Заштитата на културното наследство и во следниот период е потребно да остане под надлежност на државата и 8 конзерваторски центри и установата за управување со археолошкиот локалитет „Стоби“ треба да остане под надлежност на државата за што постојат повеќе причини.

Организацијата на системот на посебната заштита на културното наследство, претпоставува постоење на посебни установи (конзерваторски центри односно заводи), екипирани со стручен кадар од различни специјалности (конзерватори за ликовни техники, архитекти, етнолози, историчари на уметноста и друго). Во таа смисла, постојните технички, кадровски и просторни услови не овозможуваат дисперзија на

организационите капацитети во заштитата на недвижното културно наследство и формирање на вакви посебни установи на локално ниво.

Но истовремено во оваа област е потребна постепена децентрализација и деконцентрација во управување со недвижното културно наследство преку зголемување на ингеренциите на локалната самоуправа, како и преку стимулирање на приватната иницијатива во конзервацијата и реставрацијата на културното наследство.

Воедно, потребна е и поддршка (субвенција) на приватните конзерваторски работилници, мали специјализирани претпријатија, ателјеа за проектирање и изведување, специјализирани занаетчиски претпријатија и работилници, како и мали претпријатија и работилници за производство на градежни материјали што се користат во конзервацијата.

Новите предизвици на 21-от век и рапидниот технолошки развој, забрзано промовираат нови форми на ликовното изразување, кои наметнаа потреба од менување на класичните галериски услови за презентација на ликовните проекти. Со цел за подобрување на условите за развој на ликовната уметност и нејзина презентација, од круцијална важност е осовременување на постоечките галериски простори на Музејот на современата уметност и на Уметничката галерија на Македонија, но секако и отворање на нови.

Покрај тоа за да овие изложбени простори бидат атрактивни потребно е и соодветно да бидат опремени на начин со кој ќе се овозможи нивна современа презентација.

Секако пожелно е да се иницира и отварање на нови галериски простори во Битола, Струмица и Охрид, кои може да се реализираат во рамките на постојните национални установи кои постојат во овие градови.

Во однос на филмската дејност истата е потребно да продолжи да се реализира преку Филмскиот фонд на Република Македонија со тоа што треба да се создадат услови за континуирано филмско производство но и да се обезбедат услови за производство на мнозински и малцински ко-продукции со цел зголемување на обемот на производство на филмски проекти на годишно ниво.

Установата „Вардар филм“ со оглед на повеќегодишната блокирана жиро сметка е потребно или да престане со работа со оглед на тоа што во 21

век не е потребно да постои државен продуцент или да се пререгистрира како техничка база на филмови.

Кинотеката на Македонија своите насоки за развој на дејноста која ја врши треба да ја усогласи со природата на аудиовизуелните медиуми и принципите за заштита на аудиовизуелните добра при што главно би биле насочени кон прибирањето, евидентирањето, каталогизирањето, чувањето, заштитата, стручното и научно обработување, истражувањето, користењето и прикажувањето на аудиовизуелните добра. Заради зголемување на нивната употребна вредност и создавање на услови за нивно натамошно користење, покрај тоа што треба да се направат аналогни копии на македонските филмови тие треба и да се дигитализираат. Заради значењето на филмската уметност во градот Битола, Кинотеката е потребно да отвори посебна организациона единица во градот на Браќата Манаки.

Следејќи го националниот интерес во културата и новите сознанија и технологии треба да се поставуват насоки кои ќе ја проширувaат и продлабочуваат дејноста на заштита на аудиовизуелните добра, ќе ја подигаат стручноста, мотивацијата и квалитетот на работата како претпоставки за подигање на филмската култура, свеста за заштита на аудиовизелното културно наследство, окрепнување на националниот идентитет и меѓународна афирмација на аудиовизуелното наследство на нашата земја.

## ЗАКЛУЧОК

Културата е фактор кој го поттикнува цивилизацискиот развој, ја зголемува општествената кохезија и го дефинира имиџот на една држава во меѓународни рамки.Современите концепции ја дефинираат културата како исклучително важен фактор на општествениот развој.Развојот на државата е пропорционален со развојот на културата.

Актуелните културни политики артикулираат две барања во културата: од една страна да се зголеми поддршката што ја дава државата во остварувањето на традиционалните форми во културата, а од друга страна да се создаде таков општествен и институционален амбиент кој ќе овозможи имплементација на новите технологии во сферата на културата и уметноста и ќе го поттикне развојот на креативните индустрии, културниот менаџмент и маркетинг, приватните и алтернативните иницијативи, како и независната културна сцена.

Комплексноста на културата претпоставува континуирано поттикнување на наследениот традициски и етнокултурен идентитет на македонската држава, мултикултурната реалност на македонското општество, естетскиот плурализам на уметничките вредности и социјалната функција на државата.

И идентитет на Европската Унија е одбележан со културниот диверзитет кој го сочинуваат нејзините држави членки, но и од заедничкиот културен и цивилизациски интерес на сите земји - членки. Македонското културно наследство е дел од европското и светското културно наследство, заради што има и општо цивилизациско значње и е важен фактор во дефинирањето на Република Македонија во меѓународните гео-политички констелации.

Генерално за крајот на 20 и почетокот на 21 век карактеристични се три основни модели на културни политики и модели на делување во културата. Културниот дифузионизам (создавање на услови за уметничко творештво и негова дифузија и комуникација со цел за зацврстување на националниот културен идентитет кој што е карактеристичен за шеесетите години на 20 век), културен функционализам (создавање на услови за подемократски културен живот, карактеристичен за седумедесетите и

осумдесетите години на 20 век) и културен меркантализам ( виока економска либерализација на уметничкиот производ, третирање на уметничкиот производ како и секој друг производ на кој вредноста му се мери со успехот на пазарот).

Тлото на Република Македонија е историски поврзано за присуство и коегзистенција на цела низа културни модели кои го дефинираат нејзиниот специфичен културен идентитет и континуитет. Историски и културата поминала низ повеќе развојни облици.

Тоа што е карактеристично за сите постсоцијалистички земји, вклучително и за Република Македонија е дека беа приморани за релативно краток период да воведат голем број на системски измени без притоа да имаат време и можност со симулација да ги предвидат и да ги проверат нивните последици.Сето тоа резултираше се неможност да се најдат соодветни системски решенија како траен одговор на одредени проблеми.

Општествено политичките и економските промени во изминатите две децении, имаат влијание и врз креирањето, развојот и поставеноста на установите. Делувањето и организацијата на установите секогаш било соодветно и усогласено со амбиентот во кој делувале.

Новата културна политика е потребно да ги мотивира установите да се преструктираат и да се прилагодат на предизвиците на новото време.

Државата треба не само да обезбеди широка понуда на културни услуги, но исто така да преземе улога на иницијатор, промотор и регулатор на односот меѓу јавните институции и организации од непрофитниот и приватниот сектор кои придонесуваат кон унапредување на уметничките креативни обиди и до јавниот пристап кон широкиот опсег на пренесување на културните ресурси и вредности.

Република Македониа треба да создаде оптимални услови за стимулирање и развој на креативноста како и развој на вештини кои би имале соодветен придонес во економскиот развој на државата. Поддршката на развојот на креативните индустрии преставува најзначајна алтка во системот на развојот на културата.

Основен фундамент на културата на 21 век е интеркултурната комуникација, како предуаслов за социо - културна хомогенизација на општеството и за поефикасно и поекономично функционирање на државните

институции и на државата како целина. Принципите на слобода на уметничкото творештво и еднакви можности за пристап до културата произлегуваат не само од културните политики на диверзитет и мултикултурализам, туку го поттикнуваат творечкиот и интеркултурниот дијалог кој не познава етнички, родови и верски бариери.

Потребно е да се создаде амбиент за култура на „отворање“, дијалог, интеркултурни допири и зближени култури. Културата треба да биде простор на осовремена комуникација и на надминување на разликите, а не фактор кој ќе генерира постојани разлики и отсуство на интеркултурна комуникација. Културни политики кои ќе ги исклучат различните видови дискриминација – етничка, верска, родова и др. Владеење на начелото на врвен уметнички квалитет, а не на етнички клуч (надминување на периодот на позитивна дискриминација).

Културата не смее да биде параван или параден механизам за поддржување на примитивните и ефермните политички цели, ниту за остварување само на комерцијални цели, туку таа ја претставува есенцијата на функционирањето и напредувањето на човештвото. [72]

Ако за културата велат дека е „систем на системите“, установите се секако еден од нејзините најзначајни подсистеми. Заради тоа тие и во иднина треба да бидат двигател на одржливиот културен развој и на интеркултурниот дијалог.

Редефинирањето на посебната улога на установите во општеството треба да се направи со примена на научни методи врз основа на кои ќе се утврдат потребите за задоволување на културните потреби преку установите, методите на нивно откривање, средствата и техниките на откривање, организацијата на субјектите, начинот на сублимирање и верифицирање.

[72]Петковска, А, „Есеи од социологијата на културата“, АЗ-БУКИ, Скопје, 2009, стр. 49.

# Користена литература при изработка на трудот:


1. Ачкоска, В. *Лекции од историјата на современата македонска држава 1944-1991 година.* 2011. Универзитет „Св. Кирил и Методиј". Скопје.
2. *Археолошко богатство на Македонија и неговата заштита,* 1998. *Скопје:* Фондација за култура на Македонија
3. Berns V. *Menadzment I umetnost*, 2009. CLIO. Beograd. Srbija
4. *Водич за граѓанско учество во развојот на локалната културна политика*, 2008. Скопје. Мултимедиа
5. Гелнер, Е. *Нациите и национализмот,* 2001. Скопје. Култура
6. Dragičevič-Šešič M. / Dragojevičj S, *Menadžment umetnosti u turbulentnim okolnostima*, 2005. CLIO. Beograd. Srbija
7. *Дебати за културата-граѓанска иницијатива,* 2005. Скопје. ЦИУ-Мултимедиа
8. Драгичевиќ, М. / Стојковиќ, Б. *Култура, Анимација, Менаџмент, Маркетинг.* 2003. Скопје. Темплум
9. Диковска, М. *Нормативно регулирање на културата-збирка на прописи,* 1998.Скопје. Дирекција за култура и уметност
10. Георгиевски, М. *Манастирските библиотеки и читалишта во Македонија до 1912,* 1975. Скопје. Мисла.
11. Цветанова, Г. *Културните разлики и општествената интеграција-Македонија пред и по Рамковниот договор*, 2007. Скопје: Институт за економски стратегии и меѓународни односи
12. *Индустрии на развојни аспекти,* 2002. Скопје: Фондација Институт отворено општество
13. *Театарот на македонската почва-енциклопедија,* ЦД-ром, 2002, Скопје. Институт за театрологија
14. Јурукова, Н. *Културно-просветни појави и процеси во Македонија (1944-1953*), 2003. Скопје. Институт за национална историја.
15. *Културата в срце,* 1999. Совет на Европа
16. Кандински. В. *За духовното во уметноста,* 1995. Скопје, Култура
17. Манди, Сајмон. *Културна политика, Краток водич. 2000*, Скопје: Скопје. Фондација Институт отворено општество
18. *Македонско културно наследство, Христијански споменици,* 2008, Скопје, Министерство за култура, Управа за заштита на културното наследство
19. *Македонско културно наследство, Археолошки локалитети,* 2008. Скопје. Министерство за култура. Управа за заштита на културното наследство.
20. *Македонско културно наследство, Охрид светско наследство,* 2008. Скопје. Министерство за култура. Управа за заштита на културното наследство
21. Марстајн Џ, *Нова музејска теорија и пракса Вовед,* 2009. Скопје Нампрес.
22. *Методи за хармонизација на националното законодавство со правото на Европската Унија*. 2009 Скопје МАНУ,
23. Миљковиќ, Ѓорѓе, *Музејската дејност во Македонија,* 2001. Скопје. Менора

24. Петковска, Антоанела. *Есеи од социологијата на културата,* 2009. Скопје. Аз-буки
25. Петковски, Борис. *Музеј на современата уметност-Скопје (1964-1976).* 2001. Скопје: Досие МСУ
26. Петковски, Борис. *Музеј на современата уметност-Скопје (1964-1976).* 2001. Скопје: Досие МСУ
27. Ристов, Јован. *Инструменти за заштита на културното наследство,* 2008. Скопје: Друштво за издавачка дејност „Принт поинт"
28. Ристов, Јован. *Споменичко право во Македонија, Том 1,* 2003. Скопје: Култура
29. Ристов, Јован. *Превентивен режим на археолошките истражувања и случајните откритија*, 2006. Битола: НУ- Завод и Музеј-Битола
30. Ристов, Ј. / Илиевска, В / Диковска, М. *Избор на прописи за заштита на културното наследство,* 2005. Скопје: ИКОМОС
31. *Реформата на институциите и нејзиното значење за развојот на Република Македонија,* 2009, Скопје, МАНУ
32. Стефановски Р. *Театарот во Македонија,* 2009. Скопје. Југореклам
33. *Театарот на почвата на Македонија 20 век*, 2007. Скопје. МАНУ
34. *Темелни акти на УНЕСКО за заштита на културното наследство, ИКОМ,* 2006. Скопје
35. *Чин на урамнотежување-21 Стратешка дилема во културната политика,* 1999. Совет на Европа
36. *60 години Национална галерија на Македонија.* 2008. Скопје: Национална галерија на Македонија
37. *Cultural research in Europe,* 1996. Amsterdam: Boekman Fondation and Cicle
38. Leontine Mayer/Mensch, Peter van Mnesch. *New trends,* 2012. Celje. Slovenija
39. Wiesand A, *Drzava culture Individualni muzej*, 2006. BalkanKult, Novi Sad. Srbija.
40. *Key concepts of Museology,* 2009. ICOM

***Други извори:***

1. *Информација за актуелните состојби и проблеми во сферата во културата. 1996. Собрание на РМ*
2. *Културна политика во Република Македонија- Национален извештај, Министерство за култура 2000 година*
3. *Национална програма за културата за период 2004-2008 година, Скопје, Министерство за култура,*
4. *Национална програма за културата за периодот 2001-2005 година, Министерство за култура 2002 година*
5. *Напомени за актуелните услови за културата и вкупната културна политика, Министерство за култура, 1998 година,*
6. *Приоритети во културната политика во Република Македонија 2003-2006, Министерство за култура,*
7. *Основи на долгорочна културна политика на Република Македонија 2003-2006. 2003. Министерство за култура*
8. *Регистар на прописи во Република Македонија –Службен весник на Република Македонија*

9. *Guidance on the development of legislation and administration systems in the field of cultural heritage, Council of Europe, Strasbourg, 2000*
10. *www. kultura.gov.mk*
11. *www.ccp-macedonia.gov.mk*
12. *www.coe.int.com*
13. *www.unesco.org.com*